ЗОРАН МАТЕВСКИ
КСЕНОФОН УГРИНОВСКИ

# СОЦИОЛОГИЈА

## ЗА I ГОДИНА

## СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ
(СИТЕ СТРУКИ)

**РЕЦЕНЗЕНТИ:**

**Проф. д-р Илија Ацески,**
редовен професор на Институтот за социологија
при Филозофскиот факултет – Скопје

**М-р Виолета Стојановиќ,**
професор во ДСУ Гимназија „Никола Карев“ – Скопје

**Јане Бончаноски,**
професор во ДСУ Гимназија „Јосип Броз -Тито“ – Скопје

ЛЕКТОР:
**Елена Тошева**

ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ПОДГОТОВКА:
**МагнаСкен, Скопје**

**Издавач**: Министерство за образование и наука за Република Македонија

**Печати**: Графички центар дооел, Скопје

**Тираж**: 2.700

Со одлука за одобрување на учебник по предметот Социологија за I (прва) година, за сите струки за средно стручно образование, бр: 22-1010/1 од 14.06.2011 донесена од Национална комисија за учебници

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св.Климент Охридски" , Скопје
АВТОР : Матевски, Зоран - автор
ОДГОВОРНОСТ: Угриновски, Ксенофон - автор
НАСЛОВ : Социологија за I година средно стручно образование
ИМПРЕСУМ : Скопје : Министерство за образование и наука на Репубкика Македонија, 2011
ФИЗИЧКИ ОПИС: 146 стр. : илустр. ; 26 см
ISBN : 978-608-226-230-7
УДК : 316(075.3)
ВИД ГРАЃА : монографска публикација, текстуална граѓа,печатена
ИЗДАВАЊЕТО СЕ ПРЕДВИДУВА: 07.11.2011
COBISS.MK-ID: 89006090

## *ПРЕДГОВОР*

Учебникот по социологија наменет за образовните потреби на учениците од средните стручни училишта е пишуван според Наставна програма за социологија приложена од Министерството за образование и наука.

Градивото е изложено во седум тематски целини. Секоја тематска целина содржи насловни единици според предвидениот број наслови дадени во Наставната програма.

Целта на учебникот е да ги дефинира и објасни основ ните поими за општеството, за да можат учениците да се образуваат, односно да се воведат во научното подрачје на социологијата. Се нафативме да напишеме учебник со намера изложеното градиво да го направиме занимливо и да го поттикнеме интересот на младите луѓе критички и творечки да размислуваат за своето општество. Поврзувајќи ги основните поими за општеството со општествената стварност, намерата на учебникот е да побуди интерес и мотивација кај ученикот за да го согледа својот животен позив.

Во пишувањето на социолошки учебници на Запад, присутен е императивот, според кој, основните поими за општеството мораат да бидат илустрирани со примери од сопственото општество а дури потоа со примери од другите општества. Но до примери се доаѓа со емпириски истражувања. Најголемиот дел од примерите наведени во

овој учебник се земени од други општества. Бидејќи нашата наука и нашето општество се отвораат кон развиениот свет прифатливо и потребно е да се учи по нивните сознанија.

Од содржините изнесени од основачите на социологијата, учениците ќе согледаат дека социолозите имаат различни очекувања од науката за општеството. Тоа кажува дека, сепак, социолошките теории се општествено условени и дека социолозите во објаснувањето на општествените појави често пати поаѓаат од сопствените вредносни определби. Социолозите мораат да ја објаснат природата на постојното општество, да дадат одговор на прашањето: дали тоа може да се менува или не, и зошто да се менува? Дали нееднаквостите во општеството се општо присутни и неизбежни или се наметнати од владејачката група и заради тоа сепак можат да се отстранат.

Основната идеја на учебникот е да покаже дека општеството е составено од групи кои се хиерархиски поставени: едни се надредени, а други подредени. Оттука општествената стратификација е централна општествена појава.

Различните социолошки приоди во објаснувањето на општествените појави како што се: моќта и политиката, сиромаштвото, образованието, поделбата на работата, организацијата, семејството, положбата на жените во општеството, девијантното однесување и религијата, можат да се разберат ако се тргне од поделеноста на општеството на класи и слоеви.

Овој учебник е скромен придонес на пазарот на образование и знаење.

***Авторите***

# ПОИМ И РАЗВОЈ НА СОЦИОЛОГИЈАТА

## ПРЕТХОДНИЦИ НА СОЦИОЛОГИЈАТА

Што ќе работиме, кое образование и занимање ќе го одбереме, какви ќе бидат односите во семејството, сигурноста во староста, каков пристап ќе имаме во здравствените услуги, со еден збор, нашите животи ќе зависат од функционирањето на општеството. Затоа сосема е природно што постои желба и потреба да се познава општеството.

Во развитокот на научната мисла, навидум, постои една длабока противречност: она што на човекот му е најблиско, најдоцна станува предмет на научно истражување. Навистина, има ли за човекот нешто поблиско од неговото сопствено битие и од неговиот општествен живот, од неговите врски со блиските, но, и со луѓето кои му се туѓи. Социологијата како научна дисциплина се појавува во деветнаесеттиот век, многу подоцна од математиката, астрономијата, физиката, хемијата или биологијата. Но, како начин на поставување прашања за светот и за тоа како тој функционира, социолошкото истражување се забележува уште од антиката. На пример, старогрчкиот филозоф Платон, во петтиот век пред новата ера, се прашувал како ќе се зачува општеството при постоење на индивидуални разлики меѓу луѓето. Системското размислување за општеството започнува во стара Грција. Грците се првите кои го издвоиле критичкото размислување од митолошкиот начин на мислење и народната мудрост. Најпознати мислители – филозофи кои во своите книги размислувале за проблемите на општеството се Платон и Аристотел.

Платон смета дека општеството настанало и се одржува затоа што луѓето сами за себе не се доволни. За да се одржи една група на луѓе потребно е нивните активности да се организираат. Надвор од општеството, луѓето како поединци не би можеле да ги задоволат ниту

своите основни потреби. Затоа луѓето создаваат општество (држава) и затоа го одржуваат. А каква ќе биде државата ќе зависи од тоа какви ќе бидат луѓето во неа. Не можеме да се надеваме дека ќе создадеме добра држава додека не создадеме такви луѓе кои имаат одредени особини потребни за функционирање на државата. Државите можат да бидат добри и лоши, а какви ќе бидат зависи, пред сѐ, од луѓето кои управуваат со државата. Најдобра е онаа држава во која владеат оние коишто се најразумни и коишто тежнеат за сознавање. Оние кај кои преовладува желбата за богатење треба да работат и да го водат стопанството, а оние пак коишто сакаат да се прослават и да стекнат признанија нека ја бранат државата од непријателите и нека војуваат.

❒ ***Одговори на прашањето:***

- Какви особини, според Платон, треба да поседуваат луѓето?
  а) Кои управуваат со државата,
  б) Кои го водат стопанството,
  в) Кои ја бранат државата и војуваат.

Аристотел живеел и творел во времето кога се распаднале самостојните градови-држави како форма на организиран живот на старите Грци. Живеел во времето на појавувањето на царството на Александар Македонски. Со распаѓањето на грчите државички пропаѓале и среднитен општествени слоеви кои биле темел на атинската демократија.

Аристотел разликувал два типа на општествен живот: политички и економски. Политичкиот живот ги вклучувал дискусиите и одлучувањата на слободните луѓе. Политичката активност и политичкото одлучување се ценети одлики на човекот бидејќи преку тие активности човекот ја употребува својата слобода во заедницата. Затоа Аристотел човекот го определува како политичко животно (zoon politikon). Економскиот живот се однесува на задоволување на материјалните потреби на луѓето. Тој е принудна дејност.

За ропството смета дека е природна појава. Робот е орудие кое умее да говори. Државата ја сфаќал како самодоволна заеница составена од повеќе населби. Целта на државата е да воспостави и да одржува солидарност меѓу нејзините членови. За да нема судири, во државата треба по својот број и средно богатство, најмногу да биде застапен средниот слој. Средниот слој или класа е способна да ја заштити државата од насилството на богатите и превртливоста на сиромашните.

***Одговори на прашањата:***

1. Зошто Аристотел ја велича политичката активност во заедницата?

2. На што се темели стабилноста на демократските општества?

Средновековната мисла за општеството е под директно влијание на црквата и религијата. Филозофијата станува слугинка на теологијата и нејзина задача е да ги оправдува црковните учења. Животот на земјата е сфатен како минлив и безначаен и претставува подготовка за задгробниот живот. Политичкиот живот замира и секој бунт против државата се сметал за бунт против црквата. Црковното образование доминира над световното и секое слободно размислување се задушува и се казнува. Најпознати црковни мислители во овој период се Аврелиј Августин и Тома Аквински.

Нововековната мисла е обележана со слобода, и започнува со неколку значајни настани: откривањето на Америка, реформација на црквата (побуна против практиките на римокатоличката црква) пропаста на Византија, Гутенберговиот пронајдок на подвижни букви и Коперниковото откритие на Сончевиот систем со што е срушен геоцентричниот систем на Птоломеј. Овие настани влијаеле врз обновата на науките, филозофијата и уметностите. Ренесансата на местото на Бога го поставува човекот. Се пробива сфаќањето дека човекот е творец на државата, на општеството. Ако некогаш христијанскиот теолог Аврелиј Августин се придржувал на правилото „верувам за да можам да сознаам“, научникот Рене Декарт поставува сосема поинаков пристап: „се сомневам за да можам да сознаам“.

Меѓу социјалните учења што се развиваат по петнаесеттиот век а кои влијаеле врз настанувањето на социологијата спаѓаат теориите за создавање и развиток на државата. Притоа можат да се издвојат две насоки. Николо Макијавели и Жан Боден се претставници на теоријата за настанокот на државата по пат на сила, а Томас Хобс, Џон Лок и Жан Жак Русо се претставници на теоријата за настанокот на државата по пат на општествен договор.

**Николо Макијавели,** ренесансен политички мислител, ја одвоил социјалната мисла од религијата и од моралот. Тој ја изнесува социјалната стварност онака како што ја гледа и чувствува. Според него целта

на државниот живот е владеењето. Владетелот во политиката треба да се води само од државните интереси. За постигнувањето на државната цел и интерес се дозволува употреба на сите средства, дури и ако тие се неморални. Негова е изреката дека „целта ги оправдува средствата“. Смета дека нормите на христијанскиот морал имаат вредност и важност само во приватниот живот на човекот. Политиката е вештина преку која се задоволуваат интересите на државата. Поединците постојат поради државата и и служат на нејзините интереси.

**Жан Боден** настојува да го објасни развитокот на општеството. Општеството се развива од семејството. Со развитокот на семејството се создале нови семејства кои се здружиле во една заедница преку производството, трговијата и заедничките верски обреди. Државата настанала по пат на сила при што посилните општества ги поробиле послабите.

Во седумнаесеттиот век **Томас Хобс** дава свој одговор на прашањето: „Зошто луѓето живеат во општество?“ Исто како Платон и Хобс смета дека луѓето живеат во општество бидејќи тоа е нужно за нивното одржување.  Но општествениот живот не произлегува од природата на човекот. Човекот по природа не е друштвен и затоа животот во општеството го доживува како насилство врз себе. Човекот по природа е саможив и себичен. Неговата главна особина е желбата за моќ, кон која се стреми за да обезбеди задоволување на сопствената себичност. Човекот кон другиот човек се однесува како волк, и затоа луѓето се во постојана меѓусебна борба и натпреварување настојувајќи да ги постигнат своите лични интереси и да се издигнат себеси, а другите да ги совладаат и да ги понижат. Луѓето се во постојана меѓусебна војна. Таа војна на сите против сите да не доведе до пропаѓање на сите луѓе, тие се здружуваат и создаваат држава. Иако општествениот живот не е природен за човекот, сепак, тој не може без него. Од страв другите да не му го направат она што тој настојува да им го направи ним, човекот создава и прифаќа општествена организација и ја одржува. Државата е творба на луѓето и настанала врз основа на договор. Сите луѓе од една територија ги пренеле своите природни права да управуваат врз едно или повеќе лица кои претставуваат суверена власт. Власта може да биде во рацете на еден човек (монархија), собрание на сите граѓани (демократија), или на дел од нив (аристократија). Суверенот не е ограничен во вршењето на власта и никој не може да му ја одземе.

**Џон Лок**, исто така, државата ја поврзува со природната состојба на луѓето. Според него, природната состојба значи слобода и еднаквост за луѓето и таа не доведува до војна меѓу нив. Природниот закон го учи човештвото, сите луѓе, иако се слободни и независни, да не им нанесуваат штета на другите. Бидејќи луѓето не можат да се владеат секогаш според природните закони, државата настанува за да се спречат незгодите и несогласувањата што се јавуваат во природната состојба. Приватната сопственост претставува темел на граѓанското општество. Под приватна сопственост не се подразбира само стекнување на материјални добра, туку и зачувување на слободата и животот, воопшто.

**Жак Жак Русо** изнесува сфаќање слично на Хобсовото дека животот во општеството не претставува природна состојба на луѓето. До општествен живот се доаѓа поради надворешни причини (немаштија, напаѓање на непријателите)кои ги присилуваат луѓето на заеднички живот. Затоа, луѓето се договараат да живеат заеднички. Пред создавањето на државата сите луѓе се рамноправни и секој е слободен. Не присвојуваат туѓо затоа што нема приватна сопственост. Во тоа време луѓето и не знаеле што е добро а што зло. Со создавањето на општеството човекот се менува и стекнува особини кои можат да се означат како добри или лоши. Дури со создавањето на општеството кое се темели на приватна сопственост се јавува ривалство и натпреварување и се развиваат особини како што се лакомост и завист. Општествениот живот го менува човекот и кога ќе се промени општеството се менуваат и неговите особини.

### ❒ *Прашања и задачи*

1. Ако според Макијавели, владетелот во политиката треба да се грижи само за интересите на државата каков е односот на поединецот кон државата?

2. За Хобс општествениот живот не е природен за човекот, но сепак, не може без општеството. Зошто?

3. Лок природната состојба на луѓето ја опишува како состојба на слобода и еднаквост. Зошто, тогаш им е потребна држава која ќе ги присилува?

4. Какви особини кај човекот, според Русо, создава приватната сопственост?

# ПОЈАВА НА СОЦИОЛОГИЈАТА КАКО НАУКА

Појавата на социологијата како самостојна наука значајно влијание извршиле две битни појави: општествената криза во половината на деветнаесеттиот век која барала објаснување и разрешување и достигнатиот степен на знаење постигнат во другите науки. Покрај свеста за кризата и верувањето дека нешто може да се стори за да се излезе од кризата, врз појавувањето на социологијата влијаела и слободата на мислењето. Критичкиот однос кон општеството се јавува истовремено со појавата на општествената криза кон средината на деветнаесеттиот век.



Граѓанската класа успеала да ги сруши феудалните прегради во општеството и да ги ослободи кметовите од врзаноста за земјата на феудалецот, но ослободениот и осиромашен кмет во новосоздадените фабрики бил изложен на не помало искористување од работодавачите. Француската револуција во крв го задушила самовластието на апсолутна монархија и ги прогласила демократските слободи и природните права на граѓанинот. Но поминал уште цел еден век, а во некои западни општества и повеќе, додека најсиромашните општествени слоеви и жените да добијат право на глас. Иако верувањето во напредокот на општеството со помош на науките била главна движечка

сила на младата буржоазија, освојувањето на колониите и во Европа покажале дека таа сè уште не ги прекинала врските со нагонските и насилничките снаги во човекот.

Новиот начин на производство, индустриското-стоковно производство чија техничка основа дотогаш е машината, предизвикал невидени промени. Многу од занимањата почнале да исчезнуваат, а во исто време настанале нови професии кои нуделе нови можности. Мигрирањето, несигурноста и преселувањето на дел од населението од селата во градовите создале неспокојство. Многу луѓе чувствувале дека ја загубиле ориентацијата, додека други, пак, им оделе во пресрет на новите хоризонти.

Во вакви прилики Огист Конт се обидел проучувањето на општеството да го направи научно, одделувајќи го од областите на филозофијата и теологијата. Тој верувал, дека, преку научно проучување можат да се откријат законите кои управуваат со општествениот поредок за да може општеството да се обликува и подобрува.

Терминот „социологија“ е творба на **Огист Конт**. Своето учење го поделил на социјална статика и социјална динамика. Во социјалната статика ги истражува механизмите кои придонесуваат за стабилноста на општеството. Стабилноста и редот во општеството се приоритети на неговата мисла, можеби затоа што тие биле евидентно отсутни во општеството во кое живеел – Франција.

Издвоил три фактори како неопходни за одржување на општествениот поредок:

– Јазикот, како средство за воспоставување на односи;

– Религијата, која преку ритуалите и верувањата го зацврстува општествениот поредок, и

– Поделбата на трудот, која придонесува за меѓусебна зависност



***ОГИСТ КОНТ***

*Го истакнал значењето на институциите, на пример, семејството или религијата, дека нивна главна функција е одржувањето на општеството како хармонична целина.*

Во социјалната динамика бара одговор на прашањата поврзани со општествениот напредок и еволуцијата на човекот. Општеството во својот развиток минува низ три фази:

– теолошка
– метафизичка
– позитивна

Теолошката фаза во развитокот на општеството се споредува со детството на човекот. Таа е обележана со религиозно верување дека општествените институции се создадени од бога. Боженското потекло на институциите му обезбедува висок степен на единство на општеството.

Метафизичката фаза во развитокот на општеството претставува напуштање на теолошката фаза. Тоа му одговара на младоста на човекот. Религиозните објаснувања се заменети со филозофски размислувања кои не се потпираат на научни истражувања.

Позитивната фаза од развитокот на општеството е научна фаза. Човекот се се ослободува од големите надежи и фантазии и ја прифаќа идејата на научното предвидување и усмерување на општествените промени. Од Социологијата како позитивна наука општеството треба да има полза затоа што таа предлага мерки на подобрување на животот со кои ќе се зацврсти и усоврши постоечкиот поредок.

Во развојот на социолошката мисла, покрај Конт, влијание оствариле Карл Маркс, Емил Диркем и Макс Вебер.

Секој од овие истражувачи настојувал да одговори на прашањето како се поврзуваат индивидуите со општеството. Додека Конт и Диркем наведуваат дека вредностите и верувањата го одржуваат општеството, Карл Маркс ја истакнува принудата и измамата.

**Карл Маркс** го гледал општеството како арена на групни судири каде што предност имаат привилегираните. Главен белег на историјата на општествата е борбата за општествени придобивки меѓу доминантната група и експлоатираните групи. Во различни периоди од историјата експлоататорот и експлоатираните различно изгледале, но она што им било заедничко е нееднаквоста на поседување моќ. Во древна Грција и Рим основната борба била меѓу слободните луѓе и робовите. Во средновековна Европа доминантни (привилегирани) групи биле благородништвото, високото свештенство и земјопоседниците а, селаните и кметовите биле потчинети групи. Во времето на Маркс нерамноправниот натпревар бил меѓу буржоазијата и пролетаријатот. Забележал дека буржоазијата е доминантна група во општеството затоа што поседува две од трите средства за производство. Поседува земја и капитал (фабрики, работилници, машинерија и пари). Работниците не ги поседуваат во оној смисол како што феудалецот го поседувал кметот, но тие се третото средство за производство затоа што морале да ја продаваат својата работна сила (физичка способност и квалификации).



**_КАРЛ МАРКС_**

*Маркс по потекло е Германец, но поради неговото револуционерно ангажирање во новинарството и во другите активности, поголемиот дел од животот го поминал во туѓина. Неговите најпознати дела се напишани во Англија, која ги доживувала лошите и добрите страни на индустриската револуција. Разбирањето на политичкиот и општествениот хаос во којшто живеел се неопходни за разбирање на неговите трудови.*

Еден од најважните Марксови придонеси за социологијата се состои во барањето дека поединците и општествените групи мора да се проучуваат во општествена рамка, во заемните односи. На пример, за да се разбере општествената положба на професијата наставник, прво, треба да се погледне како неговото или нејзиното општество го вреднува образованието, начинот на кој е организиран образовниот систем (кој ја финансира и контролира нивната работа). Каква подготовка е потребна за да се стане наставник, кои делови од населението ги привлекува оваа професија. Познато е дека платите на наставниците или наставничките се помали во споредба со другите занимања од ист степен на образование затоа што во наставничките занимања преовладуваат жени.

**Емил Диркем** е француски социолог. Од социологијата бара општествените појави да ги посматра како **предмети**. Верувањата, обичаите, институциите и вредностите имаат сопствено постоење, независно од желбите и мислењето на поединците. Тие, општествените факти, го принудуваат поединецот да се однесува на одреден начин. Оттука за да се објасни однесувањето на поединецот треба да се истражи во колкава мера и како општествените факти го обликуваат тоа однесување. Испитувајќи го самоубиството покажал дека самоубиството не може да се објасни само како индивидуален чин, односно, со состојбата на умот на индивидуата, туку дека е производ на општествените сили кои се надвор од поединецот. Причините можат да се најдат во општеството.

Диркем живеел во општество полно со немири. Задоцнетата индустриска револуција предизвикала преселување на населението од селата во градовите. Луѓето кои биле социјализирани со едни вредно-

сти, со промена на средината стануваат дезориентирани затоа што се нашле во еден свет во кој вредностите до кои се придржувале повеќе не се употребливи.

Диркем заклучил дека ваквите сè почести пресврти ќе ја зголемат стапката на самоубиства.



***ЕМИЛ ДИРКЕМ***

*Диркем верувал дека високоспецијализираната поделба на трудот ќе ја зголеми свеста за зависноста на едни од други. Како што бубрегот, срцето, мозокот и другите органи мораат да извршуваат посебна работа за да функционира телото како целина, така и секоја група мора да си ги извршува своите задачи за да опстојува општеството.*

*Денешните настани не го потврдиле ова предвидување. Кога штрајкуваат вработените во јавниот превоз, лекарите, негувателките во градинките или, пак, наставниците сериозно се нарушува секојдневниот живот.*

Ситуацијата кога општествениот поредок се менувал толку брзо што старите заеднички вредности исчезнувале пред да се појават нови, Диркем ја нарекол аномија. Аномијата е недостиг на норми, вредности и утврдени правила за регулирање на односите во општеството.

**Макс Вебер** по потекло е Германец. Ги набљудувал бурните промени предизвикани од задоцнетата индустриска револуција во Германија. Долго време пред бирократијата да стане доминантен модел на организација, Вебер го предвидел овој развој. Бирократијата како модел на организација ја сретнуваат припадниците на модерните општества во болниците, училиштата, приватните претпријатија и на многу други места. Иако оваа форма е многу ефикасна во постигнување на поставените цели, Вебер бил загрижен од дехуманизирањето на односите, другата страна на оваа појава.

Го поставил барањето на разбирање при истражувањето на појавите во општествата. Разбирањето е истражувачка метода којашто социолозите се обидуваат, колку што е можно повеќе, да размислуваат како оние што ги проучуваат.

**МАКС ВЕБЕР**



*Сметал дека задача на социологијата е да ги разбере и објасни човековите активности и врз основа на тоа да го предвиди можниот општествен развиток.*

Вебер посебно бил заинтересиран за разбирањето на значењето што индивидуите им го придаваат на сопствените акции во посебни социоисториски околности. Објавил труд во кој ги наведува мотивите на источно-пруските фармери да мигрираат во градовите. Тие мигрирале во големи размери во брзорастечките градови. Бидејќи најголем дел од нив немале способности кои може лесно да ги продадат на пазарот на трудот во урбаните центри, тие живееле многу сиромашно. Вебер заклучил дека нивната истрајност да останат, иако на моменти им било полошо од порано, треба да се бара во нивните верувања дека им обезбедуваат шанса за подобар живот на нивните деца во еден подолг период. Со други зборови, не можат да се разберат акциите или мотивите на овие работници без да се знае нивното позитивно вреднување на давање можности за напредување на сопствените деца и на верувањето дека во градовите ова може да се постигне.

## ❒ Одговори на прашањата

● Социологијата се воспоставува како критички однос кон општеството.

1. Каква била положбата на ослободените кметови?

2. Зошто демократските слободи и природните права на граѓанинот не им биле достапни на сите?

3. Какви промени предизвикало индустриското стоковно производство?

4. Што очекувал Огист Конт од науката за општеството – социологијата?

## ПРЕДМЕТ НА СОЦИОЛОГИЈАТА, МЕТОДИ И ТЕХНИКИ

Врз настанувањето на социологијата како наука за општеството влијаеле специфичните културно-историски чинители (кризата на општеството) како и практичните потреби на општеството. Тие ќе влијаат и врз определувањето на предметот на социологијата. Предметот ни кажува што проучува науката. Вообичаена е поделбата на науките на природни и општествени. Социологијата им припаѓа на општествените науки. И природните и општествените науки според обемот на предметот којшто го проучуваат, се делат на општи и посебни; според научно-сознајниот пристап на теоретски и историски; според сознајните цели на основни (фундаментални) и применети (технички).

Врз основа на оваа поделба социологијата можеме да ја определиме како општа, теориска и основна општествена наука.

Определбата дека социологијата е општа наука за општеството укажува дека нејзин предмет е општеството како целина.

Врз општествениот живот на човекот влијае семејството, образованието, стопанството, законите и етничката припадност. Овие подрачја на општествениот живот се предмет на проучување на посебните општествени науки како што се економските и правните науки, или, пак, на посебните социологии, на пример, социологија на образованието.

Социологијата како општа наука за општеството ја проучува неговата структура и општественото движење, ги проучува односите, врските, меѓусебните влијанија на општеството како целина и неговите составни елементи и односите, врските и влијанијата на тие елементи меѓу себе.

Ако знаеме дека социологијата е општа и основна наука за општеството како целина која се занимава со проучувањето на сите општествени појави, тогаш можеме да претпоставиме дека таа располага и со соодветна метода со која го истражува својот предмет. Зборот метод, во своето пошироко значење, претставува начин на истражување, смислено и планско постапување при работа, а сè, со цел, да се постигне некој успех, да се дојде до некоја вистина или сознание. Значи методот е составен дел на самата наука.

За методот којшто го користи социологијата карактеристичен е глобалниот пристап. Користејќи го овој метод социологијата ги истра-

жува конкретните општествени појави и процеси во склопот на една поширока целина, го открива нивното место, улога, функција, заемната условеност, и зависност на едните од другите.

Научно-истражувачката работа се остварува во неколку фази: собирање на емпириско градиво, средување и обработка на резултатите и прикажување на резултатите од истражувањето. Во секоја од овие фази се употребуваат истражувачки техники како што се техниките за собирање податоци, за средување, толкување и прикажување на податоците.

Податоци за општествените појави најчесто се собираат со социолошко набљудување или со разговор.

Набљудувањето претставува метод на непосредно, сетилно собирање на податоци. Но, секое набљудување не е научно. Научното набљудување, за разлика од лаичкото, се одвива според однапред утврден план. Тоа е селективно затоа што треба да се постигне определена цел. Општествените појави можат да се набљудуваат на два начина: набљудување со присуство каде што набљудувачот учествува во активностите на оние кои ги набљудува, или набљудување без присуство.

Разговорот е еден од најупотребуваните методи за собирање на податоци во социологијата. Се состои од прашања кои истражувачот му ги поставува на испитаникот. Интервјуто и анкетата се два основни типа на разговор. Интервјуто е форма на усмено испрашување, додека кај анкетата писмено се одговара на поставени прашања. Анкетите можат да бидат од отворен или затворен тип, во зависност од тоа дали на поставените прашања веќе се понудени одговори или испитаниците сами слободно ги запишуваат. Анкетата најчесто се употребува при испитување на јавното мислење, каде што се бараат одговори на актуелни прашања.

Експериментот претставува планирано набљудување за да се провери дали постои постојана врска меѓу две или повеќе појави.

Компаративниот или споредбен метод во социологијата го вовел Емил Диркем. Ако една појава, на пример, големината на семејството и улогата на бракот, ја споредиме како таа изгледала во земјоделските а, како во индустриските општества, можат да се откријат причините за нејзината промена.

# ОДНОСОТ НА СОЦИОЛОГИЈАТА И ДРУГИТЕ НАУКИ

## Социологијата и филозофијата

Интересирањето за општеството и неговата организација, дури во античка Грција, е дел од филозофијата. Требало да поминат повеќе од дваесет века за да се осамостои социологијата како посебна наука. Од филозофските идеи за напредокот на човековото знаење и општество, во 19 век ќе се роди социологијата.

Кај Хелените (стара Грција) било присутно верувањето во „златното доба“. Поетите Хомер и Хесиод го славеле тоа „златно доба“ како поубаво, посреќно, појуначко, како нешто што е изгубено и што би требало повторно да се врати.

За средновековното христијанство историјата е запис на човечкото страдање и беда и претставува само подготовка за живот на „другиот свет“.

Во новиот век, со усовршувањето на орудијата за работа и на оружјето, со географските откритија, со проширувањето на трговијата се отвораат нови можности. Сето ова влијаело на мислителите, историските настани да ги толкуваат како напредување на човештвото од помалку совршена кон совршена состојба. Се раѓа идејата за напредокот, а со неа и сфаќањето за човечкото општество како нешто што се менува, што е дело на самиот човек.

Модерните филозофи ја истакнувале сè поголемата улога на разумот наспроти вербата во развитокот на знаењето. Идејата на прогресот ја поврзуваат со човечкото знаење. Монтењ наведува дека целта на учењето е да ги научи луѓето како да живеат што поуспешно. Нагласувањето на моќта на знаењето е усмерено против христијанскиот песимизам во можностите на човечкиот ум.

## Социологијата и историјата

И социологијата и историјата спаѓаат во најопштите науки за општеството затоа што предмет на нивното проучување е целото општество, како минатото така и сегашното. Социологијата и историјата

се надополнуваат. Социолозите во историјата бараат податоци за своите истражувања, додека историчарите кога треба да објаснат некој настан се служат со заклучоците на социологијата.

Историјата досега се интересирала само за определени општествени појави, а не за најважните. Ги следела политичките појави и преголемо значење им придавала на поединци – владетели, херои, војсководители. Историјата ги проучува поединечните, конкретни настани, а бидејќи не може да ги проучи сите настани, прави избор помеѓу нив. Затоа, историјата како наука не можела сосема да ја задоволи потребата за целосно сеопфатно знаење за општеството.

## Социологијата и психологијата

Во социологијата се прашуваме како нешто, на пример, технолошкиот развој, влијае на општеството, затоа што општеството е предмет на проучување додека во психологијата предмет на проучување се психичките процеси и личноста врз која влијае општеството. Значи, кога ги споредуваме психологијата и социологијата можеме да забележиме дека социологијата истражува како психичките процеси (помнење, мислење, верување) влијаат на општеството, додека психологијата го проучува влијанието на општествените односи (во групата или меѓу групите) врз психичките процеси (мислење, верување, формирање ставови)

Исто така, психологијата поголемо влијание им посветува на поединците, додека социологијата ја интересираат општествените односи, таа поединецот го набљудува посредно како носител на определена општествена улога, на пример, како припадник на некоја класа.

## Социологијата и економијата

Без економијата не може да се проучува човечкото општество затоа што без производство и размена на материјални добра општеството не може да постои. Како наука која ги проучува причините и факторите на општествено – економскиот развиток таа на социологијата и пружа значајни резултати.

Откритијата кои ги направил основоположникот на политичката економија Адам Смит и ги изложил во своето дело „Богатство на наро-

дите“ (1776) се од најголемо значење за развитокот на модерната социологија. Истакнал дека богатството на народите зависи од човечката работа а не од трупање на злато како што мислеле меркантилистите. Ја нагласил и поделбата на работата како основен предуслов за поголема успешност со што се зголемува производствената моќ на човекот. Неговите сфаќања за политичкиот либерализам одиграле голема улога во фазата на првобитната акумулација на капиталот. Политичкиот либерализам смета дека државата со своите прописи и даноци го кочи развитокот на производството и трговијата. На економијата треба да и се дозволи слободно да дејствува преку понудата, побарувачката и конкуренцијата. Државата може да презема мерки само тогаш кога односите кои ги воспоставува слободната економија ќе почнат да им наштетуваат на некои општи интереси во образованието и општествената заштита.

Социологијата и економијата заедно настојуваат да ги откријат факторите кои ќе влијаат на општеството во блиската и подалечна иднина.



# НАСТАНОКОТ НА ЧОВЕКОТ, ОПШТЕСТВОТО И КУЛТУРАТА

## ЧОВЕКОТ И ОПШТЕСТВОТО

Во борбата за опстанок човекот не може да се потпира на оние предности коишто ги сретнуваме кај животните: брзи нозе или цврст оклоп, остри заби и канџи. Но, за разлика од животните тој поседува интелигенција многу поразвиена од нивната. А за да може интелигенцијата корисно да се употребува потребни се други луѓе или општество. Животот во заедница не е карактеристичен само за луѓето, го сретнуваме и кај животните. Дисциплинираната заедница на инсекти како што се пчелите и мравките претставува школски пример за ред и организација. Секој член има јасно дефинирана задача. Во едно пчелино семејство, пчелите во зависност од својата старост или ги хранат младенчињата или чуваат стража бркајќи ги натрапниците. Едни носат нектар а други ја разладуваат кошницата мавтајќи со крилцата. Значи, поделбата на работата ја сретнуваме и кај животинските заедници, но кај нив таа е инстинктивна, не е намерна. Со нивните активности управуваат програми вградени во нивните гени. Она што човечкото општество суштински го разликува од животинските заедници е свесното производство и поделба на работата.

Решавајќи ги проблемите на животот луѓето ја создаваат историјата на општеството. Од сите живи суштества само **homo sapiens** како творечко суштество има општествена историја. Богатството и мноштвото на човечки изуми, обичаи и начини на однесување кое го нарекуваме човечка култура произлегува од неговата способност да измислува нови начини за приспособување кон природата и на општествените услови на живеење. Биолошкиот развиток на човекот временски им претходи на првите појави на човечката култура. За да се развие **homo sapiens** од еден далечен мајмунски предок биле потребни 400.000 генерации или околу 15 милиони години.

Првиот прачовек кој покажувал човечки особини е таканаречениот австралопитек. Се појавил, пред околу еден милион години. Пронајден е во Африка, а покрај исправеното одење и човечката вилица, поседувал и доволно психички способности за правење орудија. Користел камен, остатоци од коски и дрвени гранки. Не ја знаел употребата на огнот. За него знаел неговиот помлад роднина **sinantropus** пред 700.000 години.

Кога прачовекот се исправил на задните нозе и почнал да го набљудува просторот и односите во него, кога почнал смислено да ги користи рацете и телото, запремината на мозокот почнала нагло да се зголемува а со тоа почнале да се зголемуваат и психичките способности. Со појавата на неандерталецот (крапински човек), според големината на неговиот череп може да се заклучи дека се служел со говорот како главно средство за пренесување на културата. Знаел да наостри камен од двете страни и да направи секира со дрвена рачка. Бидејќи мртвите ги закопувал во гробници и ги снабдувал со разни предмети, може да се заклучи дека поседувал верување и култови. Со неандерталецот претходниците на современиот човек се одвоиле од животинскиот начин на постоење и ги создале првите елементи на човечката култура и општество.

Пред околу 25.000 години пред нашата ера се појавил современиот човек или homo sapiens. Покрај острени камења употребувал школки, коски, рогови и слонова коска и од нив изработувал јадици, стрели, харпуни и игли. Правел украси од школки и животински заби. Правел и статуети на жена како симбол на плодноста, а на пештерите оставил прекрасни цртежи како што се оние од Алтамирската пештера.

Како се одвивал животот во првите човечки групи, ордите, не е познато. Антропологот Луис Морган претпоставува дека човечката орда не се разликувала од животинската, особено кога се работи за промискуитетот. Во антропологијата овој збор се употребува за означување на односите меѓу половите кои не се под контрола на определени правила како што е случај кај животните. Мажот кој ја предводел ордата имал полови односи не само со жените од својата генерација туку и со мајката и со ќерките. Почитување на разликите меѓу генерациите сè уште не било воведено а не постоело ниту забрана на инцест (полови врски меѓу крвно блиски). Ривалството на мажите за поседување на жени ја ослабнува внатрешната солидарност на групата и го загрозува нејзиниот опстанок. Животните услови ги присилувале луѓето на солидарност а не на одржување на постојани судири. Како суштества со повисоки интелектуални способности ја согледале потребата од договор за почитување на определени правила кои би биле прифатливи за сите членови на ордата .

Правењето на орудија како секири, стрели, копја кои поради примитивната изработка им биле достапни на сите, придонело да се напушти животинската доминација врз основа на физичката сила, и наместо нејзе да се почитуваат заедничките правила.

Развитокот на орудијата го наложил договорот меѓу луѓето, односно, воведување на такви односи и обичаи кои ќе ги почитува секој поединец во интерес на одржувањето на самата орда. Покрај почитувањето на крвното сродство, заедничките обичаи и говорот претставувале главни средста за поврзување и солидарност на човечката орда. Според нив, таа почнала да се разликува од животинската орда во која главна улога имал нагонот и односите на гола телесна сила.

Потребата за договор меѓу луѓето, односно за почитување на заеднички обичаи станувало сѐ поголемо со понатамошниот развиток на орудијата и со поделбата на работата. Со поделбата на работата најпрвин, според полот и возраста а подоцна според специјализираните способности човечката орда добива одлики на вистинска човечка заедница.

***❒ Прашања и задачи***

- Која е суштинската разлика меѓу човечкото општество и животинските заедници?

***❒ Задача:***

- Што ги натерало примитивните луѓе вооружени со секири, стрели и копја да ја напуштат животинската доминација врз физичка сила и да прифатат почитување на заедничките правила.

## КОНСТИТУТИВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА ОПШТЕСТВОТО

Конститутивните елементи на општеството укажуваат на условите без кои општеството не може да функционира.

**а) Правила на однесување**

Општеството е целина која за да може да се одржи мора да биде организирана, односно, во неа мораат да владеат определени правила и вредности. Во секое општество, независно дали се работи за примитивно или цивилизирано, постојат правила на однесување. Секој член на групата знае што се очекува од него, и во склад со тие очекувања се однесува. Очекуваното однесување ги прави човечките пос-

тапки предвидливи без што не е можно заеднички живот. На пример ние ја поминуваме улицата на зелено светло затоа што очекуваме возачите да застанат.

**б) Вредности**

Ако преку правилата општеството или групата очекува од своите членови да се однесуваат на определен начин, за да бидат почитувани тие правила, припадниците треба да ги доживуваат како оправдани. Ова се постигнува со вредностите. Вредностите укажуваат на целите за кои единката вреди да се бори. Важни вредности на модерните општества се индивидуалните слободи како што се слобода на говорот, слобода на изборот на религијата, професијата, живеалиштето и брачниот партнер. Една од најпосакуваните вредности е успехот, односно напредување, било да се работи за професијата, спортот или уметничкото творештво.

**в) Врските кои луѓето ги држат заедно**

Наредниот услов без кој општеството не може да постои, претставуваат врските кои луѓето ги држат заедно. Најелементарни се брачните и семејните врски. Крвните врски се основа на племенските заедници. Системите на сродство обезбедуваат висок степен на социјално единство кај племињата. Успесите на германските, татарските и арапските племиња во борбите со бројно и технички надмоќните сили се најдобар доказ за солидарноста по сродство.

Проблемите на човечката солидарност и нејзиниот развиток ги истражувал Диркем. Тој разликува механичка и органска солидарност. Кога најголем број луѓе живеат во мали хомогени заедници, тие извршуваат слична работа, имаат сличен начин на живот и затоа поседувале заеднички вредности и верувања. Оваа механичка солидарност го зацврстува општествениот поредок. Во земјоделското општество на прединдустриска Европа, секоја семејна заедница била релативно самодоволна. Како што поделбата на трудот станувала сѐ посложена, самодоволноста била заменета со меѓусебна зависност затоа што поединците извршувале специјализирани задачи. Диркем верувал дека механичката солидарност заснована на сличности меѓу луѓето ќе биде заменета со органска солидарност како форма на меѓузависност создадена од високоспецијализирана поделба на трудот. Тој задачите на општествените групи ги споредува со работата на органите во телото. Како што секој орган извршува посебна работа за организмот како целина, така и секоја група мора да ги извршува своите задачи за да опстојува општеството.

Во современото општество врските на солидарност не се така цврсти како во примитивните племиња. Физичката и идејната блискост

претставуваат минимум услови за воспоставување на солидарност. Самата околност што луѓето живеат едни до други влијае да дејствуваат и да чувствуваат едни за други - да се солидарни. Така било сѐ до појавата на модерниот градски живот каде што физичката блискост и непосредност повеќе не произведуваат солидарност. Денеска солидарноста се развива на работна и професионална основа во фабрики, училишта и други институции.

Солидарност може да се воспостави и заради притисок и дискриминација на класна, расна или религиозна основа. Класната солидарност се воспоставува меѓу фабричките работници против алчноста за профит на работодавците. Можат да се наведат примери на малцински етнички групи кои развиле солидарност во борбата против доминантната група. Во Канада, француските Канаѓани во Квебек се одлучни во зачувувањето на својот јазик и обичаи затоа што се изложени на притисокот на доминантната англиска култура.

**г) Институции**

Општествениот живот не може да се одвива без институции. Институцијата е организирана единица во која луѓето задоволуваат свои определени потреби. Можат да се поделат на помали единици како што се: семејството, банката, затворот, универзитетот или на поголеми како што се државата, економијата, образованието и јазикот.

Институциите имаат неколку битни карактеристики.

Прво, тие објективно постојат, односно независно од личните чувства, желби и мисли. Н а пример, јазикот објективно постои како што постои некој мост или зграда и со него единката почнува да се служи по раѓањето.

Второ, институциите имаат принудна моќ. Единката не може да ги менува според сопствените желби. Во секое образовано семејство детето постојано го поправаат ако ги скрши правилата на литературниот јазик. Принудата на овој план подоцна ја преземаат училиштата.

Трето, институциите не се темелат само на принудата туку и на легитимност. Институциите не можат да се одржат ако луѓето не ги сметаат за оправдани.

Поаѓајќи од наведените услови, **општеството** може да се дефинира како „организирана група на луѓе кои живеат и соработуваат во исти институции а ги поврзува заеднички систем на живот“.

***Задача:***

- Наведи ги конститутивните елементи на општеството.

## КУЛТУРА

Културата во голема мера детерминира како припадниците на одредено општество мислат или се чувствуваат. Таа управува со нивните дејности и го дефинира нивниот поглед на живот. Културата во таа мера станува дел од поединците што тие често не се свесни за нејзиното постоење. Како илустрација за тоа ќе се послужиме со еден пример:

Еден Северноамериканец и еден Јужноамериканец разговараат во сала долга 12 м. Се движат од едниот до другиот крај на салата, при што Северноамериканецот постојано се повлекува, а Јужноамериканецот постојано се приближува. Секој од нив се обидува да воспостави вообичаена раздалеченост за разговор која ја дефинира културата на секој од нив двајцата. За Северноамериканецот Јужноамериканецот премногу се приближува додека тој се чувствува непријатно разговарајќи за оддалеченоста која ја бара Северноамериканецот. Преку овој пример можеме да ја забележиме сѐ поприсутната природа на културно детерминирано однесување.

Овде ќе го наведеме и следниот интересен пример: во средноисточните култури, подригнувањето кое следи по звршеното јадење претставува комплимент за кулинарските вештини на домаќинката, додека во нашето општество на него се гледа како манифестација на лоши манири.

Културата се дефинира како прифатени начини на однесување за припадниците за одредено општество. Ова однесување се разликува од општество до општество. Тоа може да доведе до недоразбирање кај припадниците на различните општества. Сијуксите во Јужна Дакота сметаат дека е погрешно ако се одговори на прашање во присуство на други кои не го знаат одговорот на прашањето. Ваквото однесување би се сметало како арогантно, бидејќи ќе го открие незнаењето на другите и би се сметало како обид за намалување на нивната самопочит или за нивно посрамување. Доколку некој американски учител работи со деца на Сијуксите и не ја познава нивната култура, неодговарањето на прашањето може да се сфати како незнаење, глупост или непријателство.

Во сушните предели на Австралија некои домородни племиња практикувале да ги убиваат женските новороденчиња за да се намали популацијата и да се заштитат од глад.

Карибу Индијанците кои живееле западно од реката Хадсон во Канада за да го спречат умирањето од глад на целата заедница (бидејќи

се прехранувале само со лов ги утврдиле следниве приоритети. Најпрво се хранеле активните возрасни мажи, бидејќи ако тие бидат преслаби за лов никој нема да јаде. Потоа се хранат нивните жени бидејќи не можат да раѓаат деца. Машките деца се сметале за поважни од женските бидејќи тие кога ќе пораснат ќе бидат ловци. Старите биле најнекорисни и тие во услови на глад се самоубивале така што заминувале голи во снежна луња. Ако повеќе немало стари луѓе, се убивале женските новороденчиња. Овие примери претставуваат културно детерминирани обрасци на однесување, намерно смислени за да се осигури преживување на групата во услови на екстремен недостиг на храна. За нас тие изгледаат бездушни и нечовечни, но во контекс на одреденото општество, тие се смислен рационален и прифатен дел од животот.

Во секојдневниот живот употребата на терминот култура е многу честа. Често можеме да слушнеме дека некој е културен или на некој му недостига култура. За некои поединци велиме дека културно се издигнуваат одејќи во театар, опера или на балет. Како и да е, и младите луѓе кои посетуваат рок-концерти, ги слушаат најновите хитови на највисок тон и се големи љубители на научно-фантастичните филмови, но, помалку се дел од некоја одредена култура. За некои поединци велиме дека културно се воздигнуваат и доколку посетуваат споменици на културата (музеи, галерии), но и доколку посетиле разни земји во светот велиме дека се соочиле со различни култури. Очигледно дека сите овие различни нешта ги означуваме со поимот култура. Значи, под овој термин подразбираме одредено однесување, потоа материјални нешта (театри, музеи, архитектонски градби), нешто духовно (литература, уметност, сликарство) итн.



*Архитектонските зданија како дел од материјалната култура*



*Уметничките решенија во внатрешниот ентериер како дел од материјалната култура*

Материјалната култура ја сочинува сето она што е направено од човечка рака, на пример телефон, хартија за пишување итн.

Нематеријалната култура ја претставуваат идеите, верувањата, вредностите и обичаите кои се во функција за здоволување на човековите емоционални потреби и за објаснување на светот. Нематеријалната култура содржи две компоненти когнитивна и нормативна. Когнитивната компонента содржи дефиниции за сѐ што постои или за сѐ што луѓето веруваат дека постои. Значи, во себе вклучува знаење и верување. Нормативната компонента, пак ги содржи правилата на однесување без кои човечкото општество не би постоело.



*Дел од балетска претстава*

Кога во социологијата ќе се употреби поимот култура, пред сè се мисли на специфичните начини на кои луѓето се облекуваат, приготвуваат храна, различните обреди (ритуали) при склучувањето на брак, како и што работат, начинот на кој го поминуваат слободното време итн.

Видовме дека зборот култура се употребува и во секојдневниот во научниот вокабулар. Во сите случаи во кои се употребува културата, имплицинтно или експлицитно се спротивставува на природата. Сè она што го произведуваат луѓето или го прават е култура, а сето она што постои или настанува без човековото вплеткување е дел од светот на природата.

Зборот култура потекнува од латинскиот збор *култис* што првобитно значел расчистување на земјиштето, односно создавање на обработливи површини за потребите на луѓето. Значи, најпрво, тоа било негување на полињата, за да се пренесе подоцна и на теренот на човекот и да се употребува во смисла на негување (култивирање) на неговата душа, култивирање на неговото однесување во согласност со определени норми, создавање на материјални добра во согласност со потребите и стандардите на заедницата итн.

Социологијата ја дефинираа културата на разни начини. Една од најширокоприфатените дефиниции е таа на Тејлор. Според оваа дефиниција:

Културата е комплексна целина, која ги вклучува знаењата и верувањата, уметноста, моралот, законот, обичаите и сите други способности и навики што ги стекнува поединецот како член на општеството.

Членовите на конкретна општествена група или на општество споделуваат одреден начин на живот. Овие заеднички концепции и верувања се средства што ги употребува групата за да му се даде смисла на животот. Верувањата особено се важни за дејствувањата. Верувајќи дека сообраќајот ќе запре на црвено светло на семафорот ние ја поминуваме улицата. Даваме 1 000 денари за сметка од 100 денари, убедени дека продавачот ќе ни врати кусур. Бројните интеракции во кои учествуваат луѓето прилично се сигурни, а тоа на одреден начин им дава правилност и предвидливост на нивните животи.

## ЈАЗИКОТ КАКО СОСТАВЕН ДЕЛ НА КУЛТУРАТА

Еден од важните фактори кој обезбедува заедништво на групата е јазикот. Јазикот претставува симболички код, па според тоа зборовите имаат смисла само ако некој знае што симболизираат тие. Јазикот по својата суштина е значаен од најмалку два аспекта. Како прво, тој е составен дел на секоја култура, а како второ, тој е основа на сите видови општествена комуникација. Јазикот е најважно средство за комуникација меѓу луѓето и тој претставува манифестација на нивниот заеднички живот. Тој овозможува пренесување на одредени пораки и го овозможува разбирањето помеѓу луѓето. Комуникацијата е постојана човекова потреба. Затоа, човекот уште од најрано време на своето постоење се обидувал да создаде систем на гласови или знаци со чија помош би можел да комуницира со другите луѓе. На секој од тие гласови и знаци им давал определено значење, разбирливо за единките околу него.

Јазикот можеме да го дефинираме како систем на артикулирана и посредувана комуникација со граматички правила и стандардни симболи, преку која се означуваат, соопштуваат и разменуваат фактите, идеите и чувствата на припадниците на една заедница.




*Модните детали изразени на различни јазици*

Постои суштинска разлика помеѓу говорот и јазикот. Јазикот е апстрактен систем на правила преку преку кои се одвива општествената комуникација. Од друга страна, пак, говорот е своевидно преточување на апстрактното во материјално. Преку говорот се овозможува конкретна употреба на јазикот на одделна општествена заедница. На тој начин членовите на таа заедница комуницираат меѓу себе. Всушност, комуникацијата на луѓето во една општествена заедница е можна затоа што говорот зад себе го има јазикот како заеднички систем на знаци и симболи и за говорникот и за слушателот. За да можат луѓето да се разбираат меѓу себе мораат да употребуваат еднакви или речиси еднакви знаци и симболи што ги изразуваат нивните претстави и перцепции на стварноста што ги опкружува.

Овде треба да го истакнеме и фактот дека јазикот не е природна или биолошка карактеристика што се наследува. Говорот е биолошка предиспозиција која се наследува, а јазикот е општествен феномен кој поединецот го учи преку процесот на социјализација во својата културна средина.

Ова можеме да го илустрираме на следниов начин. Доколку некое дете родено во некое црнечко племе во Африка го префрлиме во Кина во некое семејство, тоа дете ќе ги задржи сите расни и природни карактеристики коишто ги наследило и по нив ќе се разликува од кинеските деца. Но тоа дете по извесно време ќе почне да зборува кинески и ќе почне да го перцепира и доживува светот на ист начин како и неговите кинески врсници. Истото би се случило и во обратен случај, доколку некое новороденче од Кина го префрлиме да живее во некое африканско племе.

Значи, процесот преку кој поединците ја учат културата на своето општество е познат како социјализација. Примарната социјализација е најверојатно и најважниот аспект на процесот на социјализацијата и се одвива во текот на детството во рамките на семејството. Одговарајќи на одобрувањето или неодобрувањето на своите родители и имитирајќи го нивниот пример, детето го учи јазикот и многу од основните обрасци на однесување на своето општество.

Сепак, социјализацијата не е ограничена само на детството. Таа е процес кој трае цел живот и се одвива преку образовниот систем, преку врсничките групи, преку професионалните групи, пријателските групи итн. Поединците на тој начин во текот на целиот свој живот се приспособуваат на прифатените начини на однесување во разните општествени групи и го ценат и прифаќаат фактот дека општествениот живот е заснован на низа правила.

Постојат случаи, иако не можат да се потврдат за деца кои ги одгледале животни. Еден од најдобро документираните случаи се однесува на таканаречените деца-волци. Две девојчиња на возраст од 2 и 8 години, наводно се пронајдени во волчјо дувло во Бенгал во 1820 г. Тие оделе на 4 нозе, се хранеле со сурово месо, завивале како волци и не зборувале. Нејасно е дали навистина тие деца биле одгледани од волци или пак едноставно биле препуштени самите на себеси во шумата. Но сепак таквите примери покажуваат дека социјализацијата која вклучува долготрајна интеракција со возрасните особено е важна не само за вклопување на новите членови во општеството туку и за процесот на настанување на човекот.

## КУЛТУРНИ СЛИЧНОСТИ И КУЛТУРНИ РАЗЛИКИ

Човекот не е во состојба да ја избира културата во која ќе живее. Тој ѝ припаѓа од своето раѓање. Од тој момент па натаму, човечкиот живот е определен од културата. Процесот кој преку единката ги учи елементите на културата на која ѝ припаѓа се нарекува културализација. Процесот на културализација во многу елементи е сличен дури и идентичен со процесот на социјализација. Најголем дел од луѓето, откако ќе се родат, целиот живот го минуваат со културата на која ѝ припаѓаат. Ретки се примерите кога единката ја отфрла својата култура и ги прифаќа елементите на некоја друга култура. Живеејќи заробен во својата сопствена култура, човекот безусловно ги прифаќа нејзините вредности, идеи, правила и други елементи. На тој начин станува зависен од својата култура што му ја обликува неговата психологија и начинот на реагирањето на надворешните дразби.

Соодветната култура на поединецот му овозможува да се почувствува поинаков од припадниците на другите култури. На тој начин се формира културниот идентитет кај поединците. Се чини дека потребата да се има свој културен идентитет е антрополошка карактеристика на човекот.

Културниот релативизам е исклучително интересен феномен, кој во голема мера може да придонесе за реинтеграција на општествените системи на локален и глобален план. Културниот релативизам можеме да го дефинираме како процес во кој сите култури се еднакво вредни во мерка во која им овозможува на сите членови смисла на припадност на сопствената култура и им обезбедува интеграција во општествената заедница на која ѝ припаѓа соодветната култура. Спо-

ред тоа, за вредностите на културата едноставно не може да се суди ниту од аспект на сопствената култура ниту пак од некој објективен пристап. За културите кои нè опкружуваат не можеме да донесуваме вредносни судови. Не затоа што науката, а особено социологијата, не може да носи вредносни судови, туку затоа што тој суд е обично оптоварен од вредностите и стандардите на сопствената култура. Поради тоа постои голема опасност вредносните ставови што ќе ги дадеме за одредена култура да бидат повеќе или помалку необјективни.

Ова можеме да го објасниме со следниве примери. Да се биде во легален брак со повеќе од една жена е прекршување на правните норми во сите европски земји. Но, во многу арапски земји, стапувањето во брак со повеќе жени претставува статусен симбол. Консумирањето на месо е нормална појава европски земји, но јадењето на било какво месо е прекршок на светата диета, табу за многу ортодоксни Хиндуси. Да се признае и почитува таквата разновидност, значи да се прифатат принципите на културниот релативизам.



*Во делата на Салвадор Дали има елементи на различни култури*

Преку културниот релативизам можеме да ги избегнеме последиците на етноцентризмот. Концептот на културниот релативизам се јавува како противтежа на етноцентризмот. За културниот релативизам сите култури се различни, но еднакво вредни. Ниеден претставник на една култура не може да ги проценува културните елементи на друга култура од аспект на сопствените вредности и стереотипи.

Значи, етноцентризмот е спротивен на културниот релативизам. Буквално преведено, тоа значи ставање на сопствената култура во центарот. Според ова размислување сопствената култура е супериорна, а другите култури по дефиниција се инфериорни. Различните навики поврзани со

храната, облекувањето и семејните структури се потценети во однос на нашите сопствени навики. Одејќи во екстремност, етноцентризмот иницира омраза кон сè што е странско и различно. Некои од најекстремните примери на нехуманост во текот на историјата биле рационализирани на основите на етноцентризмот. Сепак, голем број социолози сметаат дека е потребна извесна доза на етноцентризам во онаа смисла во која поединците ќе сметаат дека е вредно за да се зачува сопствената култура. Кога на општествената група ѝ се заканува опасност однадвор, како што е случај за време на војна, лидерите намерно провоцираат етноцентрички сентименталности, за да бидат сигурни дека членовите на општествената група ќе бидат подготвени да го бранат нивниот начин на живот, односно нивната култура.

## ПОТКУЛТУРАТА И КОНТРАКУЛТУРАТА

Во рамките на една заедничка култура што важи за едно определено општество често се јавуваат поткултури. Поткултурата претставува посебен начин на живот, вредносни системи, идеи, норми и правила на однесување. Поткултурата не е изолирана во однос на универзалната односно владејачката култура, туку претставува релативно заокружен систем. Овој термин во современата социологија го вовел Алберт Коен. Тој ја дефинира поткултурата како: збир на вредности, правила и норми на однесување што членовите на некоја група ги усвојуваат, претпочитаат, нагласуваат и го поттикнуваат нивниот понатамошен развој. Поткултурите настануваат како резултат на општествената поделба на трудот и различните позиции што ги заземаат поединците во рамките на општеството. Поткултурата е тесно поврзана со општествените улоги.

Поткултурата се одликува со определен стил со некои посебни ставови и секогаш се јавува во тесна врска со некоја одредена општествена група, која е носител на една таква ориентација (млади, стари, спортисти, естрадни уметници итн.) Поради тоа многу социолози овој термин го употребуваат за означување на посебните културни обележја на слоевите и положбите што ги заземаат поединците. Поткултурите се израз на специфичностите во однос на правилата на однесување, облекување, вкусот, забавата и разонодата, а се разликуваат според возраста, полот или пак професијата. Во таа смисла зборуваме на пример за култура на градот, култура на селото, култура кај младите, култура кај старите, култура на работниците, култура на интелектуалците.

Вредностите на поткултурата се разликуваат од вредностите на доминантната и легитимна култура, која во социологијата често се нарекува матична култура. Тие се специфични по извесни модификации на основната односно матичната култура. Така за поткултурата на младите е карактеристична забавата (користењето на слободното време), начинот на облекување (модата), однесувањето и употребата на голем број жаргонизми во јазикот, што не значи дека овие млади луѓе не ги почитуваат основните морални норми на културата на народот на кој му припаѓаат. Поткултурата има позитивно влијание врз владејачката култура бидејќи влијае врз нејзиниот развој и збогатување.

Понекогаш може да се случи поткултурите да се претворат во контракултури. Тоа се случува кога одредени поединци преку своите обрасци на однесување ќе влезат во основен судир со владејачката култура и со нејзините основни цели. Тоа се своевидни отстапувања кои можат да им наштетат на основните вредности на доминантната култура и на општеството во целина. Таквите отстапувања можат да доведат до социјално-патолошки појави како што се: алкохолизмот, наркоманијата, проституцијата и малолетничкото престапништво.

Во социологијата е општоприфатена тезата дека контракултурата најчесто се јавува во следниве ситуации:

Кога поединците, па дури и цели општествени групи се принудно фрустрирани. Тоа се случува кога се блокирани од одредени институции и не можат да ги остварат своите професионални и животни амбиции. Овие блокади најчесто доаѓаат од членовите на семејството или од институциите на власта.

Кога поединците и групите, едноставно, ќе се загубат во системот на вредности што владеат во општествената заедница. Тоа најчесто се случува во транзиционите периоди кога паѓаат вредностите, а се јавуваат нови кои сè потешко се прифаќаат. Тоа е време на криза на вредностите и моралот. Тоа повлекува и своевидна криза на идентитетот на членовите на општествената заедница.

Контракултурите се појавуваат кога се јавува недостиг од социјална контрола или нејзина неадекватна примена. Под недостиг на социјална контрола се подразбира отсуство на одреден авторитет. Но, може да се постави и прашањето на цврста социјална контрола кое води кон контракултурно однесување. Практиката покажува дека и нееластичното и нетолерантното однесување на родителите може да предизвика контракултурно однесување на младите.

# МАСОВНА КУЛТУРА

Денес масовната култура е посебен и доминантен облик на култура. Постојат повеќе причини за тоа:

– Брзиот индустриски развој на западноевропските земји;

– Зголемување на градското население како резултат на интензивната миграција од село кон град. Овие слоеви од населението брзо се приспособиле кон новите работни процеси, но, не можеле да се приспособат на високата, елитна култура. За неа не биле ниту подготвени нити оспособени, бидејќи за да се разбере таа бара подолго школување и стекнати навики на долг престој и живот во градот како и поседување на натпросечни материјални средства. Негувањето на селската култура било невозможно во градот, бидејќи животот во градот не бил толерантен во однос на селските навики. Масовната култура како трето решение е создадена за задоволување на интересите на тие средни социјални слоеви.



*Џинс облеката како дел од масовната култура*

– Сè поприсутната автоматизација и сериските производи, па така културата станува достапна на сите и секој може да ја купи. За масовната култура најважна е содржината, а не начинот на кој таа е прикажана.

– Слободното време кое е несоодветно исполнето со содржина. Човекот во современото општество има сè повеќе слободно време кое е неисполнето со квалитетна содржина, па тоа претставува погодна основа за ширење на масовната култура.

– Ширењето и развојот на срествата за масовна комуникација, кои се најзначајно средство за распространување и услов за создавање и опстанок на масовната култура. Средствата за масовна комуникација придонесуваат при умножувањето на симболичките содржини. Ова умножување се постигнува на два начина: по пат на различните облици на средствата за масовна комуникација. Првиот вид се остварува по пат на копија на еден предмет (печат, фотографски и филмски копии, репродукции и плочи), а другиот вид е со помош на приемните уреди кои овозможуваат истовремена рецепција на истиот звук, или слика што се испратени од еден извор (радио, ТВ).

Прво средство за ширење на масовната култура бил печатот, кој го губи информативниот а добива забавен карактер (жолт печат). Печатот веќе не се обраќа на одредена публика, на слој од населението, туку на масата, повикувајќи се на секојдневните лични потреби и интереси на сите луѓе. Во ваквиот печат станува доминантна рекламата која зафаќа половина од просторот на весникот, а доаѓа и до скратување на текстот за сметка на цртаните илустрации или фотографии Весникот на читателот почнува да му се обраќа со слика. Кај телевизијата, иако има и информативен карактер, примарен е нејзиниот забавен карактер. Денес постојат голем број приватни телевизии чии програмски содржини се насочени исклучително за забава. Телевизијата ја привлекува публиката со програми кои кај гледачите предизвикуваат безгрижност и привидна среќа.



*Влијанието на средствата за масовна комуникација е огромно*

Според тоа, карактеристиките на масовната култура се:

– да се служи со вредностите на високата култура која ја популаризира. На тој начин ја снижува вредноста на високата култура бидејќи оригиналот го претвора во сериско производство;

– да доведува до пасивност кај луѓето бидејќи не покренува никакви прашања и не го поттикнува поединецот на размислување;

– да формира и сопствени содржини: филмски ѕвезди, пејачи на забавна и народна музика, сапунски серии и др. Основни карактеристики на тие содржини се раскош, сјај, среќа, уживање, еротика, и среќен крај;

– да ги брише границите меѓу општествените слоеви. Сите се изедначуваат како потрошувачи на масовната култура;

– понекогаш се чини дека ни се наметнува овој облик на култура. Последиците од формирањето на единствено мислење, вкус и јазик можат да бидат пат кон толеранција и разбирање но во исто време и можност за полесна контрола на поединците и групите.

Кичот е придружна појава на масовната култура. Тој се јавува во сите области на уметноста: народните песни во кои е кич содржината на текстовите на тие песни, музичките изведувачи кои својата популарност ја темелат на физичкиот изглед и привлечноста, а музиката им е слаб квалитет, во филмската индустрија се јавуваат филмови и серии без никаков вистински квалитет; во архитектурата се градат куќи при што не се води сметка за практичноста и рационалноста на внатрешниот простор, туку на надворешниот изглед кој треба да го прикаже богатството на сопственикот итн.

Од наведените примери може да се констатира дека кичот е снижување на вредноста на уметникот. Кичот личи на уметност, тој како и уметноста е достапен на сетилата. Но тој е фалсификат на уметноста, фалсификат на оригиналот. Кичот се наметнува ширејќи пријатни ефекти (шири задоволство и уживање). Кичот предизвикува моментални и површни чувства.

Шундот се однесува на литературата. Шунд-литература се лесни љубовни романи, криминални романи итн. Тоа се литературни дела лишени од уметничка вредност.

## ВРЕДНОСТИ, НОРМИ И ОБИЧАИ

Со поимот општество се означуваат големи групи на луѓе кои живеат заедно и соработуваат. За да биде можно ова секоја култура поседува елементи преку кои општеството го насочува, води и контролира човековото однесување и дејствување. Такви елементи на културата се вредностите, нормите и обичаите.

### *ВРЕДНОСТИ*

За разлика од нормите кои не упатуваат на конкретно однесување, вредностите нудат општи насоки. Тие одредуваат што е важно, достојно за напор и вредно да се постигне. Често се нагласува дека индивидуалниот успех и материјализмот се главни вредности на западните општества. Најчесто, како симбол и мерило за индивидуалниот успех се земаат квалитетот и количеството на материјални добра што човекот ги поседува. Поединецот верува дека е важно и пожелно да се биде прв во класот и да се стаса до високоплатени и ценети занимања.

Социологот Робин Вилијамс ги испитувал доминантните вредности во американската култура. За Вилијамс индивидуализмот и самодовербата се две основни вредности на Американците. Кога Американецот ќе успее, тоа си го припишува на сопствените способности, но и кога нема да успее се обвинува самиот себе „ лошата среќа“ и не го обвинува општеството.

Други вредности кои, исто така, се значајни се ефикасноста и практичноста. Американците се убедени дека иднината ќе биде подобра од сегашноста  и веруваат дека науката и технологијата ќе бидат услов за подобра иднина. Припадниците на одредена култура и не мора да ги знаат сите вредности, затоа што тие се содржани во правилата на однесување по кои луѓето постапуваат. Така, на пример, вредноста која му се придава на човечкиот живот е претставена во неколку норми: правилата поврзани со хигиената во домот и на јавни места ја содржат грижата за човечкиот живот. Тоа се однесува и на правилата и на прописите кои го регулираат сообраќајот и однесувањата на патиштата. Сите тие се во служба на заштита на животот и здравјето.



Безбедносните мерки кои се преземаат на работното место, посебно во рудниците и фабриките произлегуваат од нормите за заштита на животот како вредност.

Вредностите ја определуваат важноста и рангот на човековите активности. Макс Вебер го истакнува влијанието на протестантската етика во настанувањето на капитализмот. Протестантизмот ја сфаќа работата како позив. Секој бил должен да работи, да има еден позив и со него да се одликува. Уживањето требало да се сведе на најмала мера. Трудољубивоста, штедливоста, деловната чесност и позитивната совесност биле главни одлики. Се работело многу, но, не поради богатството и можноста да се ужива во него, туку поради чувството на должност и поради уверувањето дека работата е најдобар лек за грешните мисли и желби. Но, иако не се работело за да се стекне богатство, сепак се тежнеело кон деловен успех кој ќе донесе богатство. Деловниот успех се доживува како знак дека Бог е задоволен од нашиот начин на живот и дека ја благословил нашата работа. Упатувајќи го човекот на стопанска работа и советувајќи му аскеза (бидејќи уживањата се грешни), протестантизмот ја подготвувал онаа духовна настроеност која ја барал капитализмот.

Ако членовите на едно општество прифатат заеднички вредности но ако дел од нив немаат еднакви можности да ги остварат тие вредности затоа што имаат различнии позиции, на пример, се разликуваат според класната положба, таквата состојба може да создаде девијантно однесување.

Земајќи ги САД како пример, американскиот социолог Роберт Мертон го нуди следново објаснување. Членовите на американското општество имаат прифатено некои клучни вредности на американската култура. Успехот како дел ги обединува Американците затоа што сите се стремат кон него. Успехот, главно, се мери со богатството и поседувањето на материјалните добра. Според „американскиот сон“ сите членови на општеството имаат еднакви можности за да постигнат успех, да поседуваат cadillac, палата на Beverly Hills и солидна сметка во банка. Во сите општества постојат норми кои водат кон постигнување на целите дефинирани од културата. Во Америка, прифатен начин за постигнување на успех се образованите квалификации, талентот, напорна работа, војлата, одлучноста и амбицијата. Во едно урамнотежено општество, подеднаква важност им се придава на културните цели и на прифатените средства. Но, во Америка голема важност му се придава на успехот, а сразмерно помало значење им се дава на прифатените начини за постигнување на успехот. Како такво, американското општество е нестабилно, неурамнотежено. Постои тенденција да се опфатат правилата на игра и борбата за успех да се води со сите расположливи средства. Кога правилата ќе престанат да функционираат

се создава состојба без норми или „аномија“. Во состојба во која „сè е можно“, нормите повеќе не управуваат со однесувањето на поединците. Оваа состојба поттикнува девијантно однесување.

## НОРМИ

Бидејќи човекот не поседува инстинкти, неговото однесување мора да го усмеруваат и регулираат општествените норми. Нормите можат да се дефинираат како насоки кои управуваат со однесувањето на поединецот во определени ситуации. Нормите како елементи на културата можат да се поделат на обичаи, морални норми и правни норми (закони).

## ОБИЧАИ И МОРАЛ

И обичаите и моралот се непишани правила со кои се организираат односите меѓу луѓето како и односите меѓу човекот и природата. Иако за нивното прекршување не следува парична казна или казна затвор членовите на заедницата ги почитуваат затоа што ги чувствуваат како задолжителни. Обичај е да се прават слави, да се бојадисуваат јајца за Велигден, да се погребуваат мртвите или да се носат подароци на свадба.

Според подрачјата на животот што ги регулираат се разликуваат следните обичаи:



*Повикување на гости за свадба – дел од македонските народни обичаи*

- Верски обичаи, како што се: принесување на жртва, слави, крштевање, венчавки, погреби, причеста. Преку нив се воспоставува таинствена врска со натприродното.
- Обичаи поврзани со стопански активности како што се: ловот, сточарството, трговијата, земјоделството со намера да се придобијат надприродните сили.
- Медицински обичаи наменети за заштита на здравјето и лечење на болести како што е: баењето, носењето на амајлии, правењето на лекови.
- Обичаи за зацврстување на социјалните врски: посети, побратимства, кумство, селска слава.
- Обичаи на крвна освета или заклетва за чување на традиционалниот ред и за казнување.

Со обичаите како општествени норми се уредувале односите меѓу луѓето и со природата во неразвиените општества каде што промените се одвиваат многу бавно. Во создавањето на обичаите учествуваат сите членови на општеството а се пренесуваат и се одржуваат со традицијата. Традицијата е уверување дека нешто треба да се прави затоа што и порано се правело, оттука една од карактеристиките на обичаите е нивното бавно менување. Затоа во некои општествени заедници опстојуваат и тогаш кога одамна исчезнале потребите поради кои настанале. Тие опстануваат и тогаш кога членовите на заедницата и самите соогледуваат дека обичајот е бесмислен и лош.

Ако некој член на заедницата не се придржува кон обичајот следуваат неслужбени санкции кои ги изрекува групата, заедницата или целото општество. Општествените санкции можат да бидат: мистични (клетва, бојкот, заканување, протерување), сатирични (презир, подбивање, потсмевање), или физички (тепање, смртна казна).

Поради сложениот живот во модерните општества сè повеќе слабее регулативната сила на обичаите. Обичаите како израз на колективна и народна свест за да не се изгубат сосема, почнуваат да се комерцијализираат во туризмот, на пример, Галичка свадба или Вевчански василичари. Побргу исчезнуваат призводните и медицинските обичаи а побавно социјалните и религиските. Обичаите кои задоволуваат некои фундаментални потреби за друштвеност најдолго опстојуваат (свадби и слави).

Секое општество од своите членови бара да знаат што треба а што не смеат да прават.

# МОРАЛ

Моралот е регулативна идеја. Таа значајно влијае врз однесувањето, карактерот и совеста на поединецот, општествените групи и општеството во целина. Како регулативна идеја моралот се заснова на совеста, знаењето, чувствата и волјата. Се изразува со атрибутите добро и зло. Облиците за изразување на моралот се моралните категории: морални судови, морално однесување, карактер, совест, должност, правило и вредности.

Кога зборуваме за изворот на моралните чувства, моралната свест и однесување можат да се издвојат следниве теории: теорија на нагонот или несвесното, рационалистичка теорија, социологистичка теорија и теорија за натприродниот израз на моралот.

Според теоријата на нагонот, човекот непогрешно го води нагонот или неговото несвесно кон добриот морален избор или однесување. Кога човекот се придружува на нагонот, тој не греши. Нагонот го одржува видот и затоа тој е морален. Или „моралниот закон е животински нагон и ништо повеќе“.

Во рационалистичката теорија се истакнува дека луѓето морално грешат не заради тоа што се лоши по природа, туку поради тоа што не знаат како да постапат во одреден момент. Оној којшто знае, не би смеел да греши.

Социологистичката теорија ја застапува, пак, идејата дека моралот е производ на општеството и општеството го вградува моралот во поединецот. Она што општеството смета дека е добро секако дека мора да биде добро и за поединецот.

Теоријата за натприродниот извор на моралот се обидува да докаже дека на човекот му е потребна моралност, вера во Бог како творец на светот, како морален законодавец, врховен судија кој ќе обезбеди дефинитивна оцена за човечките постапки и наградa за казна за нив за „оној“ – трансцендентниот свет, што значи дека главна компонента на моралноста е вербата во бесмртноста на душата.

## ЗАКОНИ

Кога општествените норми ќе станат службени, за тие норми велиме дека преминале во закони. Законите ги донесува власта која може да биде избрана или наметната. Кршењето на законите го санкционираат посебни служби како што се полицијата и судовите. Законот е формално регулирање на односот на индивидуалните членови на општеството како целина. Многу општества не прават разлика меѓу законот и религијата. Во древна Палестина, еврејскиот закон не ги регулирал (уредувал) само обврските на луѓето спрема господ, туку, и односите помеѓу човечките суштества. Во некои средно-источни држави општествените односи се регулираат според верските книги. Римјаните биле првите кои законот го издвоиле од религиозните наредби и прогонувања.

Во демократските општества законите ги носат избраните претставници на народот во парламентот. Законот е поделен на кривичен и граѓански закон. Убиство, силување, кражба и насилство се примери за прекршоци според Кривичниот законик. Судското гонење на обвинетите за овие прекршоци ги презема државата. Туристите кои предвреме плаќаат аранжмани за патување и останале без сместување може да поведат законска постапка за обештетување против компанијата. Ова е само еден пример од граѓанскиот закон, каде што државата не е странка во постапката туку само пресудува во расправиите помеѓу две или повеќе приватни странки.

Законот за општеството и за индивидуите остварува неколку функции:

- Одржување на јавниот ред. Како законот го одржува јавниот ред? Наместо да им се препушти на луѓето во меѓусебните расправии да делат правда, или да казнуваат со крвна освета, разрешувањето на расправиите го преземаат официјални институции (судови) каде непристрасните судии донесуваат одлуки врз основа на постојните закони. Иако во процесот на социјализација, членовите на општеството прифаќаат од неговите службени и неслужбени (формални и неформални) правила кои го управуваат однесувањето, сепак, сознанието дека законите постојат и дека нивното прекршување може да донесе казна ги опоменува престапниците.

- Регулирање на соработката во општеството. Имот се купува и продава меѓу лица или организации, градежните претпријатија се обврзале автопатот или училиштето да го завршат во определен рок, преземените стоки треба да се платат со договорен почек. Странките вклучени во наведените активности се заштитуваат со договори чие непочитување може законски да се спроведе.
- Заштитата на правата. Во демократските општества законот ги заштитува правата и слободите на индивидуите како што се: слобода на движење, слобода на говор, право на гласање, слобода на вероисповед.
- Регулирање на животот во општеството. Со развитокот на општеството од поедноставни, во кои традицијата и обичаите ги одредувале правилата за однесување, кон посложени со развиена поделба на работата бројот на закони (формални правила и регулативи) се зголемил. Законот го регулира животот во општеството затоа што обезбедува рамка во која може да се одвива секојдневниот живот. Ако законот забранува автомобилите да се паркираат надвор од утврдените паркинзи, лицето кое го почитува законот е поштедено од дилемата дали автомобилот да го качи на тротоар. Компанијата која го рекламира производот со давање на гаранција мора да го почитува ветувањето ако не сака да се најде пред суд. Ако законот забранува употреба на деца во производството, оние кои ќе ја прекршат забраната треба да бидат санкционирани.

Во наведувањето на функциите на законот претставена е нивната идеална функција. Во реалниот живот моќните групи можат да урнат или да спречат некоја функција на законот. Еден од идеалите во демократиите е дека пред законот сите се исти, или како што забележал Анатол Франс „Законот со сета своја величествена еднаквост им забранува како на богатите така и на сиромашните да спијат под мостови во дождливи ноќи, да просат по улиците и да крадат леб“. Самото споменување на богати и сиромашни ни покажува дека луѓето со еднакви способности немале и еднакви можности. Таму каде што постои општествена нееднаквост во пристапот до високоплатени работи или до факултетски дипломи, веројатно е дека луѓето од ниската класа, посебно младите, мажите од ниската класа, хомосексуалците, хипиците

и припадниците на видливите (со поинаква боја) малцинства, повеќе ќе бидат  надгледувани од полицијата. Не треба да се очекува дека припадниците од средната класа нема да имаат привилегии ако бидат фатени во очигледно кршење на законот.

Законите ги изразуваат општествените вредности но во општествата поделени на групи со различни убедувања не може да се очекува дека сите закони ќе ги изразуваат вредностите на сите групи. Спротивставувањата околу законите за абортус се добар пример. Групите кои се залагаат за избор, одлуката дали да се роди дете треба да и се препушти на жената, и абортусот да не се забранува со закон. Групите кои го бранат правото на живот, обично потпомогнати од католичкото свештенство, сметаат дека абортусот е убиство и како такво треба да биде забрането.

Сепак, законите ги изразуваат вредностите и верувањата (дека се потребни) на голем број припадници на општеството. Може да се наведат примери кога законите поради тоа што не ги исполнуваат овие критериуми ќе бидат променети или елиминирани. Во 1920 година во САД беше донесен Законот за прохибиција со кој се забранува производство и продажба на алкохол. Бидејќи поголем дел од Американците производството, продажбата и употребата на алкохолни пијалаци не го сметале за прекршок, спроведувањето на законите станало многу тешко и затоа бил укинат во 1930 година.

***Задача:***

Писателот Анатол Франс демократскиот идеал дека пред законот сите се исти го става под сомневање. Анализирај го прилогот: „Законот со сета своја величествена еднаквост им забранува како на богатите така и на сиромашните да спијат под мостови во дождливи ноќи, да просат по улици и да крадат леб“.

- Зошто наведениот цитат е противречен?

# РЕЛИГИЈА

## *ПОЈМОВНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РЕЛИГИЈАТА*

Религијата е комплексен општествен феномен кој е присутен во сите познати општествени заедници. Почнувајќи од тотемизмот, како типично обележје на примитивните општества, па сè до современите светски религии (христијанство, ислам, јудаизам, будизам) денес во светот постојат голем број на живи религии. Токму поради овој факт многу е тешко да се определи една унифицирана дефиниција која во себе го носи сето шаренило на овој општествен феномен.



*Момент од богослужба*

Многу автори различно ја дефинирале религијата, при што некои нејзини аспекти ги истакнувале како најважни и им ги приповедале на другите. Други, пак, автори се обиделе да ги идентификуваат сите моменти кои го сочинуваат феноменот религија и на тој начин да дадат комплетна дефиниција за оваа многу важна општествена појава. Но, притоа не се водело сметка за појмовното преклопување меѓу различните аспекти на религискиот феномен. Ова, пред сè, се однесува на фактот што различните елементи на религијата, едноставно се слепени едни на други, при што особено е тешко да се одделат и да се доведат на ниво на јасно издиференцирани поими, а уште потешко е овие поими да се подредат.

Во тој контекс мораме да констатираме дека религиската содржина, т.е. конститутивните елементи на религијата можат да се разберат само во нивно единство.

Во обидот да се дефинира овој сложен општествен феномен прифатени се два пристапа според содржината и според функциите кои ги има религијата за општеството и за поединецот.

Од особена важност за понатамошната определба на религијата е Диркемовата поделба на свето и световно. Според него религијата е „Обединет систем на верување и вероиспедни обичаи кои се однесуваат на светите нешта, т.е. нешта кои се издвоени и забранети – верувања и вероиспедни обичаи кои во една единствена морална заедница, наречена црква, ги соеди нува сите кои им се приврзани“. Според Диркем, светите нешта бараат безусловно почитување, но голем број критичари тврдат дека тоа не може да биде важен критериум при разликувањето на светото од световното, бидејќи во многу религиски системи луѓето не се однесуваат секогаш со пиетет спрема светите (сакрални) нешта.



*Христијански православен храм*

Типичен пример за тоа во римокатоличката црква, наведува Хамилтон, кој вели дека во Јужна Италија, светител кој ни по долг период на предани молитви не возврати на саканиот начин, може да биде остро предупреден дека неговата статуа ќе биде свртена наопаку, камшикувана или, пак, отфрлена и заменета со статуа на некој друг светител.

Обидувајќи се да ги избегне проблемите од тој тип Гуди поимот свето го заменува со натприродно во својата дефиниција за религијата. Робертсон пак тврди дека без разлика на тоа дали другите култури прифаќаат или не прифаќаат постоење на разлики помеѓу светото и световното или природното и натприродното, нивните верувања подразбираат постоење на една надемпириска област, која по него ги содржи идеите кои го надминуваат она што е очигледно и достапно, кое влијае на емпириската област и е во врска со неа, а за да се разликува од науките и теориските анализи неемпириското им дава „различност“ која го создава неговото религиско својство. Во овој контекст тој ја дефинира религијата како „...збир од верување и симболи (и вредности кои произлегуваат непосредно од нив) кои го сочинуваат делот на разликите помеѓу емпириската и неемпириската, трансцендеталнaта стварност – дејството на емпириското битие е од помало значење од дејството на неемпириското. Второ, религиската акција едноставно се дефинира како акција обликувана со признавање на разликите помеѓу емпириското и надемпириското“.

Со оглед на големиот број дефиниции дадени од истражувачите кои се занимавале со религијата, повеќе не би се задржувале на нивното цитирање, туку би се определиле за една од нив за која сметаме дека најмногу соодветствува со потребите на овој учебник. Најприфатлива е феноменолошката дефиниција за религијата која ни ја дава Вуко Павичевиќ. Според неа, религијата е организиран збир на верувања, чувства, симболи, култни дејства и морални норми, врзани за идејата или замислата за „онострано то битие“.

## ФУНКЦИИ НА РЕЛИГИЈАТА

Религијата може да се дефинира и според функцијата што ја има за општеството и поединецот, бидејќи религијата е субјективна и објективна; индивидуална и колективна појава. Всушност, и Диркемовата дефиниција за религијата во себе содржи и функционалистички елементи бидејќи наведува дека религијата ги соединува своите следбеници во единствена морална заедница, црквата.

Слично мислење во врска со религијата делат голем број теоретичари на религијата, особено од функционалистички правец, кои сметаат дека религијата има значајна улога во интегрирањето, поврзу-

вањето и идеолошкото обединување на глобалното општество. Оваа улога религијата ја извршува со тоа што дава систем на вредности, посебен поглед на светот и систем на цели кои можат духовно и идеолошки да обединат различни групи и слоеви во едно глобално општество. Но, секако, не можеме да го апстрахираме фактот дека религискиот плурализам може да врши и дезинтеграциона улога, па дури и да предизвика отворени судири и конфликти.

Овие автори истакнувајќи ја интегративната фукција на религијата даваат и одредени аспекти на нејзината етичка функција, т.е. на моралните норми и вредности предадени во посебниот поглед на светот што го нуди религијата. Всушност, светото и божественото не можат да се остварат без етичност.

## *ЕТИЧКА ФУНКЦИЈА НА РЕЛИГИЈАТА*

Во учењето на основачите на големите религии атичкиот аспект бил примарен во однос на религиско-догматскиот. Религијата била облик во која нивното социјално учење морало да биде обвиткано со трансцендентното, натприродното за да обезбеди практична примена и подршка на пропишаниот морален кодекс. Овде голема улога има чувството на стравопочит кон натприродното битие и санкцијата („божјата казна“ во разни облици) која не може никако да се избегне.

1. Јас сум господ твој, да немаш други богови освен мене
2. Не прави идол или слика на она што е горе на небото, што е долу на земјата, што е во водата и под земјата; не им се поклонувај и не им служи.
3. Не изговарај го напразно името на Господа, твојот бог.
4. Спомнувај си за денот на одморот за да го празнуваш, шест дена работи и сврши ги сите работи, а седмиот ден посвети го на Господа, твојот бог.
5. Почитувај го твојот татко и твојата мајка за да ти биде добро и да поживееш на земјата.
6. Не убивај.
7. Не прави прељуба.
8. Не кради.
9. Не сведочи лажно против својот ближен.
10. Не пожелувај ништо што е туѓо.

Според Вуко Павичевиќ, социолошки и историски гледано, поврзувањето на моралот и религијата имало позитивни последици. Тие особено произлегуваат од замислата за божеството како семоќен авторитет и судија којшто се гледа. Оваа претстава за Бог која постојано ја тера индивидуата да го контролира своето однесување бидејќи „Бог гледа сè“ и да настојува да се однесува во соодност со елементарните норми кои религијата ги смета како израз на божјата волја.

Вродениот страв на човекот од непознатото, неизвесноста во животот и извесноста од смртта, човечкиот отпор физичката смрт да ја прими како конечен чин на животот – сите овие фактори обезбедуваат големо влијание на религиските размислувања, а преку нив и влијание на моралните норми, иако се од световен карактер, презентирани под маската на Божјите заповеди добиваат нова диманзија.

Ралигиската свест е необична и повеќедимензионална творба која може да ги зафати најшироките слоеви, различните возрасти и различното интелектуално ниво, бидејќи до едните продира со алегориски приказни чија содржина, најчесто и нескриената морална порака, лесно се разбира и се усвојува дури и од малите деца, а до другите продира со сложен категоријален апарат на досетливо изнијансирани и поврзани поими.

## *ПСИХОЛОШКО-ЕМОЦИОНАЛНАТА ФУНКЦИЈА НА РЕЛИГИЈАТА*

Социолозите, пак, ја нагласуваат психолошко-емоционалната или компензаторската функција на религијата. Оваа функција се однесува на егзистенционалните негативности во човечкиот живот, пред сè, на смртноста или конечноста на човекот како индивидуа, потоа злото, трпењето, болката и многу други чувства и фрустрации.

Според Јингер, религијата е систем од верувања и вероисповедни обичаи со чие посредство група луѓе се бори за суштинските проблеми на човечкиот живот. Но, Хамилтон смета дека оваа дефиниција е премногу инклузивна, бидејќи, според неа, низа од појави може да се сметаат за религија и заклучува дека е необично заедно да се сместат верските системи и идеологиите, како, на пример, комунизмот кој е изразито антирелигиски.

Во своето дело *Општествена психологија на светските религии,* Вебер истакнува дека човекот соочен пред проблемот обично има по-

веќе начини да го реши. За кој ќе се одлучи, зависи од неговото сфаќање за светот. „Потребата за спасение е резултат на верниковиот поглед на свет...“ „од што“ или „поради што“ човекот сака (и да не заборавиме „може“) да оствари спасение, зависи од неговиот поглед на светот“.

Вебер смета дека религијата е еден вид „рационализација“ на страдањето, или на некој начин осмислување на страдањето кое произлегува од човечката потреба да се избори со многу брутални животни факти како што се: страдањето, несреќата, смртта, кои објективно неможат да се отстранат. Рационализацијата на страдањето често вклучува претстави и замисли на „надомест“ било на овој било на „оној“. Според Малиновски, религијата е длабоко вкоренета во потребите во човечкиот живот и во „животните напнатости и тешкотии како и во потребата за соочување со големата нерамноправност“.

Основна причина за појава на религијата, според Малиновски, е верувањето во бесмртноста на душата. Свеста за загуба, на овој начин, со посредство на религијата се заменува со свест за вечно траење. Во врска со тоа Малиновски вели: „Мислам дека сите појави, кои обично ги подведуваат под изразите како што се анизам, обожавање на предците или верување во духови, имаат корен во вкупниот човечки став кон смртта“. Смртта навистина е една од најчудните и гранични подрачја на човековото постоење, па слободно може да се каже дека има значајно место во толкувањето на сите религии. Таа е факт пред кој човекот останува нем, и која никогаш не може докрај да се објасни. па колкав и да е голем прогресот на научното сознание.

Слично размислување имаат Старк и Бејнбриџ кои велат дека религијата не им гарантира на луѓето вечен живот, туку им нуди компензација.. Суштината е во верувањето дека поединецот ќе биде награден доколку се однесува на одреден начин. Всушност наградите се она што поединците го посакуваат и за чие остварување се подготвени нешто да вложат. Во поимот награда може да се замислат конкретни и посакувани нешта, но и оние најопштите како што е разрешување на прашањето за смислата на животот. Општите компензатори, т.е. оние кои веруваат во крајно воопштени награди, поддршка можат да пружат единствено, со објаснувањата кои се повикуваат на натприродните сили. Религијата, според Старк и Бејнбриџ, нуди уверување дека ако општите награди не можат да се добијат овде и сега, може да се добијат во иднина како, на пример, желбата за бесмртност, т.н. вечен живот. Бидејќи е неизвесно дека тоа може и да се оствари, измислени се компензатори чија вредност емпириски не може  да се провери и утврди и во која мора да се верува.

# РЕЛИГИСКАТА ТОЛЕРАНЦИЈА ВО Р. МАКЕДОНИЈА

Ако појдеме од констатацијата дека толеранцијата е таков модел на однесување во кое е допуштено важењето на некое руго религиско начело, тогаш можеме да ги наведеме следните тези. Толеранцијата е трпеливост, подносливост и допуштено отстапување од вообичаените религиски прописи. Социолошки инерпретирано, тоа е трпеливост и подносливост кон одредени туѓи уверувања, дозволено важење на други начела, кои не се сопствени но кои мораат да се уважуваат во духот на граѓанските слободи и демократското јавно мислење. Накратко кажано толеранцијата е допуштено отстапување од своите сопствени убедувања. Сега се поставува клучното прашање: Каква е религиската толеранција во Р Македонија после нејзиното осамостојување?



*Манастир Св. Пантелејмон Нерези, Скопје*

Ако сакаме да дадеме одговор на ова прашање треба да најдеме некаков вид рамнотежа меѓу гледиштата дека Македонија е цветна градина во која владее чувството на мир и добрата волја на граѓаните со различна вероисповед и гледиштето дека во нашата земја владее законот на спротивставени и понекогаш зовриени односи.

Р. Македонија е земја што е оптоварена со своето минато и историја. Во неа судбински се сретнуваат и испреплетуваат две небески царства: христијанското и муслиманското. Исто така, таа е место на две исто така големи култури и цивилизации. Православната култура и византиската цивилизација од една стра на и исламската култура и муслиманската цивилизација од друга страна. Дали нè очекува судир на цивилизациите на ова мало парче земја или, пак, иднина во која ќе царува мултикултурализмот, мултиетничкиот соживот и богатството на разликите? Кога говориме за ова не треба да се заборави фактот дека Македонија е дел од поширокиот регион (Западен Балкан) кој е обременет со сите прашања што ги спомнавме погоре. Тоа е област на верска, културна, етничка, општествена и идеолошка различност; па не е ништо чудно што недоразбирањата, споровите и повремените судири не се само од верски карактер туку и од политички, етнички, културен, идеолошки и психолошки карактер.



*Шарената џамија во Тетово*

Исламот и христијанството се дел од источните вери, и не се исклучуваат едни со други. И христијанството и исламот имаат различни имиња за еден Бог.



*Милениумскиот крст на Водно, Скопје*



*Соборен храм Св. Климент Охридски, Скопје*

Меѓутоа проблемот се јавува, кога ќе се појават меѓусебни недоразбирања и судири внатре во секоја од наведените религиски и етнички заедници. И македонската и албанската во суштина се затворени етнички групи. Во нив се јавуваат недоразбирања и неволи од економски, социјален, политички и културен карактер кои не можат да се решат внатре во заедниците (било во македонската било во албанската). Во тој момент како по правило се бара дежурен виновник. А кој би бил тоа? Се разбира жртвено јагне се бара во етничката група која е најблиску до вас. На тој начин многу успешно се прикриваат вистинските причини за политичко – социјалните кризи на сопствената етничка заедница. Поради тоа многу е прифатлива максимата дека оној што не може да води човечки разговор со припадникот на сопствената вера уште помалку може тоа да го прави тоа со припадник од различна вера.

Во таа смисла многу е актуелна Диркемовата социологистичка теза. Ако ја парафразираме, таа би изгледала вака: доколку во некоја општествена заедница постои негативна и разорна енергија која комплетно може да ја дезинтегрира заедницата, тогаш таа негативна енергија се насочува кон соседната општествена заедница. Во тој случај „мојата“ заедница е ослободена од распад и внатрешни судири. За да се спаси сопственото племе најдобро е да се нападне соседното племе.

Во овој контекст би било интересно да се најде одговор на прашањето дали Македонската православна црква и Исламската верска заедница со своето дејствување ги смируваат или уште повеќе ги разгоруваат етничките проблеми и недоразбирања. Бидејќи се одвоени од државата секако дека не можат да бидат директни виновници за сите меѓуетнички проблеми во Македонија. За тоа е виновна државата и дејствувањето на политичките партии во неа. Сепак на ова прашање може да се одговори кога ќе се направи темелна анализа на изјавите на верските лидери околу сите случувања во Република Македонија во

последните десет до петнаесет години. Тогаш би се видело во која мера нивните говори се различни од верските учења за мирот и конфликтите. Во секој случај овие две верски организации не можат да се обвинат како директни виновници за етничките судири и проблеми. Тие не влијаат врз јавниот живот и јавното мислење на начин на кој тоа го прават државата и нејзината политичка елита преку средствата за масовна комуникација. Меѓутоа тие не се лишени од секаква одговорност. Ако не за тоа што го кажале, барем за она што не го кажале а требало да го кажат. Се добива впечаток дека најголемите верски организации во Република Македонија немаат доволно сила да зборуваат со својот сопствен религиозен јазик, туку во определен општествено-политички момент зборуваат со колективниот јазик на својата средина каде што етноцентризмот станува идеологија на новото време.

***Прашања и задачи:***

1. Што не прави нас да се чувствуваме како припадници на една култура?
2. Кои културни сличности можеме да ги најдеме кај припадниците на различните култури во нашето општество?
3. Обиди се да ги доловиш и препознаеш припадниците на различните култури и контракултури во Македонија.
4. Кое е влијанието на средствата за масовна комуникација врз формирањето на социолошките сознанија кај младите во Р. Македонија?
5. Прочитај ги десетте божји заповеди и обиди се да утврдиш колку тие влијаат на твоето морално поведение.
6. Обиди се во дискусија со твоите соученици да одговориш на прашањето: Дали важи начелото дека законот е еднаков за сите во рамките на нашата држава?
7. Како лично ти ја доживуваш идејата за постоење на натприродно и онострано битие?
8. Колку религијата му помага на човекот да го оформи своето морално однесување и да се оттргне од општествено девијантните појави какви што се алкохолизмот, наркоманијата, проституцијата, самоубиствата, криминалитетот итн?
9. Обиди се преку дискусија да откриеш која е врската помеѓу религискиот и етничкиот идентит на една личност.
10. Според твое мислење, што треба да се направи за да се оствари практично религиската толеранција во Р. Македонија?

# ОПШТЕСТВЕНА СТРУКТУРА

## ПОИМ И ЕЛЕМЕНТИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА СТРУКТУРА

Зборот структура потекнува од латинските зборови structura што значи склоп, состав, градба и struere што значи уредување. Поимот структура често се заменува со поимот состав иако тие се разликуваат. Составот укажува на елементите од коишто се состои некоја целина, додека структурата ни зборува за начинот на којшто тие елементи се обединети во целина. Структурата се однесува на поврзаноста. На пример, еден фудбалски тим има состав и структура. Составот ни кажува кои играчи ќе истрчаат на терен а структурата се однесува на играта која може да биде офанзивна и дефанзивна (кога повеќе е нагласена одбраната).

Основни елементи од коишто се состои општествената структура се:

- Општествените групи
- Општествените организации
- Општествените институции

Општествената структура можеме да ја разбереме само ако ги проучиме сите три елементи, но не изолирано и независно едни од други туку во нивните заемни односи.

Општествената структура може да се разгледува од неколку страни или димензии:

- Функционално-хоризонтална страна
- Слојно-вертикална
- Просторно-територијална
- Историска или временска

Функционално-хоризонталната димензија на општеството укажува на неопходните функции без кои општеството не може да постои. Такви функции се:

- Производно-репродуктивна
- Регулативна
- Културно-идентификациска

Производствено-репродуктивните функции им припаѓаат на групите како што се семејството или претпријатието. Регулативните функции ги врши државата, додека културно-идентификациската функција треба да го обезбеди чувството на припадност.

Проучувајќи ја функционално-хоризонталната страна или димензија на општествената структура доаѓаме до општествената улога која ни зборува за активностите и однесувањето на поединци и општествените групи кое е определено од општествените и културни норми.

Слојно-вертикалната димензија на општествената структура укажува на општествената положба на поединците и групите. Општествените улоги се разликуваат според значењето кое им го придава општеството. Оттука, општествените улоги се разликуваат според богатството, угледот и моќта која им припаѓа. Богатството, моќта и угледот ни ја покажуваат различната положба во општеството. Слојно-вертикалната страна на општествената структура ни ја покажува општествената нееднаквост.

Просторно-територијалната димензија на општествената структура укажува на природните влијанија во организирањето на социјалниот простор.

Историската димензија на општествената структура нѐ упатува на промените во општеството. Не постои статична општествена структура, односно структура којашто не се менува.

Со наведувањето на елементите и димензиите, општествената структура може да се дефинира како целина од различни односи меѓу општествените групи, општествените организации и општествените институции и правила врз кои се поставени нивните меѓусебни односи, кои се менуваат во текот на времето.

## ФАКТОРИ КОИ ЈА ОПРЕДЕЛУВААТ ОПШТЕСТВЕНАТА СТРУКТУРА

Меѓу најчесто споменуваните фактори се истакнуваат:

– Порастот на населението, односно неговата густина. Таа води кон зголемување на неговите потреби што ќе предизвика зголемување на бројот на структурните елементи по пат на поразвиена општествена поделба на трудот, односно до појавување на нови општествени единици од кои секоја задоволува некоја општествена потреба;

– Општествената структура во својата основа е определена од степенот на развој на производствените сили и општествената поделба на трудот, како и од производствените и сопственички односи;

– Општествената структура е условена од општествената поделба на трудот;

– Општествената структура е условена од општествената положба и општествената улога на луѓето;

– Општествената структура е определена од индивидуалните психофизички особини или национални карактеристики.

– Определената структура на општеството е условена од степенот на културата на индивидуите и на пошироките општествени групи;

– Општествената структура на современото општество е определена во својата основа од распределбата на доходот;

– Општествената структура е определена од потребите на општеството како целина итн.

Општествената поделба на работата има пресудно влијание врз обликувањето на општествената структура. Поделбата на работата ни покажува врз која основа поединците ги добиваат задачите во групата. Овие основи не се исти за сите општества. Во некои општества поделбата на трудот ќе зависи од кастата или сталежот на кој и припаѓа единката, а некаде влијание има и расната припадност, во развиените индустриски општества критериум е образованието и стручноста. Како е поделена работата во општеството е важен показател за неговиот развиток. Стручњаците кои имаат знаење, кое обично се стекнува низ долги години на образование, се сметаат за пресуден чинител за доброто и развитокот на општеството. Во општествата кои бележат економски успех, стручњаците се високо наградени како со материјални награди (пари) така и со симболични награди како што се престижот и моќта.

## ОПШТА СТРУКТУРА НА ОПШТЕСТВОТО

Човечкото општество не може да постои без јазик и економски систем поврзан со производството и распределбата на добра. Неговото постоење вклучува и одредени начини за социјализација на новите генерации како што се семејството и образованието. Нема општество без власт и поделба на моќта меѓу општествените групи. За зацврстување и зголемување на општествената согласност, на општеството му се потребни вредности, обичаи, норми, морал, религија.

За да се одговори на прашањето кои појави во општеството се основни а кои се изведени Карл Маркс истакнува дека производството на материјални средства за живот е основата на општеството од која се развиле општествените институции и заедничките сФаќања. Тој наведува дека луѓето најнапред мораат да јадат, да пијат, да се облекуваат, да имаат живеалишта за да можат потоа  да се занимаваат со политика, наука, уметност, религија итн.

Општата структура се состои од делови кои се среќаваат во секое општество. Тие делови или елементи се: општествената база и општествената надградба. Општествената база (основа) ги опфаќа сите односи, појави, институции, поведенија, човечки материјални сили кои се во врска со производството на материјални добра нужни за опстанок на човекот. Основата на општеството (производство на материјални средства за живот) има примарно значење и влијае врз останатите општествени појави.

Општествената надградба се дели на: правно-политичка надградба и идеолошка надградба. Парарелно со производниот систем се јавува и потребата да се организира и управува сложената човечка заедница. Таа е задача на политиката, односно на правно-политичката надградба.

Другиот елемент на општествената надградба – идеолошката надградба ги опфаќа заедничките претстави, мислења, идеи, искривени или објективни сознанија на човекот за себе и за своето општество. Во текот на историскиот развиток на човекот кај него се создавале различни облици на општествена свест како што се религијата, моралот, филозофијата, уметноста, науката, идеологијата.

### ❒ *Задача:* **Предлог за размислување**

Според односот на елементите прикажани во општата структура на општеството, производството на средства за живот (општествена основа) ќе одреди кој ќе управува со државата (правно-политичка надградба). Следува дека богатите ќе управуваат со државата. Но, ова не важи за сите општества туку само за демократските општества со пазарна економија. Во општествата кои преминуваат од социјализам кон капитализам, меѓу кои спаѓа и македонското општество, се богатат поединци – групи кои  управуваат со државата.

● Соберете податоци, отворете расправа и одговорете на прашањата: Како оние коишто се горе, кои носат важни одлуки, се збогатија?

## ОПШТЕСТВЕНА УЛОГА И ОПШТЕСТВЕНА ПОЛОЖБА (СТАТУС)

Сите членови на општеството имаат неколку позиции во општеството кои ги нарекуваме статус. Поединецот има повеќе статуси. На пример, во индустриските општества поединецот има статус кој е определен од занимањето: готвач во ресторан, чиновник, адвокат или лекар; семеен статус како син или ќерка, мајка или татко; статус според полот како маж или жена.

Од поединецот кој има определен статус општеството очекува да се однесува на определен начин. Очекуваното однесување е насочено од општествените норми. Нормите кои го определуваат однесувањето на поединецот со даден статус се нарекуваат општествена улога. Така, статусот на сопруг е проследен со улога на сопруг, статусот адвокат со улогата на адвокат. Во секојдневниот говор играњето улога значи учество во претстава. Во социологијата со терминот улога се означува однесување кое е ориентирано кон очекувањата на другите. На пример, да бидеш татко е општествен статус. Од таткото се очекува дека на своите деца ќе им даде економска и морална поддршка, дека ќе им обезбеди услови за живот подобри од сопствените. Улогите во општествениот живот внесуваат ред и предвидливост. Поединецот преку општествената улога влегува во интеракција со другите луѓе. Така лекарот преку својата улога воспоставува општествен однос со пациентот. Односот лекар пациент е предвидлив благодарение на заемните очекувања. Од лекарот се очекуваат конкретни постапки: да се грижи за болниот, да се труди да го излекува, да се воздржува од пренесување податоци од приватниот живот на пациентот, кон болните и персоналот кој му е потчинет да се однесува морално. Лекарот од заболениот очекува да прифати одреден систем на исхрана и хигиена, отвореност и искреност.

Бидејќи една личност извршува повеќе улоги може да настане судир меѓу обврските кои произлегуваат од две или повеќе улоги. Често се посочува на судирот меѓу мајчинството и кариерата. Според податоците изнесени од Радио Дојче Веле, програма на македонски јазик од 27.1.2006 година, повеќе од 40% од жените со високо образование во Германија дефинитивно се откажуваа од мајчинството во полза на кариерата. Од жените, пак, кои се решиле да станат мајки 40% не се враќаат во професионалниот живот. Често луѓето се растегнати меѓу повеќе обврски кои не можат со успех да ги извршуваат. Средношкол-

ците желни за независност и трошење пари, сè повеќе посветуваат време на платената работа. Нивните послаби оценки произлегуваат од немањето време за обврски кои произлегуваат од улогата ученик.

Статусот како позиција во општествената структура може да биде фиксен (припишан) и стекнат. Како пример за фиксен или наследен статус се благородничките титули. Некои наследни статуси како религијата, можат да се менуваат, но во најголем дел луѓето остануваат врзани за него. Абдул Раман, муслиман од Авганистан, девет години живеел во Германија и преминал во христијанската вера. Кога се вратил во Авганистан државата му се заканувала со смрт, со бесење затоа што преминал во христијанска вера. Во многу општества статусот поврзан со занимањето се пренесувал од татко на син. Во традиционалниот кастински систем во Индија, синот автоматски го наследувал занимањето на таткото.

Статусот кој не бил фиксиран со наследството, биолошките особини (маж, жена) или со други чинители врз кои поединецот нема никакво влијание се нарекува стекнат статус. Стекнатиот статус е резултат на сопствен напор и избор. Во европските општества брачниот статус и статусот од занимањето е стекнат статус.

Поединецот во општеството има повеќе статуси. Но, еден од нив е главен или основен статус. Основниот статус е извор на идентитетот. Одамна луѓето се препознавале по семејството, кланот или, пак, селото. Запознавањето започнувало со прашањето: Кој си ти? Денеска кога едни сакаат да дознаат за другите прашуваат: Што работиш? Во индустријализираните општества главниот статус на мажот е неговиот професионален статус. До неодамна, а во многу случаи и денес, главен статус за најголем број жени е статусот на жена и мајка.

Секоја култура ги рангира статусите на високи и ниски. Но, критериумот за висок и низок статус се менува со времето и просторот. Во античка Грција високо биле ценети државниците, филозофите и војниците, додека производителите не уживале висок углед најмногу затоа што преовладувал робовскиот труд. Денеска во напредните општества луѓето со ретки способности и знаења се високо ценети. Индустријата го враќа достоинството на производниот труд.

Како што се менуваат критериумите за проценување на статусите, се менуваат и очекувањата за однесувањето поврзано со улогата. Порано од наставникот се очекувало понагласено однесување како личност (како да изгледа, со кого да се дружи) но, денеска се нагласува функцијата на предавањето, и како треба да се извршува тоа.

# ОПШТЕСТВЕНА МОЌ

Моќта е социјален белег на индивидуата или групата од кои ќе зависи општествената позиција. Таа најчесто е поврзана со богатството. Макс Вебер моќта ја определува како можност за наметнување на волјата на едно врз друго лице, дури и кога вториот се спротивставува. Други социолози моќта ја определуваат како способност да се мобилизира колективната енергија, залагање и напор. Тие разликуваат: лична, општествена, формална и неформална моќ.

Личната моќ е слобода на избор и произведување на сопствената судбина.

Општествената моќ е способност да се влијае врз јавните работи дури и ако другите се спротивставуваат.

Формалната моќ или авторитет ги содржи привилегиите кои следат законски од вршењето на функцијата претседател на државата или компанијата.

Неформална моќ имаат поединци кои имаат влијание и знаење да ги влечат „конците зад сцената“.

Американскиот социолог Рајт Милс ја анализирал елитата на моќта во САД и заклучил дека САД се управувани од група на меѓусебно поврзани и самообновливи елити. Челниците на владата, војската и бизнисот ја сочинуваат елитата на моќта. Тие владеат со големите компании, тие ја водат државната машинерија и ги прогласуваат претседателите. Обичните луѓе и не забележуваат дека во секојдневниот свет во кој живеат се водени од некои сили кои ниту можат да ги сфатат ниту да влијаат врз нив.

Италијанскиот социолог Вилфредо Парето прв го употребил терминот елита за означување на малкумина кои владеат со многумина. Поединците од елитите моќта ја црпат од политичките функции и од местото во организацијата. Луѓето од елитата на САД се оние кои ги донесуваат одлуките кои ќе одредат како ќе живеат другите. Тие се час во јавниот сектор, час во приватниот. Не заборавaaт да истакнат кои се тие, кои се нивните пријатели и каде лежат нивните интереси. Тие поднесуваат сметка само пред самите себе, имуни се на јавни притисоци и нивните интереси.



| Занимање | Бодови на престиж | Занимање | Бодови на престиж | Занимање | Бодови на престиж |
|---|---|---|---|---|---|
| Шеф, претседател на држава | 90 | Технички цртач | 55 | Манекен(ка) | 36 |
| Амбасадор | 87 | Новинар | 55 | Пожарникар | 35 |
| Судија на највисок суд | 82 | Библиотекар | 55 | Сопственик на Завод за погребување | 34 |
| Гувернер | 82 | Професор Мед. сестра | 54 | Лимар | 34 |
| Астронаут | 80 | Секретарка | 53 | Ѕидар | 34 |
| Судија | 78 | Глумец | 52 | Поштар | 33 |
| Лекар | 78 | Компј.програмер | 51 | Пекар | 33 |
| Унив.професор | 78 | Раковод.на синд. | 50 | Рудар | 32 |
| Физичар | 76 | Авиослужбеник | 50 | Молер | 31 |
| Градоначалник на голем град | 75 | Радио или ТВ | 50 | Месар | 31 |
| Висок армиски офицер | 73 | Временски прогнозер | 49 | Ткајач | 31 |
| Директор на средно училиште | 72 | Застапник на недвижност | 49 | Корисник на социјално осигурување | 31 |
| Архитект | 72 | Проф. атлетичар | 48 | Бербер | 30 |
| Правник | 71 | Благајник во банка | 48 | Таксист | 30 |
| Стоматолог | 70 | ТВ камерман | 47 | Рибар | 30 |
| Градежен инженер | 70 | Прод.на патни билети | 47 | Шивач | 28 |
| Раководител на голема фирма | 69 | Фармер | 47 | Работник во предилница | 28 |
| Биолог | 69 | Танчар | 45 | Работник на бензинска пумпа | 26 |
| Хемичар | 69 | Внесувач на податоци за механографска обработка | 45 | Бармен | 26 |

# ОСНОВНИ ГРУПИ ВО ОПШТЕСТВОТО

## ПОИМ И ПОДЕЛБА НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ГРУПИ

Општествените групи се производ на заедничко живеење. Човекот како поединец не може самостојно да опстојува и затоа тој се поврзува со другите луѓе. Така дошло до создавање на првите општествени групи. Со развитокот на поделбата на работата се зголемува и бројот на групите. Групите се важен дел од структурата на глобалното општество. Тие посредуваат помеѓу поединецот и глобалното општество. Како основни елементи на општествената група се земаат луѓето кои меѓу себе се поврзуваат. Оттука, групата може да се опише како релативно стабилен колективитет со определена внатрешна организација и свест за групна припадност. Во проучувањето на општествените групи социологијата се интересира за повеќе димензии: како настанале и како се одржуваат, која е целта на нивното постоење, степенот на организираноста, отвореноста на групите, големината и трајноста.

Најчеста причина за настанување на групите е потребата за заедничко извршување на некои општествени активности. Таквите групи се нарекуваат функционални групи и нивното траење е огранично од траењето на заедничките потреби и интереси на членовите, такви се, на пример, економските и политичките групи. Луѓето можат да се групираат и заради сличноста на нивната општествена положба. Таа може да биде наследна или стекната во текот на животот. Така настанале групите по сродство (родови, семејства) потоа просторните групи (село) и класите.

Општествените групи се формираат заради остварување на заедничка цел. За остварување на целта групата може да биде организи-

рана или неорганизирана. Општествените групи собрани на некој простор кои имаат слична или иста цел, а за кое постигнување не е потребна заедничка акција во која секој член би добил свое место и своја задача се нарекуваат неформални или неструктуирани групи. Такви групи се публика, маса и социјални движења.

Групите чиишто членови имаат заедничка цел а за постигнување на целта е потребно меѓусебно усогласување на активностите при што секој добива свое место и улога се нарекуваат формални или структуирани групи. Стуктуираните групи имаат своја хиерархија, односно некои членови на групата имаат поважна положба и влијание и повеќе се ценети од другите. Тука спаѓаат организациите и големите општествени групи како што се класите, слоевите, нацијата и државата.

Публиката е една од неструктуираните групи. Се работи за група собрана на определен простор, чие внимание е насочено кон определен објект. Публиката може да биде случајно собрана, на пример, сообраќајна несреќа или намерно собрана, театарска претстава.

Толпа или маса. Самиот термин маса се употребува со различни значења. Некогаш се користи за означување на голем број луѓе, но, неретко со него се означува претежен дел од населението кога тоа сака да се прикаже како инфериорно чија спротивност е високата вредна елита. Со зборот маса најчесто се означува секоја голема група на луѓе која привремено е неструктуирана, чии членови покажуваат специфични форми на однесување. Однесувањето во толпа има три битни карактеристики:

● Исчезнување на индивидуалните разлики и општа хомогеност на однесувањето (она што го прави еден го прават и другите);

● Целосна интелекуална запоставеност каде што не се размислува за причината, лесноверност и неспособност за заклучување;

● Промена во емоционалното однесување, претеран емоционален набој, нагло избувнување и јавување на екстремни емоции.

Постојат неколку вида на толпа или маса:

● Агресивна толпа се карактеризира со инциденти и насилство. Треба да се напомене дека агресивното однесувањење не е општа човечка особина и оттука нема да се појави кај сите присутни.

● Толпа во паника се создава како одбрана од нешто или бегање пред некого. Притоа, настапува неорганизирано но впечатливо однесување со отсуство на јасна цел и често во спротивност со прифатените норми. На пример, кога воена единица се дава во бегство, иако е

обврзана да се бори. Секоја голема опасност не создава паника, до панично однесување доаѓа кога можноста за спасување на сите е ограничена, на пример, кога тоне брод.

● Експресивна толпа група на луѓе кои се собрале да ги изразат своите идеи и ставови, да протестираат против нешто. Поривите кои пред тоа биле контролирани сега добиваат прилика да се искажат. Често за ваквите состојби се вели дека „на луѓето им пукнал филмот“.

● Социјални движења претставуваат премин од неструктуирани во структуирани групи. Општественото движење го опфаќа секое колективно, организирано и континуирано настојување и дејствување, со цел, да се поттикнат, остварат или спречат, да се забрзаат или забават општествените промени.

Според правецот на дејствување социјалните движења се делат на: реакционерни (враќање кон минатото), конзервативни (спречување на менувањето на постојната), прогресивни (создавање на нови и подобри форми на општествен живот).

Според носителите, односно актерите или учесниците, социјалните движења се делат на: верски, расни, национални, класни и женски. Според согласноста околу основните цели на движењето разликуваме: еколошки, антинуклеарни и мировни движења.

Групата се дефинира како збир од поединци кои меѓу себе се поврзани со заедничко потекло, потреби, интереси, вредности со заедничко дејствување и положба.

Најопшта поделба на општествените групи е поделбата на парцијални и глобални општествени групи.

Парцијалните општествени групи се групи во кои се извршуваат две или повеќе општествени активности. Тука спаѓаат:

● Семејство,

● Економско-политичките општествени групи (класи, касти и сталежи, слоеви и професионални групи),

● Економски или производни групи (претпријатија),

● Општествени групи со постојано место на живеење (село, град),

● Политичко-правни општествени групи (држава, политички партии).

Глобални општествени групи се групи во кои се извршуваат сите општествени активности и процеси. Глобални општествени групи се ордата, родот, племето, народот и нацијата.

## НАРОД, НАЦИЈА, НАЦИОНАЛИЗАМ

Ордата, родот, племето, народот и нацијата се глобални општествени групи. Ордата, родот и племето се етнички заедници на крвно сродство. Солидарноста меѓу членовите на групата се темели на верувањето во заедничко потекло. Работата е поделена според полот и возраста. Нема правилна сопственост ниту разлики во богатството кои би произлегувале од прикажана сопственост.

За разлика од крвно – сродничката заедница, народот е територијална заедница. Со заедничкото живеење на определена територија, со размената на производи и работни искуства племињата се поврзуваат во оголема и посложена етничка заедница – народ. Употребата на заеднички јазик, заеднички обичаи и морални сфаќања, практикувањето на религиозните обреди влијае врз оформувањето на народната свест.

Како глобална општествена група со приватна сопственост и класна поделеност, натодот е творба на робовладетелската и феудална епоха.

Народот како глобална етничка заедница може да се дефинира преку следниве карактеристики:

– живее и стопанисува на определена територија
– потекнува од релативно блиски племенски групи
– се служи со ист јазик
– изградува свест за заедничко потекло на своите членови
– практикува заедничка религија
– има заедничка историја.

Нацијата е општествено – историска творба и нејзиното формирање го опфаќа периодот од XIX и XX век. Таа е производ на модерното индустриско општество. Не се појавува наеднаш туку е производ на созревање на условите кои ќе доведат до нејзино формирање. Објективните услови за формирање на нацијата постојат и кај народот како етничка заедница. Тука спаѓаат јазикот, заедничката територија, заедничката историја и културното наследство. Но во изградбата на нацијата важна улога има развиената национална свест.

Нациите настануваат дури откако ќе се развие националната свест и националната волја. Оттука национализмот и претходи на нацијата. Национализмот се изразува во чувството и свеста за заедничка припадност. За формирањето на нацијата, исто така многу е важно да се развие широка комуникација меѓу луѓето, а оваа пак ја нема ако целото општество или голем дел од неговите припадници не е мобилизиран, ако не е вклучен во јавниот живот, во политиката, во културните збиднувања, во процесите на проширувањето на образо-

вањето. Оваа вклученост го зацврстува чувството на национална припадност с е поттикнато од модерната држава. Модерната држава со своите надлежности во прибирањето на даноци, во организирањето на образованието, здравствената заштита, внатрешната и надворешната безбедност и со вовлекувањето на своите државјани во органите на владеење го развива националното чувство, чувството на припадност на сопствената нација.

Според Ентони Смит„Нацијата претставува група луѓе којашто поседува заеднички и од други групи различни елементи на култура, обединет економски систем, граѓански права еднакви на сите членови, чувство на солидарност што води потекло од заедничкото искуство и којашто поседува заеднички територии“.

## ЕТНИЧКИ ПРЕДРАСУДИ И СУДИРИ

Под етничка припадност се подразбира состојбата кога единките имаат такви особини кои се разликуваат од припадниците на другите етнички заедници. Членовите од иста етничка припадност формираат етнички групи. Припадниците на етничките групи најчесто се разликуваат меѓу себе по јазикот, религијата, историското потекло, обичаите, традицијата, нормите за однесување, носиите, фолклорот итн. Некои од овие елементи можат да бидат еднакви кај различни етнички групи, но тие се разликуваат по други елементи. Сиве овие разлики се длабоко вкоренети во единките преку силните процеси на социјализација.

Различните етнички групи се оптоварени со предрасуди и стереотипи за „другите“. Тоа доведува до активности познати под името расна и етничка дискриминација. Под предрасуди подразбираме мислења и ставови на една спрема друга етничка група. Тие често се засноваат на одредени гласини за „другите“ и покрај тоа што објективната стварност може да биде поинаква.

Предрасудите доведуваат до несоодветно однесување на поединците и групата спрема другите етнички групи, кое се нарекува дискриминација. Оваа појава најмногу се однесува на практичниот живот. Член на малцинска етничка група најчесто се чувствува дискриминиран кога не може да добие подобро работно несто, подобар статус и позиција во општеството. Исто така, постои чувство на дискриминација кога единката не може да се стекне со подобар углед и моќ во општеството.

Гледано од социолошки аспект постојат три фактори кои можат да предизвикаат криза во меѓуетничките односи. Тоа се етноцентризмот, групната затвореност и нееднаквоста во пристапот кон еко-

номските ресурси. (Гиденс, Социологија). За етноцентризмот говоревме во делот за културниот идентитет и нема да ги повторуваме неговите карактеристики. Само ќе кажеме дека етноцентризмот секогаш оди со стереотипниот начин на размислување. Безброј етнички судири биле инспирирани од етноцентризмот. Нормално е групата да се затвори просторно, во гето или енклави доколку има негативен став спрема етничките групи кои ја опкружуваат. Сегрегацијата ги заострува меѓуетничките односи. Доколку етничките групи не контактираат меѓу себе ниту на економски ниту на интимен план тоа е многу опасно. Единствен начин да се спречи меѓуетнички судир е различните етнички идентитети да пронајдат заеднички интереси. Тие можат да бидат стожер околу кој ќе се подобрува меѓуетничката соработка.

Третиот елемент се базира на фактот што најчесто во една општествена заедница една етничка група е доминантна. Тоа може да доведе до нееднаков пристап кон природните ресурси, богатството и материјалните добра. На тој начин етничките групи ќе бидат нееднакви во богатсвото, моќта и општествената позиција. Следствено, сето тоа води кон незадоволство на обесправената група, која ќе почне да се бори за подобрување на својот статус во општеството. Во таква состојба привилегираните групи можат да применат насилство за да си ја задржат позицијата што ја имаат, додека обесправените групи го применуваат насилството за подобрување на својата позиција во општествениот систем.

Што се однесува до нашата држава состојбата е ваква:

| | |
|---|---|
| Македонци | 66,6% |
| Албанци | 22,7% |
| Турци | 4,0% |
| Срби | 2,2% |
| муслимани | 0,8% |
| Власи | 0,4% |
| Други | 2,0% |
| Вкупно | 100% |

*Структура на населението на Република Македонија според етничката припадност, според пописот од 1994 година.*

Табелата сама по себе укажува на фактот дека Република Македонија е мултиетничко општество во кое е доминантна македонската етничка група. Втора по бројност е албанската. Понатаму следуваат уште пет етнички групи кои се движат меѓу 4,0% и 0,4% од вкупниот број на население.

Република Македонија е мултиетничко општество во чиј состав влегуваат повеќе етнички групи. Припадниците, пак, на етничките групи во Македонија себеси се сметаат поразлични од другите групи во општеството. Етничките групи во македонското општество се разликуваат една од друга по многу карактеристики, но највообичаени и најочигледни се јазикот, историјата и потеклото, религијата, стилот на облекување и украсување (носиите) итн.

За појасни илустрации на етничката разнородност на македонското општество, ќе ги прикажеме резултатите добиени од пописите од 1948 до 1994 година.

| | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 68,5 | 66.0 | 71.2 | 69.3 | 67.0 | 66.6 |
| муслимани | 0.1 | 0.1 | 0.2 | 0.1 | 2.1 | 0.8 |
| Албанци | 17.1 | 12.4 | 13.0 | 17.0 | 19.5 | 22.7 |
| Турци | 8.3 | 15.6 | 9.4 | 6.6 | 4.5 | 4.0 |
| Срби | 2.6 | 2.7 | 3.1 | 2.8 | 2.3 | 2.1 |
| Роми | 1.7 | 1.6 | 1.5 | 1.5 | 2.3 | 2.2 |
| Власи | 0.8 | 0.7 | 0.6 | 0.4 | 0.3 | 0.4 |
| Други | 0.9 | 0.9 | 1.0 | 2.3 | 1.7 | 2.2 |
| Вкупно | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

Она што е особено важно за Република Македонија е тоа што етничките групи имаат право да го изразуваат својот етнички, културен, јазичен и верски идентитет. На ваков начин поставените права на етничките групи ја легитимираат Македонија како демократска држава, која ја обезбедува нејзината стабилност, обезбедува сожителство на сите граѓани без разлика на нивната верска и национална припадност и обезбедува толеранција меѓу етничките групи.

# МАКЕДОНСКАТА НАЦИЈА И ЕТНИЧКИТЕ ГРУПИ ВО МАКЕДОНИЈА

Во триесеттите години од XIX век се создаваат услови за побрз развиток на Македонија. Се зголемува производството на стоки за пазарот а градското население доживува пораст. Се формираат центри во кои се развива производството на преработка од кожа во Охрид, свиларство во Гевгелија и Солун, казанџиски и производи од лој во Прилеп. Серес прераснува во центар за производство и трговија со памук. Како производител на суровини (тутун, памук, свилени кожурци, ситни кожи, железни предмети) Македонија станува привлечна за европската трговија и индустрија. Се посетуваат панаѓурите во Серес, Неврокоп, Велес, Прилеп, Струга, Тетово, Гевгелија. Македонските трговци настапуваат и на европските панаѓури во Лајпциг, Виена, Дрезден, Анкона а отвораат и свои фирми.

Преку регионалната поделба на работата и размената, Македонија се формира како една економска целина поврзана со патишта и панаѓури. Покрај економски се воспоставуваат и врски на културно-просветен план. Се отвораат училишта на мајчин јазик, а дел од богослужбата се врши на мајчин јазик. Сите овие елементи придонесуваат да се развие и националната свест којашто сè повеќе се ослободувала од влијанието на соседните држави, Грција, Бугарија и Србија коишто настојувале Македонија да ја приклучат кон своите држави.




*Старата чаршија во Скопје, како пример за етничка разнородност*

Процесот на национално обединување на македонскиот народ се остварувал во многу неповолни околности. Турската феудална држава со  бесправието кое го практикувала не само што го загрозувала развитокот туку и физичкиот опстанок на Македонецот. Од друга страна, веќе ослободените балкански држави Грција, Бугарија и Србија ја убивале душата на македонскиот народ со мерките на национално обезличување и асимилација.  Грчката мегалоидеја се повикувала на своите историски  права што произлегувале од постоењето на средновековна Византија, српската монархија потсетувала на Душановото царство и Скопје како негова престолнина, а тукушто ослободената Бугарија своите права ги изведувала од средновековната бугарска држава која се протегала и на територијата на Македонија.

Григор Прличев и Крсте Мисирков претставуваат две значајни фигури во процесот на националното освестување на македонскиот народ. Прличев успешно го предводел  охридското граѓанство за ослободување на трчкото влијание, но сметал дека неговиот мајчин македонски јазик не е погоден да послужи како средство за поетско изразување. Се обидел на „македонски дијалект“ да преведе  многу псалми коишто се читале по црквите, но сѐ уште не дошол до сознание дека на народниот јазик можат не само да се преведуваат псалми, туку и дека со него може и поетски да се изрази. Се залагал за создавање на еден заеднички словенски јазик врз база на рускиот. Не наоѓајќи соодветна јазична форма за својата поетска вдахновеност, тој згаснал како поет.

Прличев настојувал да се ослободи од грчкото влијание, Крсте Петков Мисирков ја претставува онаа етапа во националното освестување на македонскиот народ која требало да доведе до разграничување од  двата словенски соседа:  Бугарите и Србите. Во својата книга „За македонцките работи“ го бранел уверувањето за народносната самобитност на македонскиот народ и јазичната посебност на македонскиот јазик.

Мисирков и групата собрана во „Македонското другарство“ во Петроград проблемот за национално разграничување на македонскиот народ и македонскиот јазик од другите соседни словенски народи и јазици го истакнуваат како основен, другата група дејци собрана околу Внатрешната македонска револуционерна организација, вооружената борба против  османскиот угнетувач ја сметале како основно средство за создавање независна македонска држава.

Овие два правца во национално-ослободителното движење колку и да имале пред себе еднакви цели, не се стопиле во единствено движење.

Македонското народноослободително движење морало постојано да се бори против неколку непријатели: против Турците и младите балкански држави. Таа борба траела повеќе од еден век и однела многу жртви, но на крајот, во 1944 година за еден нејзин дел - Вардарска Македонија, довела до конечно ослободување и осамостојување во одделна Република во составот на тогашната Федеративна Југославија. А на 8 септември 1991 година граѓаните на Република Македонија по пат на референдум одлучија да се раздружат од Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Република Македонија да се конституира како самостојна и суверена држава.



*Саат – кула во старата чаршија во Скопје*

## НАЦИОНАЛНИОТ И РЕЛИГИСКИОТ ИДЕНТИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Постојат повеќе механизми преку кои личноста се обидува да го пронајде и да го задржи сопствениот идентитет. Секако дека религијата и нацијата се два моќни облици на припаѓање и поистоветување.

Следствено на тоа, една нација не живее само од сеќавањата за своето минато туку во добра мера живее и од одредувањето на својата иднина која ја собира волјата на своите членови и ги втурнува во подлабоко единство. Свеста за заедничкото минато обично се дополнува со желбата за заедничка иднина. Минатото не може да се менува, но, може да се запознае. Иднината не може во целост да се запознае, но, може да се менува. Заради тоа, при определувањето на етничкиот идентитет мора да го земеме предвид доборолниот чин за заеднички живот, кој се темели на историски и општествени услови.

Секако дека националното чувство на идентитет е проследено и со религиско чувство на идентитет. Религијата е класично свето: „љуби ги сите други народи како својот сопствен народ“. За разлика од тоа нацијата е модерно свето: „љуби го пред сè својот сопствен народ“.

Голем број социолози на религијата истакнуваат дека всушност, нацијата претставува еден чин на вери и верувања. Преку верата личностите подобро ги разбираат карактеристиките на сопствената нација. Затоа на балканските простори, речиси, по правило припадниците на една нација се од една вера (речиси без исклучок секој Србин во исто време е и православен, како и секој Хрват во исто време е и католик). Меѓутоа, има и случаи кога припадниците на различни етнички заедници исповедаат вера. На пример: Македонците, Србите, Црногорците, Бугарите, Русите имаат иста вера, иако припаѓаат на различни нации. Исто така, може да се случи и во иста нација да се исповедаат повеќе различни вери (на пример, иако најголемиот број од Македонци се православни постојат и Македонци – муслимани. На Балканот типичен е случајот со Албанците кои исповедаат три различни вери: исламска, православна и католичка. Сето тоа нè упатува на фактот дека нацијата и религијата не смеат да се идентификуваат. Затоа, строго ќе го одвоиме верското од националното, бидејќи верата е една а нациите се повеќе. Во светот има православни верници од македонска, руска, арапска, српска народност, што значи дека верата е наднационална т.е. универзална.

Иако религијата и нацијата се два моќни облика на припаѓање и идентификување: за да се засили националното чувство мора да ослабне религиското. На прашањето:„Кој си ти“?, никој повеќе не одговара јас сум православен, католик, муслиман, протестант. Речиси сите одговараат: „Јас сум Македонец, Србин, Хрват, Бугарин, Албанец“. Тоа нѐ упатува на фактот дека во последните два века состојбата околу личното идентификување се менува од корен.

## СЕМЕЈСТВО

Семејството се смета како универзална општествена институција, како незаменлив дел од човечкото општество. Ја сретнуваме во сите општества почнувајќи од малите човечки и собирачки орди до индустриските општества од големи размери. Многу социолози ја сметаат како основна единица на општествената организација без која е тешко да се замисли функционирањето на општеството. Џорџ Питер Мардок семејството го дефинира како општествена група која ја карактеризира заедничкото живеење, економската соработка и размножувањето. Семејството во себе ги вклучува возрасните од двата пола од кои најмалку двајца одржуваат призната полова врска од општеството и едно или повеќе деца, сопствени или усвоени. Структурата на семејството е различна од општество до општество. Најмалата семејна единица е позната како нуклеарно семејство и се состои од мажот, жената и нивните малолетни деца. Единиците поголеми од нуклеарното семејство се нарекуваат проширени семејства. Семејството може да биде проширено со родителите на сопружниците или со браќата на мажот и сестрите до нивното мажење. Денешното современо семејство се состои од мал број на членови, од родителите и нивните деца. Средствата за живот се обезбедуваат со работа на нејзините членови кои се вработени надвор од семејството. Сродството го губи своето значење а приватноста станува главно обележје на животниот стил. Жената по својот авторитет е изедначена со мажот а децата со родителите. Современото семејство е свртено кон децата бидејќи на младите им е потребна најголема помош во формирањето на личноста. На модерното семејство му претходело патријархалното семејство кое во некои средини постои и денес. Основата на патријархалното семејство е аграрното производство на сопствената земја. Во него доминираат мажите и постарите членови над жените и децата. Оваа доминација се смета за природна. Бракот се склопува со договор на старешините а не со сло-

боден избор на сопружниците. Бидејќи целта на бракот е да се продолжи семејната лоза, ова семејство се одликува со голем број на раѓања.

Основата на секое семејство е бракот. Бракот е природна, емоционална, полова и општествена врска меѓу маж и жена. Тој е општествено признат однос меѓу лица од спротивен пол. Најраспространет е моногамниот брак каде една жена живее со еден маж. Се сретнуваат и полигамни бракови каде што еден маж живее со повеќе жени. Според начинот на кој се склопува бракот тој може да биде: црковен и граѓански. Црковниот брак се склучува пред црковни органи а граѓанскиот пред државни органи (матичар). Конкубинат е брачна заедница која не е озаконета. Сопружниците може да се венчаат откако ќе им се родат децата. Кај племето Банаро од Нова Гвинеја, мажот не стапува во полов однос со жената сѐ додека не роди дете со пријателот на неговиот татко.

Мардок наведува дека семејството во сите општества извршува четири темелни функции: сексуална, репродуктивна, економска и воспитна. Тие се битни за општествениот живот затоа што без сексуална и репродуктивна функција општеството не може да се обновува со нови членови. Економската функција се состои во набавување на средства за живот а воспитната или социјализаторска функција во пренесување на културата. Израелските кибуци се пример каде што економската и социјализаторската функција се одделени од семејството. Околу 4% од населението во Израел живее во околу 240 кибуци. Во кибуците бракот е моногамен а брачниот пар живее во една соба која служи како спална и дневна соба. Заедничкиот стан не ги опфаќа и нивните деца кои живеат во заеднички домови каде што ги одгледуваат посебни воспитувачи или наставници. Тие живеат и спијат во тој дом и го поминуваат поголемиот дел од денот и целата ноќ без родители. Родителите својата моќ и ја пренеле на заедницата. Сите деца се прифаќаат и одгледуваат како деца на кибуцот. Економската соработка се одвива на ниво на заедницата а не на ниво на семејството. Родителите не работат за семејството туку за кибуцот како целина. Се хранат во заедничка трпезарија, храната се подготвува во заедничка кујна, а услугите како што е, на пример, перењето на облеката не е посебна должност на семејството туку на кибуцот.

Американскиот социолог Талкот Парсонс наведува две функции на семејството во модерните општества:

- Примарна социјализација на децата
- Стабилизација на возрасните лица

Во процесите на примарната социјализација се усвојува културата на општеството и се формира личноста. Личноста на американските деца се обликува со централните вредности на американската култура: независност и мотивација за успех. Бидејќи во западните општества семејството е изолирано од поширока фамилија, сопружниците сè почесто бараат емоционална поддршка едни од други. Притисоците и секојдневните стресови често ја дестабилизираат личноста. Брачните врски треба да им пружат емоционална сигурност на сопружниците.

## СОЦИЈАЛНА ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈА

Преминувањето од ловечко и собирачко стопанство кон производство на храна е овозможено со првата производствена револуција во историјата – Аграрна револуција. Човекот почнува да одгледува растенија и со тоа си создава посигурни услови на сопствениот живот. По милион години на опстојување со помош на својата сила и лукавство човекот за првпат на смислен и систематски начин ја принудува природата да работи за него. Енергијата на сонцето ја користи за ´ртење на растенијата и за собирање на жетва. Производството на јачмен и пченица создава услови за одгледување на животни со што е овозможен пораст на населението. Додека најстарите човечки групи живееле како ловечки орди и го менувале местото во потрага по лов или собирање на плодови, со ратарството човекот почнува да се врзува за земјата, да ја обработува, да ги усовршува орудијата за работа и смислено да ја дели работата. Тоа се одразило врз општествената организација на животот во општеството.

Аграрната револуција предизвикала крупни промени во општествената организација.

Со производството на храна се зголемува бројот на населението а со тоа и потребите. Како одговор на зголемените потреби настанува нова поделба на работата не само во земјоделието туку и во занаетите. Со тоа се зголемува производството но и размената. Трговијата станува значајна дејност. Се развиваат првите трговски народи како што биле старите Феничани и Грци. Патиштата ги поврзуваат народите кои порано живееле во изолација.

Се појавува приватна сопственост која постепено ја разорува племенската солидарност заснована на крвно сродство. Со приватната сопственост започнува и класното раслојување на општеството на робови, селани, трговци, воена аристократија.

Племенската организација е заменета со политичка организација – држава. Државата го презема управувањето со јавните работи од општо значење – одржувањето на каналите за наводнување на земјата, одбраната на територијата и заштита на трговските интереси. Државата преку војните собира данок од другите племиња и народи и обезбедува работна сила преку робовите.

Настануваат посебни општествени слоеви кои исклучително се занимаваат со интелектуалната работа. Свештениците се издвојуваат како засебен сталеж кој извршува работи поврзани со религиозниот култ, администрацијата или науката. Науката своите почетоци ги има во астрономијата за предвидување на времето. Покрај свештеничкиот сталеж се појавува и воениот сталеж чија задача е да води војни. Војните влијаат врз создавањето на големи државни творби – царства (египетско, кинеско, сумерско). Големите царства ја поттикнале изградбата на големи утврдени градови, одржување на трговските патишта, изградба на споменици (египетски пирамиди) и натрупување на големи богатства. Сето ова е поврзано со културата и науката. Аграрната револуција предизвикала промени во структурата и организацијата на општеството. Таа го диференцира општеството на групи кои извршуваат издвоени општествени активности како што се мислењето или култовите, државното управување или администрацијата, трговијата, производство на земјоделски или занаетчиски производи. Преку диференцијацијата општеството се поделило на класи, касти и професионални групи кои имаат свои посебни и често спротивставени интереси.

Модерните општества се диференцирани на голем број занимања. Голем број на занимањата е поврзан со образованието во најразлични типови на училишта кое често трае и дваесет години. Образованието стана битна работа во современото општество. Образованието на поединците во општеството им дава различни квалификации при што подолго образование дава и повисока квалификација. Високата квалификација влијае врз економската положба, односно овозможува висока заработувачка. Школската подготовка е една од првите вредности на современото општество, бидејќи од нејзе зависи како општествениот углед така и заработувачката. Образованието го поттикнува натпреварувачкиот дух и желбата за напредување од пониски кон повиски квалификациони занимања. Образованието преку различните занимања ги стимулира поединците да ја променат сопствената општествена положба – да напредуваат.

# КАСТИ И СТАЛЕЖИ

Во индустријализираните општества се претпоставува дека користењето на човечките способности е предуслов за општото добро и прогрес. Оттука произлегува барањето клучните општествени позиции да бидат пополнети со најспособните поединци. Затоа за индустриското општество се вели дека е отворено и на неговите членови им нуди можности да ги искажат нивните потенцијали и така да добијат и тие самите и групата како целина. Наспроти отворените општества, кастинските и сталешките општества биле затворени. Кому каква работа ќе му припадне, какви обврски ќе има и какви привилегии ќе ужива било одредено со припадноста на кастата или сталежот. Припадноста се добивала со раѓањето.

Традиционална Индија претставува општество поделено на касти. Престижот, професијата, местото на живеење и општествените односи биле фиксирани од припадноста кон кастата. Припадноста кон кастата го определувала занимањето при што е можно поединецот да не поседува талент за извршување на задачите. Така луѓето родени во професии за кои немаат ниту интерес ниту способности, веројатно е дека ќе бидат незадоволни. Строгите правила ги забранувале општествените контакти помеѓу членовите од различни касти. Бракот со член од пониската каста значи исфрлување на двајцата партнери од кастата. Вака Оскар Луис го објаснува функционирањето на кастинскиот систем во едно село близу до Делхи:

„Кастинскиот систем го разединува селото и го ослабува чувството за селска солидарност. Кастата, генерално, претставува одделна етничка група со своја историја, традиција, обележја и секоја каста живее во повеќе или помалку одвоени делови во селото. Има посебни бунари за Харијаните, или недопирливите; јадењето или пушењето со членови од повисоките или пониските касти сè уше е табу; лицата од ниска класа нема да седат на ист кревет со Џат или Брахман. Кога службениците од Владата дојдоа во селото да ги објаснат проектите за развој на новата заедница, Харијаните можеа да присуствуваат но тие стоеја на одредено место во публиката и „го знаеја своето место“.

Кастинскиот систем за да опстојува мора да биде прифатен од членовите на општеството. Прифаќањето е поставено во верското учење на хиндуизмот. Учењето за повторното раѓање (реинкарнација) вели дека оној кој совесно ги извршува обврските пропишани со позици-

јата на кастата може да се надева на напредување на повисока каста во идниот живот. Спротивно, непридржувањето кон обврските може да произведе повторно раѓање во пониска каста или дури  и во животно. Системот на верување не дава дозвола за промена на кастата за време на еден живот.

Кастинскиот систем бара приврзаност за традицијата и ги заклучува промените.

Индиската влада наидува на отпор во обидите за да го ограничи порастот на населението. Да се има повеќе деца, посебно синови е знак за престиж и сигурност во староста.

Сè до почетокот на модерната ера, сталешките општества претставувале доминантна форма на организирање на општеството во средновековна Европа. Општеството било поделено на три сталежи: благородништво, свештенство и селанство. Селаните биле поделени на слободни селани и кметови. Кметовите биле врзани за земјата и им припаѓале на сопствениците на земјата. Припадноста кон сталежот била предодредена со раѓањето. Бидејќи секој сталеж вкучувал мноштво од професии подвижноста во самиот сталеж била полесна од подвижноста меѓу сталежите. Дека индивидуалната генијалност и постигнување им дозволувале на поединци да ја променат позицијата зборува законот кој пропишувал дека побегнатиот кмет кој ќе остане неоткриен една година и еден ден требало да стане слободен. Правата и обврските на секој сталеж биле пропишани со посебни закони наречени урбари. Овие закони го диктирале секојдневното живеење. Со растежот на градовите се развиле групи на мајстори, трговци и професионалци. Некои од нив се збогатиле и пројавиле желба да учевствуваат во привилегиите резервирани за благородништвото, но наидувале на пречки.

„Прогласени од спикерите во локалните судови и јавните собранија, биле одредени точни градации од платно, боја, крзнени додатоци, орнаменти и накит за секој ранг и степен на примањата. На буржоазијата (новите богаташи) можело да  им биде забрането да поседува кочии и да облекува хермелински крзна, а на селаните им било забрането да ја носат која било боја освен црна или кафена. На докторите и судиите им било дозволено да ја делат привилегијата за крзна со благородниците, но, на жените на трговците им биле забранети наметки во повеќе бои и на риги, брокати, обликувани сомоти и ткаенини извезени со сребро и злато“.

Сталешкиот систем во средновековна Европа бил оправдан со учењето на римокатоличката црква. Таа учела дека Господ ја одредил позицијата на секој поединец на земјата и секој има обврска да живее со правата и задолженијата поврзани со таа позиција. Но, во обезбедувањето на поредокот на црквата не и било препуштено сè. Доминантните групи имале моќ да ги блокираат законодавството и економските промени за кои сметале дека се неповолни за нив. Тие, исто така, биле способни да создадат идеологија која морално ќе го оправдува општествениот, економскиот или политичкиот систем. Системот на верување ја нагласувал важноста на традицијата и на животот во другиот свет. Проповедниците на христијанската вера настојувале да ја зголемат самопочитта на сиромашните со ветувањето дека полесно камилата ќе помине низ иглени уши, отколку богатиот да влезе во божјото царство.

## КЛАСНИ ОПШТЕСТВА

До крајот на осумнаесетиот век и почетокот на деветнаесетиот век западното капиталистичко општество било стратифицирано како што е денес во класи. Класите се групи составени од поединци и семејства кои имаат сличен социоекономски статус. На индустријализираното капиталистичко општество му била потребна подвижна работна сила која без пречки ќе се преместува од еден во друг регион и правно слободен работник (за разлика од кметот) кој ќе може да ја продава својата работна сила на пазарот на трудот. За разлика од кастите и сталежите, класите се отворени општествени групи. Припадноста во класата не е наследна иако позицијата на семејството во која некој се родил, значајно влијае на неговите животни шанси. Бидејќи статусот се стекнува, промената на социоекономската положба е возможна. Поединци кои се посебно надарени и ако имаат среќа можат да напредуваат од сиромашни во богати. Американската идеологија ги уверува Американците дека сите се еднакви во можностите. Оние кои што веруваат можат да најдат и потврда и кај професионалните спортисти и филмските ѕвезди. Многу познати политички фигури како Хари Труман (претседател на САД), Џон Мејџор (британски премиер), Герхард Шредер (германски канцелар) имале скромни почетоци. Бидејќи идеологијата е потврдена со успехот на малкумина, многумина Американци кои не успеале да ги совладаат пречките се обидуваат личниот

неуспех да го припишат на сопствените недостатоци и да не ги бараат причините во системот кој создава нееднаквост. Идеалот за еднакви можности на луѓето со исти способности може да се илустрира со замислената трка во која натпреварувачите имаат различни стартни места. Теориски, секој може да стигне до целта, но она што изискува рутински напор од предните тркачи бара неверојатни квалитети од оние од назад. Така, синот на адвокатот ќе дотрча до целта дипломиран архитект а синот на работник ако не ја постигне својата цел може да се обвинува повеќе себеси отколку условите на трката.

Карл Маркс докажал дека класната припадност влијае на можностите на поединецот и на семејството. Маркс го гледал буржоаското општество како поделено на две основни класи. Едната, буржоаската класа ја сочинуваат сопствениците на средствата за производство, а другата, пролетаријатот, го сочинувале безимотни работници кои немале што да продаваат освен сопствената работна сила. Оние коишто ги контролираат средствата за производство, исто така, ги контролираат и дефинициите за тоа што е прифатливо а што не е, што е нрморално а што неморално, пожелно или непожелно. Економската позиција (сопственик – пролетер) е најсудбоносен фактор за нечие постоење. Влијае на приходот и оттука каде и како ќе живее некој (колку долго ќе живее) и во каква здравствена состојба. Местото на главата на семејството (дали е сопственик, работник, или слободен професионалец – адвокат, лекар) влијае на тоа колкаво и какво образование ќе добијат неговите деца и на видот на работата која ќе им биде достапна.

Припаѓањето на класата не значи дека автоматски ќе произведе заедничка свест за иста судбина и интереси. Маркс верувал дека работниците со време ќе станат класа за себе, со свест за заеднички интереси, и дека остварувањето на заедничките интереси ќе бара соборување на капитализмот. Значи, решение за нееднаквоста барал во класната борба.

Макс Вебер го прифатил значењето на класата – богатството во одредувањето на животните шанси на поединецот. Нагласува дека економската позиција влијае до пристапот на општествено вреднувани работи како што се материјалните добра, образованието, здравството и можностите за живеење долг живот. Но, покрај класата тој наведува уште два фактора: статусот (угледот) и политичката моќ – партијата)

кои влијаат врз нееднаквоста. Вебер го нагласил престижот или општествената почест како фактор на влијание и моќ. Уметникот, универзитетскиот професор, научникот или владиниот службеник не поседуваат многу имот, но уживаат во престижот и можат да го употребат за постигнување на економска или класна позиција. Како трет засебен фактор ја истакнува политичката моќ која произлегува од политичката партија. Политичката партија може да ги претставува интересите на посебна класа или статусна група, но не и задолжително. Партиските раководства имаат и свои интереси.

Американскиот социолог Вилијам Лојд Ворнер и неговите соработници си поставиле задача да ја истражат класната припадност во американското општество. Сè до 1930 година преовладувало верувањето дека Америка е бескласно општество. Врз истражувањата кои ги направил Ворнер, социолозите предложиле класификациска шема од шест нивоа: висока, средна и ниска класа. Секоја од класите е поделена на повисока и на пониска.

- Висока класа – повисока висока
  – пониска висока
- Средна класа – повисока средна
  – пониска средна
- Ниска класа – повисока ниска
  – пониска ниска

На повисоката висока класа и припаѓа 2% од населението кое се одликува со богатство и углед кое го наследиле.

На пониската висока класа отпаѓа 2%, а ја сочинуваат поединци кои, исто така, се богати и угледни но тоа го постигнале со сопствен успех.

На повисоката средна класа припаѓа 10% од населението: лица кои обавуваат раководни работи во стопанството и администрацијата и припадниците на слободни професии.

Пониската средна класа опфаќа 28% од населението: чиновници, деловни луѓе на помалку важни позиции и квалификувани работници.

Во повисоката ниска класа која опфаќа 33% од популацијата влегуваат полуквалификувани работници.

На пониската ниска класа и припаѓа 25% од населението кое е неквалификувано. Работат повремено често валкани и опасни работи по живот а кога не работат се зависни од социјална помош.

## ОПШТЕСТВЕНА СТРАТИФИКАЦИЈА

Сите историски општества се стратифицирани, односно постои одреден облик на стратификација или нееднаквост на условите на поединци. Оттука, може де се каже дека општествената стратификација е оној дел од социологијата што се интересира за нееднаквоста. Општествената стратификација е посебен облик на општествена нееднаквост. Стратификацијата покажува дека општеството е поделено на групи кои се рангирани една над друга, обично врз основа на количество на моќ, углед и богатство што нивните членови го имаат. Луѓето кои имаат еднаков степен на образование, на квалификации, на приходи, моќ и углед формираат слој или страта – оттаму потекнува терминот стратификација.

Поединците кои припаѓаат на различни слоеви во ист систем, различно се наградуваат. Наградувањето може да биде од материјална природа како парите, или симболична како што се моќта и престижот. Така, лекарот прима поголема плата од чуварот и, исто така, има поголем престиж. Кога разликите во наградувањето се утврдени и кога ќе бидат прифатени од значаен процент од членовите на групата, тогаш велиме дека стратификацискиот систем е институционализиран. Најголемиот дел од граѓаните ќе се согласат и очекуваат директорот на компанијата да заработува повеќе отколку работникот, поради неговата стручност и одговорност. Ова се разбира, не значи и согласност колку менаџерот треба да заработува.

Во врска со стратификацијата, социологијата настојува да одговори како таа влијае врз стабилноста на општеството. Притоа, се наведуваат функционалистичкиот и конфликтниот пристап.

Функционалистичкиот пристап на стратификацијата го наведува придонесот на опшествената нееднаквост за одржување на општествениот поредок и опстанок. Според функционалистичкиот пристап нееднаквата распределба на приходот, престижот и моќта ги мотивира поединците да ги преземат најзначајните задачи во општеството. Се претпоставува дека ако ваквите награди недостигаат, талентот нема да биде на располагање и дека луѓето не ќе можат да се распоредат во поделба на трудот која општеството ја бара. Според ова размислување, поединецот тешко би прифатил долго и напорно медицинско образование ако не е уверен во добивањето на поголем приход и поголем престиж, да речеме од службеник во пошта.

Според конфликтната теорија на Карл Маркс општествената стратификација, односно класната поделба не е во функција на одржување на општествениот систем, туку напротив, таа е фактор на општествен конфликт и општествени промени. Критичарите на Карл Маркс наведуваат дека во современите индустриски општества, сопственоста на средствата за производство не е единствениот фактор на општествената стратификација, туку дека тоа се моќта и власта. Во заземањето на општествените позиции сопственоста сè повеќе му го отстапува местото на образованието.



# ОПШТЕСТВЕНА ПОДВИЖНОСТ

Општествената подвижност значи промена на местото или позицијата во општеството. Бидејќи професионалната и општествената позиција се тесно поврзани, подвижноста, главно, значи професионална подвижност.

Вертикалната подвижност или мобилност подразбира движење горе и доле во рангирањето. Вертикалната подвижност може да се подели на меѓугенерациска подвижност и внатрегенерациска подвижност. Инженер чиј татко бил возач на автобус, доживеал меѓугенерациска подвижност затоа што ја подобрил својата позиција во однос на позицијата на неговиот татко. Истражувањата покажале дека во индустриските општества со либерална демократија вообичаен модел на меѓугенерациска подвижност е моделот на постепено напредување: способните и одличните деца на родители од работничка класа, добиваат високо образование и стануваат медицински сестри, наставници или службеници. Придвижувањето од мануелен работник до адвокат или архитект често опфаќа две или повеќе генерации. Ако инженерот почнал да работи како погонски инженер за подоцна да стаса до раководител на сектор (пример, производство) за него велиме дека остварил кариера или внатрегенерациска подвижност. Меѓугенерациска надолна подвижност имаме, на пример, кога ќерката на директор ќе стане продавачка или наставник поради проблеми со алкохолот ќе биде отпуштен и ќе стане чувар на градежен објект.

Хоризонтална подвижност имаме кога лицето се преместува на работни места кои приближно се на исто ниво. На пример, кога медицинска сестра ќе се обучи за физиотерапевт, или кога шалтерскиот службеник во општина се премести за архивар во суд.

Географската подвижност на поединците им овозможува да најдат подобра работа а често пати и каква била работа. Луѓето доаѓаат во Северна Америка од Европа и Азија; другите се преместуваат од село во град или од региони кои се слабо економски развиени во просперитетни региони во земјата.

Врз вертикалната нагорна подвижност влијание имаат промените во технологијата и демографските трендови. Во индустријализираните општества технологијата укина многу мануелни и рутински работи, на пример, истоварање и утовар на тежок товар.

Најдраматичните напредувања се случија во компјутерската технологија. Се создадоа ценети и платени занимања, како програмер или аналитичар. Една изрека вели „Богатите стануваат побогати, а сиромашните добиваат деца“. Индустријата го поттикна развитокот на градовите а градскиот живот го намали бројот на членовите на семејството. Родителите сè повеќе инвестираат во иднината на сопствените деца. Стапката на родени деца во високите класи опаѓа со индустријализацијата, ова ја зголемува веројатноста работните места со повисок статус да се пополнат со деца од пониските класи. Се смета дека образованието е најсигурно средство за напредување. Истражувањата направени во САД тоа не го одречуваат но покажале дека високото (постсредно образование) обезбедува поголемо напредување отколку средното образование. Со порастот на процентот на населението со средно образование релативно се намалува предноста. Оние кои завршиле средно училиште, предностите кои ги уживаат повеќе се резултат на посебните нивни карактеристики а помалку на школувањето. Семејната позиција игра важна улога во веројатноста личноста да посетува колеџ или универзитет.

Во одговорот на прашањето кој напредува треба да се земат и други околности.

Прво, на индивидуалниот успех влијаат состојбите на пазарот на трудот. Многу е полесно да се напредува во период на економски пораст, отколку во клима на економска криза.

Второ, истите лични карактеристики можеби нема да дадат исти резултати за црнците и белците или за мажите и жените.

Канадскиот социолог Џон Портер во својата книга „Вертикален мозаик“ покажал дека постои врска меѓу економската позиција (класата) и етничкото потекло. Ги анализирал пописите од 1931 до 1961 година и утврдил дека луѓето од британско потекло се премногу застапени во врвот на општеството според професиите и приходите, додека домородните луѓе главно, биле презастапени на дното.

Оваа нееднаквост во класната припадност влијае врз образованието на главата на семејството и на образовните можности на неговите деца. Така, класните разлики и нееднаквоста се овековечени иако образовниот систем дава можност за подвижност.

## ПРОФЕСИИ

Во структурата на занимањата во индустриските општества, во последно време, сè поголемо значење добиваат професионалните групи. Професионалците можат да се поделат во две групи: повисоки и пониски професионалци. Повисоките професионалци ги сочинуваат: судиите, адвокатите, правните застапници, архитектите, планерите, лекарите, забарите, универзитетските наставници, економистите и стручњаците од природните науки (физичари, хемичари) како и инженерите. Во пониските професионалци влегуваат наставниците во училиштата, медицинските сестри, социјалните работници и библиотекарите. Според заработувачката, пониските професионалци не се разликуваат многу од квалификуваните работници. Но, во споредба со квалификуваните работници, овие професионалци уживаат други предности како што е, поголемата сигурност на работното место, поголеми можности за напредување и постојано годишно покачување на личните доходи.

Една од карактеристиките на професионалните занимања е автономијата, односно, поголемата самостојност во донесувањето на професионалните одлуки. Иако поголемиот дел од нив работат во професионални организации како што се болниците или големите адвокатски фирми, сепак, тие се автономни во донесувањето на одлуки како ќе постапат во одреден случај. Иако автономијата е привилегија на професионалните групи, постојат разлики во нејзиното реализирање меѓу повисоките и пониските професионалци. На пример, наставникот во некое основно училиште има помалку автономија во споредба со универзитетскиот професор, во однос на наставните содржини или во примената на методите на предавање.

Подемот на професиите е условен од промените на општеството. Сè поголемата сложеност на стопанските активности и продажбата на стоките бара специјализирани финансиски и правни стручњаци. Улогата на државата во социјалната заштита, потоа во образованието и здравството има потреба од вработување на високостручен кадар во владиниот апарат а влијае и врз порастот на медицинските и наставничките надлежности.

Општествената улога на повисоките професионалци и нивното наградување со пари и престиж, се поврзува со четирите битни карактеристики на овие професии. Како прво, се смета дека поседуваат одреден степен на знаење кое може да се примени на повеќе

проблеми. Така, лекарите располагаат со медицинско знаење кое може да се примени при дијагностицирање и лечење на болестите. Второ, од професионалците се очекува, интересите на заедницата да ги стават пред личните интереси. На пример, на лекарите во прв план им е здравјето на нивните пациенти, а не полнењето на џебовите. Трето, ставањето на струката во интерес на општеството е контролирано со етички кодекс. Етичките кодекси ги составуваат стручните здруженија. Овие правила се дел од подготовката потребна за стекнување на соодветните квалификации. Лекарите полагаат Хипократова заклетва која ги пропишува обврските и правилното извршување на нивната професија. Ако ги прекршат правилата на лекарскиот кодекс, лекарското здружение може да им забрани да ја извршуваат лекарската практика. Четврто, придонесот на професионалните групи за општото добро е вреднувано со високи заработувачки вклучувајќи го и престижот.

Сфаќањето според кое стручњаците во прв ред својата улога ја ставаат во служба на општеството, и затоа уживаат привилегии, наидува на сериозни критики. Американскиот социолог Иван Илич истакнува дека главната причина за подобрената здравствена состојба на населението не се наоѓа во медицинските услуги, туку во променетата средина, посебно храната, работните услови, станбените услови и хигиената. Наведува дека намалувањето на болестите како што се туберкулозата, колерата, дизентеријата, тифусот и шарлахот започнало многу порано пред да се вмеша медицината. Сè пореткото појавување на овие болести им го припишува на промените во околината, а не на антибиотиците и на сеопфатната имунизација. Илич докажува, дека најголемиот дел од болестите во современото општество се последица на животната средина. Како карактеристики на современите општества ги истакнува:  досадната и монотона работа, спреченоста на поединецот да управува со својот живот и присилата да стекнува материјални добра врз погрешното уверување дека тоа носи среќа и исполнетост. Таквите зла на индустриското општество се одговорни за голем број од болките на неговите членови. Со тоа што тврдат дека можат да ги дијагностицираат и лечат таквите болести, лекарите можат да направат повеќе зло отколку добро. Лечејќи ги поединците а не средината, лекарите не само што прават малку во спречувањето на болстите, туку го одвраќаат вниманието од мерките кои би можеле да се покажат делотворни.

Тврдењето дека високообразовните професионалци му служат

на општеството како целина, а не некои посебни интереси е ставено под сомневање. Многу социолози укажуваат дека повисоките професионалци им служат на интересите на богатите и на моќните. Така, на пример, економистите и правниците се вработени да му служат на капиталот, архитектите градат за богаташите а лекарите и психијатрите од приватната практика се грижат за нивните физички и духовни потреби. Американскиот социолог Рајт Милс, зборувајќи за правничката струка наведува дека правниците не само што не се чувари на законот во интерес на сите, туку сè повеќе стануваат слуги на големите корпорации.

### *Прашања и задачи*

1. Како реагираат малцинските етнички групи ако чувствуваат дека се загрозени од доминантната етничка група?
2. Која е улогата на брачните врски во модерните општества?
3. Како кастите и сталежите ја попречуваат човечката единка сама да се избори за место во општеството?
4. Иако класите се отворени општествени групи, економската позиција на семејството е значаен фактор за можностите на единката. Зошто?
5. Опиши го моделот на постепено напредување во индустриските општества со либерална демократија.



# ОПШТЕСТВЕНИ ИНСТИТУЦИИ

## ПОИМ И ВИДОВИ ИНСТИТУЦИИ

Општеството е составено од мрежа на институции кои служат да ги задоволат основните потреби какви што се биорепродуктивната, производно-економската, културната и многу други. Институциите профилираат типизирани однесувања и улоги на поединците. Доколку одредена општествена појава или општествен феномен се уреди со норми преку кои строго се пропишуваат и организираат однесувањата на поединците, тогаш зборуваме дека таа општествена појава или феномен се институционализирала. На пример, религијата е општествен феномен, додека црквата и другите религиски организации се нејзина форма на институционализирање (црквата е институционализирана религија).

Лексичкиот корен на институциите потекнува од латинскиот збор instituere (институтно) што означува процес на воспитување, уредување, востановување кој најчесто се остварува преку норми (особено правни). Во современата социологија општоприфатена е определбата која вели дека општествената институција е темелно организирана единица во која луѓето ги задоволуваат своите определени потреби, интереси или вредности и дека таа единица подразбира еден потраен ред на улоги, односи и норми кои најчесто се правно пропишани. Консеквентно на ова произлегува фактот дека институциите се општествено признати и заштитени. Тие претставуваат базичен елемент на секое општество при што општествениот систем е составен од мрежа на институции кои ги уредуваат неговите главни функции.

Постојат различни класификации на општествените институции, направени според определени критериуми. Според обемот на нивното дејствување разликуваме:

– глобални или макроинституции (држава, голема религиска организација, меѓународни економски и политички организации);

– макроинституции (основни училишта, кошаркарски клуб);

– секторски институции (професионални здруженија).

Ако за критериум се зема статутот на субјектите на институциите тогаш нив ги делиме на:

– државни или јавни

– приватни

Според видот на потребите што ги задоволуваат, институциите ги делиме на :

– институциите кои ги задоволуваат потребите за биорепродукција, љубов, социјализација (брак, семејство);

– основни егзистенционални потреби на човекот (економски институции);

– уредување на односите на моќ, управување и владеење во општеството (политички институции);

– културно-духовни потреби (културни институции);

– религиозни потреби (верски институции).

## ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУЦИИ

Општествените мислители на различен начин го определувале човекот како биолошко, а општествено суштество. Во оваа прилика ќе наведеме две од нив. Аристотел го определува човекот како „zoom politikom" што значи дека човекот е политичко суштество, предодредено да живее заедно со останатите луѓе во постојана интеракција. Од друга страна пак Бенџамин Френклин го дефинира човекот како „tool-making animal", што значи дека човекот е животно што произведува алати. Оваа определба го дефинира, пред сѐ, како економско суштество. Човекот преку алатите што ги изработува сам, стапува во еден своевиден однос со природата што го опкружува. Стапува во однос на размена со природата, при што трудот е централна категорија.

Трудот на човекот за разлика од другите живи суштества е целесообразна активност, меѓутоа, трудот е само една од човековите активности. Преку трудот човекот произведува и притоа создава производи што за него и за општеството претставуваат вредности. Тие вредности се разменуваат со другите луѓе при што настануваат меѓучовечки односи како економска категорија. Со размената практично се купуваат и продаваат нештата што имаат вредност.

Производството, главно, се одвива во одредени организациски единици, како што се фирмите, корпорациите, задругите или занаетчиските дуќани. Размената на стока за пари се врши на пазар. Трговијата

исто така, се врши и преку банки и берзи. Сите наведени организации се економски институции.

Економските институции, го уредуваат начинот на одвивањето на производната активност на луѓето. Од друга страна, економските институции ги уредуваат и односите на луѓето што настануваат при овие активности.

Економската институција, претпријатие, претставува единица воспоставена за стопански, односно за комерцијални или производно-услужни цели. Целта на претпријатието е остварување на добивка. Претпријатието е група луѓе поврзани со различни статуси и улоги во извршувањето на една стопанска цел.

Социолозите ја истражуваат моќта на корпорациите во општеството. Корпорациите се големи претпријатија. Тие обезбедуваат работа за огромен број луѓе и остваруваат големи добивки. Се смета дека во САД двесте најголеми корпорации остваруваат околу 90% од целиот профит на американската индустрија. Во корпорациите сопственоста и управувањето (менаџментот) се одделени. Менаџерите, односно оние коишто управуваат не се сопственици. Сопствениците на корпорациите се поединци и семејства, па и династички семејства кои имаат исклучителна моќ и влијание. Тие ги „создаваат" потребите на потрошувачот ги одредуваат цените на пазарот, ги шират пазарите низ светот, ја одредуваат социјалната положба на трудот, остваруваат големи добивки и влијаат врз политиката. Тие имаат моќ да ја контролираат власта и медиумите.




Темелите на современата производна организација ги поставил инженерот Фредерик Тејлор на почетокот на дваесетиот от век. Тејлор поаѓа од претпоставката дека човекот е економско животно и дека тој и како работник и како работодавец има слична цел: повисока дневница и повисок профит. Оттука, нема основа за конфликт во производството. Правилата на Тејлор подразбираат организација на трудот според технологијата, крута дисциплина и командување од еден центар како и целосна послушност и пасивност на работништвото. Работникот е трудово животно или жи-ва машина.

# СОПСТВЕНОСТА КАКО ЕКОНОМСКА ИНСТИТУЦИЈА

Сопственоста е темелна економска институција од којашто ќе зависи организацијата на економските активности и односите во производството и општеството. Сопственоста може да се разгледува од неколку димензии. Правната димензија на сопственоста ни укажува на заштитата на сопственоста. Правото на сопствениците им овозможува слободно да располагаат со она што го поседуваат (на пример, земја, станови, куќи, фабрики). Правото на сопственост ги обврзува останатите да го почитуваат тоа право. Етичката страна на сопственоста укажува на општествениот однос, дека користењето на сопственичкото право може да ги загрози правата и слободите на другите. Економската димензија на сопственоста укажува на употребата на сопственоста како на средствата за производство, трудот, капиталот, знаењето и умеењето. Значајни социјални мислители слободата на поединецот ја поврзуваат со правото на приватна сопственост. Правото на приватна сопственост има смисол само во слободен економски натпревар, во пазарното стопанство. Државата треба да го заштитува ова право. Американскиот филозоф Роберт Нозик наведува дека природно право на поединецот е слободно да ги остварува сопствените цели сè додека правата на еден поединец не ги загрозува правата на другите. Правото на остварување на сопствените цели е тесно поврзано со правото на сопственост и акумулирање на средствата. Бидејќи поединците најдобро знаат што сакаат, државата треба сè помалку да се меша во нивните животи.

Шкотскиот економист Адам Смит (осумнаесети век) во својата книга „Богатството на народите“ ја истакнал улогата на слободниот пазар како саморегулирачки механизам. Во објаснувањето на економскиот живот, Смит поаѓа од мислата дека секој човек го прогонува само личната корист. Воден од неговиот личен интерес, тој често пати ги заштитува интересите на општеството иако немал такви намери. Кон тоа го води невидливата рака на слободната конкуренција. Невидливата рака дејствува на следниов начин. На пример, има недостиг од некој производ што многу се бара. Природно неговата цена расте, а тоа му носи голема печалба на производителот. Поради големата печалба и други ќе се стремат да го произведат истиот производ. Неговото производство се зголемува, а првобитниот недостиг ќе се намали. Зголемената понуда заедно со конкуренцијата меѓу производителите ќе ја сведат стоката на нејзината нормална цена. Никој

свесно не се прашува како да се надмине недостигот за да му се помогне на стопанството, но, и покрај тоа проблемот е решен. Меѓутоа, невидливата рака не може да си ја заврши работата како што треба, доколку на слободната конкуренција и се поставуваат пречки. Смит е лут противник на мешањето на другите во стопанските активности.

Спротивно на оваа либерална идеја, социјалистите се залагале за укинување на приватната сопственост, бидејќи тоа е причина на општествената нееднаквост изразена во поделбата на општеството на класи. Економистот Фридрих Хаек, добитник на Нобеловата награда за економија, ги оправдува пазарните механизми поради нивната ефикасност. Слободното користење на приватната сопственост и конкуренцијата ги насочува луѓето со ретки способности во правец на постигнување на најголеми добивки, со што, дури и во услови на нееднаква распределба, сиромашните поминуваат подобро во споредба со општествата каде што државата се меша во распределбата.

## ПОЛИТИЧКИ ИНСТИТУЦИИ

Уште во своето дело *Политика* од четвртиот век пр.н.е., Аристотел човечкото општесто го нарекува политичко општество а човекот „zoom politikom" т.е. политичко животно. Античките мислители ја разликувале човечката заедница од политичкото општество, а за разлика од неполитичкото општество. Политиката ја сметале за врвна човекова творба и дејност со која општеството не само што се одржува како заедница, туку му обезбедува човечки и праведен живот, но и живот, во слобода за доброто на сите. Според тоа, општествата со политички (пред сè, со државни институции) се сметале за цивилизирани, а оние без држава за примитивни и варварски.

Во секој случај политиката како општествен феномен постои од времето на Аристотел и егзистира сè до денес со тенденција за проширување во сите сфери на човечкиот живот. Така таа денес е присутна во повеќе сектори на општествениот живот, во културниот, приватниот па дури и во интимниот живот на човекот.



*Влада на Република Македонија*

Пред да почнеме да зборуваме за политичките институции, ќе посочиме неколку дефиниции за политиката и политичкиот феномен, воопшто.

Според едни автори политичкиот феномен едноставно е дејност на владеење и управување во општеството, односно дека е општествена и управувачка дејност со која се уредуваат односите меѓу луѓето. Некои определби се поограничени и ја дефинираат како вештина за освојување, одржување и употреба на моќта и власта во заедницата или општеството или, пак, како дејност на владејачи и владеани. Повеќето, пак, современи социолози политиката ја дефинираат како начин на распределба на моќта. Со таквата моќ што ја имаат опште-ствените слоеви и поединци се уредуваат односите во заедницата, што е услов да се одржи како единствена, компактна и организирана човечка заедница. Носителите на моќта и на власта во уредувањето на општествените односи секогаш вградуваат некои цели и интереси било да се на културна, социјална, економска, етничка, национална или друга основа, ги прогласуваат за општествени и национални, но, сепак, во нив вградуваат многу потесни ако не и лични интереси.



*Парламент на Република Македонија*

Што се однесува до моќта како главна компонента на политиката, повеќето социолози ја прифаќаат Веберовата определба според која моќта се состои во можноста за спроведување на сопствената волја над другите, дури и кога тие се спротивставуваат.

Социолозите разликуваат два типа на **моќ**: **власт** и **принуда**.

Власт е облик на моќ и е прифатена како легитимна т.н. како исправна и праведна и на таа основа ѝ се покоруваме.

Принуда е облик на моќ која не ја сметаат за легитимна оние кои се подложени на неа.

Според Лукес моќта има две лица:

– Првото е во процесот на донесување одлуки при што разни поединци и групи влијаат врз донесувањето одлуки кои се во сооднос со нивните ставови и интереси, и

– Второто лице на моќта е во процесот на „недонесување одлуки“. Моќта може да се користи и како средство за спречување одредени прашања, воопшто да не дојдат во фаза на одлучување или спречување на самиот чин на донесување на одлуки. Понатаму, Лукес смета дека моќта се спроведува над оние на кои таа моќ им штети, без разлика дали се свесни за тоа или не.

Втората група теории за моќта се познати како модел на владејачките елити. Според Парето, еден од основачите на теоријата на елитите постојат два типа елити: „лавови“ и „лисици“. Лавовите својата моќ ја базираат врз способноста на брза и остра акција, а лисиците врз лукавство и измама.

## ДРЖАВЕН ПОРЕДОК

Од историски аспект државата настанала на одреден степен од општествениот развој. Познато е дека старите и античките држави настанале од родовски и племенски заедници, но сепак најчесто се засновале на територијалниот принцип држејќи го под контрола населението од таа територија. Средновековните држави се формирале според семејно-династичко и монархистичко начело, додека модерните држави се нацинални и етнички.

Државата е најмоќна и најавторитетна политичка институција и таа воспоставува суверенитет, власт, поредок, организација и одбрана на една територија и нејзината популација.

Има неколку објаснувања за природата и смислата на државата. Според античките мислители таа настанала како резултат на договор меѓу луѓето, т.е. членовите на општеството, и врз база на тој договор поединците на државата ѝ го пренеле своето право и улога на заштита, регулирање и грижа за доброто на сите. Овој став ќе се актуелизира и за време на буржоаските револуции во врска со сопорување дека договорот е склучен еднаш засекогаш и дека е необновлив и дека на суеренот на државата му дава универзални права.

Второто сфаќање за државата е марксистичкото, според кое таа се појавила кон крајот на првобитното општество кога се појавиле вишок на производи над егзистенцијалните потреби и тој вишок на производи го присвојува една група луѓе и како резултат на тоа се формира класното општество. Основната улога на државата според марксистите е заштита на поредокот на класните односи. Со укинување на класните односи, објективно се губи смислата и функцијата на државата и таа нужно ќе исчезне.

Сепак, заеднички карактеристики на модерните држави се: заедничка територија, заеднички интереси, заеднички пазар итн.

Во врска со тоа можеме да ја дефинираме државата како производ на општеството на определен степен од неговиот развој. Таа фукционира како политички апарат преку кој се спроведува власта на одредена територија.

Државата е политичка организација која недвосмислено се разликува од другите општествени организации. Таа располага со монопол на користење на физичката сила (принуда) и врши функции кои се за општото добро на нејзините граѓани. Според Вебер, државата има монопол над легитимната физичка принуда и има контрола над своите граѓани и на својата територија. Оваа дефиниција ја прифаќаат поголем број социолози.

Голем број членови на општеството сметаат дека само централната власт има право да употреби сила за постигнување одредени цели. И други поединци или групи можат да употребат сила, но дејството на терористите, фудбалските хулигани и убијците не се смета за легитимно. Само државата е во состојба да започне војна или да го употреби законодавниот систем за да осуди некого и против неговата волја.

Врз база на Веберовата дефиниција можеме да заклучиме дека државата се состои од власт или законодавни тела кои донесуваат закони, бирократија или државна управа која ги спроведува одлуките на власта, полицијата која е задолжена да го спроведува законот, и вооружените сили чија задача е да ја штитат државата од надворешни закани.

Многумина социолози сметаат дека модерната централизирана држава е релативно нова појава и во многу делови на Европа. Таквата држава не се развила сѐ до крајот на периодот на феудализмот.

Во феудалното општество легитимната употреба на сила не била концентрирана во рацете на централната власт. Теориски гледано, владеел монархот, но, во практиката воената моќ и контролата над одредени територии била во рацете на феудалците кои контролирале одредена територија. Затоа, државата не била концентрирана на едно место, туку во неколку одвоени центри на моќ што биле распространети низ целата територија на земјата.

Дури во седумнаесетиот век француската монархија успеала да воспостави власт над аристократијата на целокупната територија. Понатаму, дури во деветнаесетиот век, системот на сообраќај и

комуникации доволно се развива и овозможува централизираната држава да воспостави цврста контрола и над оддалечените делови од територијата.

Централизираната држава се развила неодамна во многу делови на светот, но нејзината важност во модерните, индустриски општества особено се зголемува во текот на деветнаесетиот и дваесетиот век.

## ПОЛИТИЧКИТЕ СИСТЕМИ И МОДЕРНИТЕ НАЦИИ – ДРЖАВИ

Сите општествени органи кои се во функција на управување и организирање на општеството се составни елементи на политичкиот систем.

Политичкиот систем се вовспоставува за да се остварат 4 задачи:

Првата е да се создаде заеднички политички идентитет; втората е да се воспостави и зацврсти моќта, третата е да се воспостави легитимна власт и; четвртата е да се овозможи производство и дистрибуција на стоки и услуги.

Постојат две големи групи на политички системи и типови на држави: **демократски** и **недемократски.**

Во демократските владејат граѓаните преку нивните политички претставници што ги избираат на слободни, тајни и непосредни избори. Значи граѓаните се неприкосновени субјекти на власта во општеството и во државата. Постои поделба и релативна независност на трите вида власт: законодавна, извршна и судска (односно донесување, извршување и заштита на правилата).

Во демократските политички системи постои широка заштита на правата и слободите на поединецот: неприкосновеност на животот и личноста на човекот, слобода на неговото мислење и совест, сопственоста итн. Во правната држава сите се еднакви по правата и должностите. Иако во демократските политички системи владее принципот на волјата на мнозинството, но, владее и принципот за заштита на интересите на малцинствата (политички, верски, културни и др.)

Во недемократските држави овие елементи не се почитуваат или значително се намалени. Такви се: тоталитаризам, партиократизам итн.

Партиократизам е кога партиите институционално или фактички навлегуваат или ги освојуваат сите сегменти, кога ја политизираат и конфликтуализираат целата структура на граѓанското општество и ја спречуваат неговата демократска активност.

Тоталитаризам е еднопартиски систем, кога една партија надвладувајќи ги забранува другите да ја освојуваат трајно државната власт.

Развојот на модерната нација – држава поминал низ две историски фази: првата или либерална фаза, го покрива деветнаесетиот век, додека втората, организирана фаза, го опфаќа дваесетиот век.

Во либералната фаза, улогата на државата била да обезбеди суровини користејќи дипломатија и воена сила. Внатрешната улога на државата се сведувала на заштита на приватната сопственост и дисциплинирање на индустриската работна сила. Во дваесетиот век, поради неспособноста да ги реше општествените проблеми, либералната држава беше реорганизрана со тоа што презема обврски за национална економска благосостојба. Реорганизираната држава е позната како држава на благосостојба или социјална држава. Таа посредуваше меѓу општествено интересните  групи, особено меѓу работодавците и вработените.

Социјалната држава уживаше поддршка затоа што материјалната корист од достигнувањата во економијата не ја ограничи само на капиталистите. Со користење на механизмите за повторна распределба, како што се прогресивното оданочување на приходите (ако приходите се зголемуваат се зголемува и стапката на оданочување) се ублажуваа  несаканите последици од економијата заснована на добивка. Социјалната држава создаде фондови за издржување на сиромашните и на лицата кои останале без работа. Со фондовите се финансираше здравството, образованието и пензиите.

## ДРЖАВНИОТ ПОРЕДОК И ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ НА МАКЕДОНИЈА

Според уставните определби, Македонија е демократска, правна и социјална држава, а нејзиниот политички систем е република со парламентарна демократија. Постои строга поделба на власта на трите гранки, т.е. законодавната, извршната и судската, при што законодавната власт, односно Собранието на Републиката се формира преку општи и непосредни избори. На изборите граѓаните избираат свои претставници, кои припаѓаат на политички партии или се независни. Со начинот на регистрација на политичките партии и изборните начела воведен е повеќепартиски систем. Шефот на државата, т.е. претседателот на Републиката, се избире исто така непосредно, но со мандат од 5 години, за разлика од Собранието кое се избира за период од 4 години. Собранието е еднодомно и се состои од 120 пратеници.

Современите политички институции на Македонија, главно, се воведени со општествените промени од 1990-91 година и со Уставот на Република Македонија, усвоен на 17 ноември 1991 година, со кој е заокружен политичкиот систем на независна и суверена Македонија. Меѓутоа, многу од тие политички институции водат историско потекло, или пак се присутни во зародиш или во уставно-правни проекти уште во деветнаесетиот век, во времето на борбите за национално ослободување и создавање сопствена држава (на пример, политички партии, претставнички тела, локална самоуправа, воено-политичка организација итн.) или во времето на НОВ и создавањето на македонската државност во 1944 година.

Интересно е дека покрај големиот број наши извори и автори, кои се занимаваат со историјата на македонските политички институции, историски тие институции ги проучувале и многу странски автори. Типичен пример е родоначалникот на современата политикологија Харолд Ласвел, кој во своето познато дело од 1936 година „Политиката – кој добива што, кога, како“, цело поглавје му посветува на искуството на ВМРО во турскиот период, кога, практично, дејствувале како „држава во држава“.

Други политички институции се референдумот како облик на непосредно одлучување на граѓаните и општините, како облик на локална самоуправа.

Значајно социолошко прашање е колку тие политички институции функционираат според проектираните уставни и социјални цели и какви социјални и развојни последици предизвикува тоа функционирање.

Во одговор на тие прашања, секако, треба да се имаат предвид неколку околности.

Пред сѐ, треба да се има предвид претходното, речиси, полувековно постоење на социјалистички еднопартиски политички систем, чии институции, практика и искуство, објективно, уште долго време ќе даваат печат на функционирањето на новите политички институции.

Второ, новите политички институции се воведени уставно-правно, меѓутоа, сѐ уште не се втемелени во една традиционална демократска практика. Реално може да се очекува некои од нив да се видоизменат или корегираат, сѐ додека системот не се стабилизира. На пример, бројот на политичките партии со време, секако, ќе се намали. Локалната самоуправа, секако, ќе се видоизменува и развива врз стандардите на европската локална самоуправа. Со развој на пазарната економија и граѓанското општество, етнополитичкото организирање бездруго, ќе му отстапи повеќе место на интересното политичко организирање итн.

За да се одржи еден политички систем, некои социолози го истакнуваат влијанието на политичката култура. Политичката култура ги содржи нормите, вредностите и симболите во кои граѓаните веруваат и ги поддржуваат. На пример, во Соединетите Американски Држави: уставот, демократијата, еднаквите шанси и знамето ја помагаат оправданоста на системот на политичка моќ во општеството. Политичката култура може да биде стварна и наметната. Стварните политички култури се оние во кои граѓаните активно веруваат и ги поддржуваат. Наметнатите политички култури се вештачки создадени сфаќања кои на граѓаните им се наметнати со закана или со сила. Кога политичката култура е осомничена се создава криза на оправданоста на системот, како што се случи во Централна Европа и во поранешниот СССР во 1989-91 година. Скандалите, корупцијата, криминалот на државата и неправдата може многу брзо да ја поткопаат вербата на граѓаните во оправданоста на целиот политички систем. Поради овие причини, одржувањата на политичката култура е една од главните преокупации на политичарите и на бирократите на сите нивоа на управување.

## ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Секоја власт мора да го оправда своето владеење. Во средновековна Европа кралевите власта ја оправдувале со божјата волја. Кралот е божји претставник на земјата. Комунистичките властодршци се убедувале себеси дека ги остварувале интересите на работничката класа а завршувале како омразени диктатори. Во демократските општества власта се поставува по пат на избори каде што бирачите се определуваат за кандидатите определени од политичките партии. Оттука современите демократски општества не можат да се замислат без политички партии.

Терминот партија потекнува од латинската именка *pars* што значи дел. Самото значење на именката покажува дека партијата е дел од некоја поширока целина. Политичките партии се производ на модерните времиња. Нивното создавање е поврзано со ослободувањето на општеството од феудалните стеги, со развитокот на парламентаризмот, со ширењето на избирачкото право и со сеопштата конкуренција.

Првите политички партии се формираат во Соединетите Американски Држави кон крајот на осумнаесеттиот век. Таму се формирале

најголемите американски партии, Демократската и Републиканската партија. Во Западна Европа партиите се создаваат во првата половина од деветнаесеттиот век. Во Англија партиите се раѓаат од аристократските групации на ториевците (Конзервативна партија) и Виговците (Либерална партија). Лабуристичката партија формирана е во 1906 година под влијание на работничките синдикати. Во Франција политичките партии израснуваат во буржоаско-демократска револуција а во Германија од работничкото движење во средината на деветнаесеттиот век се изродува Социјалдемократската партија. Останатите европски земји го следеле примерот на САД, Англија и Франција. Политичките партии се производ на класните судири и спротивставени политички интереси во нововековните општества. Тие се прифатлив начин за остварување на целите и интересите на општествената група. Основна цел на политичките партии е освојување на власта и задржување на власта. За да го постигнат тоа тие се организираат и донесуваат програма. Основни елементи на организационата структура на политичките партии се членството и водството. Организацијата на партијата е утврдена со напишан правилник кој се нарекува статут. Со статутот се уредуваат односите меѓу повисоките и пониските органи на партијата и членството. Целите на партиите се претставени во партиските програми. Основата на партиската програма е идеологијата. Партиската идеологија ги изразува интересите на општествените класи и слоеви кои треба да застанат зад партијата. Битен дел од активноста на политичките партии е политичката пропаганда. Целта на политичката пропаганда е да ги претстави политичките цели на партијата, но, и да ги оцрни политичките противници.

Влијанието на политичките партии во општествениот и политичкиот живот се мери со бројноста на партијата, организираноста и присуството на јавната сцена. Средствата со кои располагаат партиите (финансиите), исто така, зборува за нивното влијание.

Во класифицирањето на политичките партии вообичаено се зема критериумот на идеолошко-политичката насоченост. Па така, се разликуваат партии на левицата (социјалистички, социјалдемократски), партии на десницата и партии на центарот. Обично се мисли дека партиите на левицата ги застапуваат интерсите на трудот, додека десните ги застапуваат интересите на капиталот. Политичките партии се дефинираат како релативно трајни политички организации кои ги опфаќаат луѓето со иста политичка идеологија, чија основна цел е преземање и реализирање на државната власт заради насочување на развојот на општеството и остварување и заштита на парцијалните интереси. Позитивната улога во политичките партии се состои, најнапред, во тоа

што го поттикнуваат и овозможуваат политичкото ангажирање на луѓето со што придонесуваат за демократизација на општеството. Потоа, ја спречуваат злоупотребата на власта, бидејќи власта ја прават предмет на јавно надгледување. Но, им се упатуваат и критики затоа што ги застапуваат своите партиски интереси, дека повеќе им служат на партиските врвови, отколку на членството, симпатизерите и гласачите. Иако во парламентот постои расправа меѓу политичките партии, сепак вистинските одлуки пред тоа се донесени од партискиот врв. Тежнеат да го униформираат мислењето и однесувањето на луѓето, со што се губат битните разлики меѓу доминантните партии.

## ИНТЕРЕСНИ ГРУПИ И ГРУПИ ЗА ПРИТИСОК

За разлика од политичките партии, целта на интересните групи не е да се преземе моќта во смисла на создавање влада, туку се обидуваат да влијаат врз политичките партии и разните министерства. Нивната главна цел е заштита на материјалните или нематеријалните интереси на групата. Тоа се потесни општествени групи кои со своето активно дејствување настојуваат да го остварат својот заеднички интерес. Во современата политикологија, интерсните групи се дефинираат како доброволни организации создадени за изразување и заштита на интересите на нејзините припадници во интеракцијата како со другите групи и политички институции, така и внатре во самата организација.



*Изборен митинг*

Интерсните групи можат да вршат притисок на најразлични начини:

– Со финансиски прилози во фондовите на политичките партии, особено за време на изборните кампањи. На тој начин интересната група ја доведува во зависност политичката партија, па дури и во односи на партнерство во областа на политиката.

– Со илегално плаќање на изборните застапници и државните службеници т.е. со мито. Иако тоа е незаконски, сепак, можеби понекогаш парите се единствен начин со кој се овозможува пристап до членовите на парламентот или министрите. Така, во 1994 година е откриено дека најмалку еден од членовите на британскиот парламент примил пари од Мухамед ал Фајед за поставување прашање во негова корист во Долниот Дом.

– Со апели за јавното мислење. Успешната кампања на некоја интересна партија може да ја мобилизира пошироката јавност, особено ако за случајот се заинтересираат и средствата за масовна комуникација.

– Со различни облици на граѓанска непослушност или директна акција на нејзините членови. На пример, демонстрантите кои се борат против градење нови патишта, градат куќичка на места каде што треба да поминува патот и на тој начин ја блокираат работата на градежниците.

– Осигурување на стручно мислење. Често се докажува дека во модерното индустриско општество владите не можат да функционираат без специјализираното знаење на одредени интересни групи. Осигурувајќи експертиза и стручна соработка, интересните групи имаат прилика директно да влијаат врз политиката на владата.

Плуралистите сметаат дека интересните групи се неопходен елемент на демократскиот систем од повеќе причини.

Со бирањето на изборите имаме минимална партиципација на членовите на демократското општество во политиката. Класичните плуралисти се убедени дека треба што повеќе луѓе да бидат поактивно вклучени во политиката. Интересните групи им овозможуваат на голем број поединци, кои не се членови на политички партии, да партиципираат во политиката.

Интересните групи се потребни бидејќи и оние кои гласале за владата, не мораат нужно да бидат согласни со сите политички ставови на таа влада. Интересните групи овозможуваат и модификација на политичките партии во одредена мера, за задржување на политичката платформа која ја поддржува поголемиот дел од популацијата.

Особено е важно, и гласачите на партиите кои изгубиле на изборите, да можат во одредена мера да ги изразат своите ставови. Големиот број на групите за притисок и нивното шаренило овозможуваат сите сегменти во општеството да имаат одредено влијание на политичките случувања.

Пред избори, политичката партија, најчесто, накратко ја изложува својата политичка програма. На гласачите им е овозможено да изберат за кој ќе гласаат врз база на изложените изборни програми. Но, изборните програми не ги опфаќаат сите прашања и не ретко избиваат проблеми за прашања што не биле опфатени во програмите.

Интересните групи ѝ нудат можност на јавноста да ги артикулира или објави своите ставови на партијата на избивање нови проблеми. Потоа, интересните групи можат да го мобилизираат вниманието на јавноста во поглед на прашања за кои сметаат дека владата ги занема рува или не им обрнува внимание: како, на пример, случајот со бездомниците, заштита на правата на животните итн.

Според тоа, секој кој смета дека власта занемарува одредени прашања, може да формира група за притисок со желба да го исправи недостатокот во функционирањето на демократскиот систем.

## ПОЛИТИЧКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ ВО ЕВРОПА

На 9 мај 1950 година се роди Европската унија, како визија за постигнување безбедност во општеството во кое војната повеќе никогаш нема да ја уништува Европа.

Европските држави доминираа на меѓународен план до пред Првата светска војна. Во текот на двете светски војни тие се распарчија. Можностите на помалите европски држави беа во сенката на новите светски сили: Соединетите Американски Држави и Советскиот Сојуз. Тие го поставија мерилото за нова меѓународна моќ. Западноевропските држави се надеваа дека ако се обединат политички, ќе вратат голем дел од моќта што ја загубиле како поединечни национални држави. Кај европските национални држави се зацврстуваше сознанието дека се неспособни со сопствени сили да ги совладаат огромните проблеми кои произлегле од Втората светска војна. Еден од двигателите на европското обединување, францускиот политичар Роберт Шуман ќе наведе: „Потребно е секој да



биде проникнат од уверувањето дека ние имаме потреба едни од други, без разлика на положбата и моќта што ја поседуваме. Нашите сопствени можности повеќе не се на ниво на нашите потреби. Тоа е горчлива вистина, но ние немаме право да ја криеме. Не е никакво понижување да се признае таквата промена на состојбите".

Европското движење за обединета Европа се роди на Европскиот конгрес одржан во Хаг во 1948 година. На Конгресот присуствуваа различни национални европски здруженија и познати политичари како Роберт Шуман, Алкид де Гаспари, Пол Анри Спак и Конрад Аденауер.

Европското движење се стремеше кон остварување на следниве цели:

– Европа да стане заедница на мирот (откако одделните национални држави не успеаја да ја спречат Втората светска војна, постоеше надеж дека обединета Европа ќе има поголем успех во градењето на мирот). Покрај тоа обединета Европа ќе може полесно да се заштити од ширењето на комунизмот.

– стекнување ново чувство на заеднички живот;

– слободно движење на луѓето, идеите, информациите, стоките и капиталот;

– економската благосостојба (заедничкиот пазар требаше да ја поттикне трговијата и да овозможи ефикасна економија).

Првата фаза од европската соработка започна со основањето на Организацијата за европска економска соработка формирана 1948 година. Нејзината првична задача беше да ја распредели одобрената помош од Америка, произлезена од Маршаловиот план на европските земји – корисннички.

Значајна институција за интегрирање на Европа е Советот на Европа, установен 1949 година по барање на Европскиот конгрес одржан во Хаг.

Советот на Европа издава соопштенија за јавноста кои се нарекуваат конвенции. Конвенциите претставуваат апели кои ги повикуваат државите – потписнички да го приспособат своето национално законодавство кон содржината на конвенцијата. Таква е, на пример, Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи. Освен земјите-членки нив можат да ги усвојат и други земји.

Советот на Европа има установено и Европски суд за човекови права.

Денешната ЕУ е единствен регион во светот каде што суверени држави ја здружиле својата сувереност до толкав степен и во толку многу области. Здружената сувереност значи дека за многу области од животот земјите членки одлучуваат заеднички.

Европската унија создаде единствена валута (евро) и единствен пазар кој овозможува слободно движење на луѓе, услуги, стоки и капитал. Таа се стреми преку социјален напредок и чесна конкуренција да осигури што е можно повеќе луѓе да уживаат во поволностите на единствениот пазар.

Првиот чекор кон европската интеграција беше направен во 1951 година кога шест земји создадоа заеднички пазар за јаглен и челик. Тогаш се роди малата Европа во која се опфатени шест земји: Франција, Германија, Италија, Белгија, Холандија и Луксембург.

Неколку години подоцна со Римскиот договор од 1957 година беше создадена Европската економска заедница во која економската интеграција на шесте земји се прошири на сите производи. Во 1968 година беа отстранети царините во трговската размена меѓу овие земји.

Првото проширување од шест на девет членки се случи во 1973 година, кога на заедницата и се приклучија Данска, Ирска и Обединетото Кралство. Во 1981 година на Европската економска заедница и се приклучи Грција, а Шпанија и Португалија станаа членки во 1986 година.

Политичката карта на Европа драматично се промени по падот на Берлинскиот ѕид во 1989 година и со обединувањето на Германија. Во декември 1991 година престана да постои Советскиот Сојуз.

Во декември 1991 година во Мастрихт претседателите и премиерите на дванаесетте членки на ЕЕЗ го усвоија Договорот за Европската унија. Значи со тој договор е создадена ЕУ.

Во јануари 1995 година на ЕУ ѝ се придружија три нови членки: Австрија, Финска и Шведска, а од декември 2002 година Европскиот совет направи еден од најважните чекори донесувајќи одлука од 1.5. 2004 година на Унијата да ѝ се приклучат уште 10 нови земји: Полска, Чешка, Унгарија, Словенија, Словачка, Естонија, Летонија, Литванија, Кипар и Малта.

## ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Старата поговорка „заедно сме посилни“ се потврдува како и секогаш, во примерот на денешните Европејци. Силата на Европа извира од нејзината способност обединето да дејствува врз основа на одлуките што ги носат демократските институции – Европскиот парламент, Советот на министри, Европската комисија, Судот за правда и Судот на ревизори. Европската унија не е федерална држава. Земјите-членки на Унијата пренесуваат дел од својот национален суверенитет на заедничките институции кои ги претставуваат не само интересите на одделните земји туку и нивните заеднички интереси.



### *СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА*

Советот на Европската унија е водечкото одлучувачко тело на ЕУ. Претходно беше познат како „Совет на министри“ а кратко се нарекува едноставно „Совет“.

Претседавањето на Советот наизменично го преземаат земјите-членки на ЕУ, на секои шест месеци. На секоја седница на Советот присуствува по еден министер од секоја земја-членка. Кој министер ќе присуствува на седницата зависи од дневниот ред. Советот ги носи одлуките едногласно, со просто мнозинство и со „квалификувано мнозинство“. За важни прашања какви што се давање согласност на Унијата да ѝ се приклучи нова земја, Советот мора да донесе едногласна одлука.

### *ЕВРОПСКИ СОВЕТ*

Европскиот совет ги обединува претседателите и премиерите на сите земји-членки на ЕУ и претседателот на Европската комисија. Европскиот совет се среќава четири пати годишно. Со него претседава претседателот или премиерот на државата што го има тековното претседателство во Советот на Европската унија. Европскиот совет доби надлежност да решава за тешки прашања што министрите (кои се среќаваат во Советот на Европската унија) не успеале да ги решат. Европскиот совет е највисоко тело за утврдување на политиката на ЕУ.

Некои земји-членки би сакале Европскиот совет да прерасне во Влада на Европа и сакаат еден нејзин член да ја претставува Унијата на светската сцена.

## ЕВРОПСКИ ПАРЛАМЕНТ

Европскиот парламент е избрано тело кое ги претставува граѓаните на ЕУ и учествува во законодавниот процес. Од 1979 година пратениците на Европскиот парламент се бираат директно, со општо право на глас, на секои пет години. Парламентот и Советот ја делат законодавната надлежност. Ја споделуваат и одговорноста околу донесувањето на буџетот на ЕУ. Европската комисија предлага нацрт буџет кој потоа го разгледуваат Парламентот и Советот. Постои можност Парламентот да не го одобри буџетот.

## ЕВРОПСКА КОМИСИЈА

Комисијата е една од клучните институции на ЕУ. Земјите-членки ги именуваат комесарите со заедничка согласност, а Парламентот ги одобрува. Од 1 мај 2004 година секоја членка ќе има по еден комесар. Комисијата е политички потполно независна во своето работење. Нејзината задача е да ги претставува интересите на ЕУ како целина, така што не може да следи упатства од владата на која било земја-членка. Како извршна власт на ЕУ, Комисијата ги спроведува одлуките на Советот. Комисијата одговара пред Парламентот и доколку Парламентот и изгласа недоверба, Комисијата мора да поднесе колективна оставка.

## СУДОТ НА ПРАВДА

Судот на правда на Европските заедници со седиште во Луксембург, го сочинуваат по еден судија од секоја членка на ЕУ. Нив ги именуваат владите на земјите-членки со заедничка согласност. Задача на Судот е да осигури почитување на правото на ЕУ и да обезбеди правилно толкување и примена на договорите.

## СУДОТ НА РЕВИЗОРИ

Судот на ревизори основан во 1977 година има по еден член од секоја земја на ЕУ. Судот на ревизори проверува дали пристигнал сиот приход на Европската унија и дали сите расходи биле направени „законски и прописно“ како и дали рационално се раководи со буџетот на ЕУ.

Во Мастрихт, во декември во 1991 година, Европскиот совет ја донесе Повелбата за основните права во која се наведени правата што треба да ги уживаат сите работници во ЕУ: слободно движење, праведни плати, подобри работни услови, социјална заштита, право да формираат здруженија и да преговараат за склучување на колективни договори, право на стручна обука, еднаков третман за жените и мажите, информирање, консултирање и учество на работниците, здравствена заштита и заштита при работа, заштита на децата, постарите лица и лицата со посебни потреби. Во Амстердам, во јуни 1997 година, Повелбата стана составен дел од Договорот и се применува во сите земји-членки.

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Република Македонија уште со прогласување на својата независност во јануари 1991 година, како една од стратешките цели го постави членството на Европската унија. Во 1992 година Европската унија со цел да заземе став кон новоформираните држави од поранешна Југославија, формира арбитражна комисија на чело со претседателот на Францускиот уставен суд Робер Бадинтер. Комисијата требаше да оцени кои од државите произлезени од поранешна СФРЈ ги исполнуваат условите да бидат признати како самостојни држави. Таа заклучи дека Република Македонија ги задоволува сите услови за меѓународно признавање. Меѓутоа, поради спротивставување на Грција Република Македонија да се признае под уставното име, задоцни процесот на меѓународното признавање и воспоставување дипломатски односи со Европската унија. И покрај многубројните преседани кои се направени кон Република Македонија од нејзиното осамостојување до денес, во ниту еден момент не се доведоа во прашање силната желба и определба на нејзините граѓани да ја зацврстат



својата држава силно и да ги изразат аспирациите за нејзино приклучување кон европските трендови и процеси. Да ја истакнеме во овој момент и консензуалната определба на сите политички субјекти за влез на Република Македонија во Европската унија.

Неоспорно е дека процесот на евроинтеграција е долг и макотрпен и дека за негово успешно спроведување неопходно е да се стават на располагање и целосно да се посветат сите човечки, материјални и институционални потенцијали и капацитети. Европската интеграција за нас подразбира огромни промени во сите сфери на општеството како и приспособување на европските стандарди на однесување и живеење. Сепак, треба да истакнеме дека европската интеграција не е само акт на формално исполнување на одредени критериуми или достигнувања на одредено ниво. Пред сѐ, тоа значи промена на менталитетот на населението и прифаќање на новите улоги како Европејци за сите граѓани на нашата држава.

Република Македонија има свој претставник во седиштето на ЕУ во Брисел од 1992 година меѓутоа, целосни депломатски односи се воспоставија во 1995 година кога е отворена мисијата на РМ во ЕУ. Во 1997 година е потпишана Спогодбата за соработка меѓу ЕУ и РМ.

Истата година ЕУ отвори постојано претставништво, односно Канцеларија на Европската комисија во РМ. Таа во март 2000 година беше подигната на ниво на делегација на Европската комисија. Со тоа директно присуство на Унијата во Македонија беше воспоставен поактивен однос меѓу Европската комисија и македонската влада за одржување економска соработка и политички дијалог.

Во февруари 2003 година, РМ ја посети претседателот на Европската комисија, Романо Проди. Тој го потврди ставот на ЕУ дека РМ има перспективи за членство во ЕУ, а во неговото обраќање во Собранието пред пратениците ги повтори заложбите на ЕУ за забрзување на процесот на македонската евроинтеграција.

По ратификацијата од парламентите од сите земји–членки на ЕУ, Спогодбата за стабилизација и асоцијација стапи на сила на 1 април 2004 година. Нешто пред тоа македонскиот парламент усвои декларација за поднесување апликација за членство во ЕУ.

На 22 март 2004 година на свечена церемонија во Даблин, Република Ирска, Владата на РМ поднесе барање за членство во ЕУ. Со тој чин и формално се потврдија досегашните јасни политички определби за членство во ЕУ.

Пред да го заземе својот став Европската комисија испрати прашалник, кој лично го донесе претседателот на Европската комисија, господинот Романо Проди. Идното пристапување на РМ во ЕУ зависи од одговорите на прашалникот, но, и од брзината со која се следи европската политика и се изведуваат други реформи. Интеграцијата на РМ во ЕУ ќе придонесе за политичка и економска сигурност, но и за севкупен просперитет и повисок животен стандард на нашето население.

## ГРАЃАНИНОТ И НЕГОВИТЕ ПРАВА

Ако споредиме два различни државни облицим, како што се монархијата и либералната демократија, ќе забележиме дека и во двата државни облици, луѓето им се покоруваат на законите. Во монархиите зад законот стои волјата на монархот (царот, кралот). Монарсите тврделе дека само тие имаат легитимно право да одлучуваат за државните работи. Како најкарактеристична, во тој поглед ќе ја земеме изјавата која му се припишува на Луј XV, кралот на Франција од осумнасетиот век: „Суверена моќ постои, единствено, во мојата личност. Законодавната моќ неподложна на другите и неделива со другите ми припаѓа мене, а правото и интересот на нацијата нужно се еднакви со моите и лежат единствено во моите раце“. И во либералните демократии луѓето им се покоруваат на државните закони, но тие лично или преку своите избрани претставници во собранието дале согласност за тие закони. Луѓето што ја слушаат власта и немаат влијание врз нејзините одлуки се поданици, додека луѓето кои учествуваат во власта се граѓани.

Идејата за граѓаните како лица со еднакви политички права била практикувана во градот-држава Атина во петиот век пред Христа. Во древна Грција да се биде граѓанин значи да се учествува во јавните работи.

Граѓанството го сочинувале атинските мажи постари од дваесет години. Жените немале никакви политички права. Во управувањето не можеле да учествуваат ниту доселениците. Најбројна група која била исклучена од граѓанството биле робовите. Се проценува дека односот помеѓу робовите и слободните граѓани во Атина се движел во однос 3:2. Одлуките се донесувале на собрание. Учеството во собранието било непосредно. Собранието се состанувало повеќе од 40 пати годишно. За да може успешно да работи, во собранието морало да учес-

твуваат 6000 граѓани. Се одлучувало за законските рамки на јавниот ред, финансиите, проценки за дејствување на војската и морнарицата, склучување на сојузи, објавување на војна и склучување на мир. Се настојувало одлуките да бидат едногласни. Кандидатите за јавни служби се избирале на повеќе начини: непосреден избор, со ждребање или со ротација. Никој не можел на иста служба да биде двапати. Исклучок претставувале местата поврзани со војската. Оние кои добиле јавна служба примале плата. Грчкиот поим за граѓанство (да му се припаѓа на граѓанството значи да се учествува во јавните работи) е единствен во политичката историја. Нема претходници ниту наследници. Англиската револуција (1640-1688), Американската декларација за независност (1776) и Француската револуција (1789) ја најавиле новата ера на политичко размислување. Средиштен проблем на политичко размислување е како да се заштитат оние со кои се владее од секакви видови на угнетување посебно од насилството на државата (власта).

Со појавата на либерално-демократските држави се менува и односот човек – држава. Поединецот добива одредени права и слободи кои државата не само што ги пропишува туку и ги гарантира и заштитува. Човекот станува граѓанин. Уживањето на правата ја прави единката граѓанин, а општеството кое ги овозможува и развива правата е граѓанско општество.

Статусот кој го уживаат лицата кои се полноправни членови на одредено општество се дефинира како граѓанственост. Граѓанственоста значи еднакво правно на сите. Најпознат концепт за граѓанственоста изложил англискиот социолог, професор Томас Маршал.

Граѓанственоста има три компоненти:

- Лични права
- Политички права
- Социјални права

Личните граѓански права се неопходни за индивидуалната слобода и се заштитени од судовите. Политичката граѓанственост го обезбедува правото да се учествува во извршувањето на политичката моќ во заедницата по пат на гласање или преку вршење на политичка функција.

Социјалната граѓанственост содржи право на соодветен животен стандард. Ова право се остварува со социјално заштитните и образовните системи на модерните општества.

Во различните општества се сретнувааат многу различни остварувања на граѓанственоста, како што се активната и пасивната граѓанственост. Активната граѓанственост се изборила за правата преку општествени борби. Пасивната граѓанственост се потпира на правата добиени озгора – од државата.

### ❐ *Прашања и задачи*

1. Зошто правната димензија на сопственоста е дополнета со етичка димензија?
2. Од каде излегува моќта на корпорациите?
3. По кои белези државата како политичка организација се разликува од другите општествени организации.
4. Зошто на демократското општество му се потребни интересни групи?
5. Која е функцијата на политичката култура?
6. Каков е односот човек – држава (Хобс) во либерално – демократската држава?“



# ОПШТЕСТВЕНА ИНТЕРАКЦИЈА

## ПОИМ И ТИПОВИ НА ИНТЕРАКЦИЈА

Секој човек е зависен од другите за да може да задоволи некоја потреба. Секој човек има цели во животот кон кои се стреми да ги оствари; тие можат да бидат јасно дефинирани, но можат да бидат и нејасно артикулирани. Во реализацијата на тие цели човекот е принуден со другите луѓе да воспоставува најразлични врски и односи. Со поимот социјална интеракција се означува реципрочно влијание на поединците или групите посредувано со комуникација. Абрахам Маслов покажува дека потребите се задоволуваат по одреден редослед. Потребите кои се основни за опстанокот мора да бидат на прво место пред другите потреби, потоа следуваат потребите за сигурност и безбедност. Кога овие две нивоа на потреби ќе бидат задоволени, следат потребите за љубов и припадност, и најпосле, потребите од самоактуелизација, како потреба за докажување на нашите способности и талент.

Луѓето насочувајќи го нивното однесување еден кон друг и вклучувајќи ги реакциите на другите луѓе кон нив, тие се доведуваат во ситуација да го разберат однесувањето кон нив, но и сопственото однесување кон другите. Затоа, врската меѓу индивидуите е значајна бидејќи таа е основа на социјалниот ред. Врските можат да бидат најразлични, од активности кои се насочени кон правење на добрини, пожелни нешта до ситуација на конфликтна состојба или доминација. Индивидуата се учи да биде она што е преку играњето улога на други личности, навлегувајќи во очекуваното на тие личности и имитирајќи ги улогита што другите луѓе ги играат.

Социјалната интеракција може да се разбере со користење на четири основни идеи, и тоа: на актерот, акцијата, интеракцијата и односот (врската). Социјален учесник (актер) може да биде личност, група, па дури и организација која може да влезе во интеракција со другите.

Социјалната акција е дејство кое се врши заедно со другите луѓе, или имајќи ги предвид другите луѓе. Интеракцијата се сфаќа како интерперсонална општествена акција. Врската како карактеристика на социјалната интеракција се воспоставува поради зависноста на едните од другите.

Човековите потреби не можат да бидат задоволени сè додека луѓето не влезат во заемно дејство еден со друг. Основата за заемното дејство е размената и реципроцитетот. Размената е процес во кој луѓето даваат и примаат награди на еден меѓусебен задоволувачки начин. Теоријата на размената претпоставува дека луѓето се мотивирани од самоинтерес и содејствуваат еден со друг за да ги задоволат сопствените потреби. Луѓето сметаат и ги мерат можните добивки и загуби што би можеле да ги извлечат од една интеракција. Тие влегуваат во врска само ако очекуваат награда. Луѓето често во своите интеракции го внесуваат очекувањето дека се обврзани да им помогнат, а да не ги повредуваат оние кои ним им помогнале. Оваа норма е наречена норма на реципроцитет. Размената и нормите на реципроцитетот ги поврзуваат луѓето во односи кои ја формираат основата на општествениот ред. Реципроцитетот произлегува од три обврски: да се даде, да се земе и да се возврати.

Размената воспоставува врски на пријателство и создава заемна поврзаност на доминација и субординација. Доминацијата може да се употреби за да се контролираат ретките и вредните работи, но, и за да ги извлече внатрешните награди како ласкање или благодарност од страна на потчинетите. Потчинетите, исто така, може да извлечат награди како што е заштитата од оние кои доминираат со нив.

Постојат следниве типови на интеракција: соработка, конфликт, натпревар.

**Соработка.** Накратко, можеме да ја дефинираме како заедничко однесување кон некоја цел за која има заеднички интерес. Таа може да биде спонтан одговор на состојбата која бара луѓето да дејствуваат заедно, или може да биде базирана врз традиционални обичаи, може да биде диригирана од повисок авторитет, или може да биде заедничка согласност на еднакви партнери. Во некои ситуации соработката може да биде пречка и да ја задуши иницијативата на поединецот со тоа што го принудува да се приспособува на потребите на групата, или да ја минимизира неговата улога кон групниот напор.

**Конфликт.** Конфликтот претставува една од најинтересните појави во истражувањето на социолозите. Накратко, може да се дефинира како акција наменета за уништување, повредување или контрола

врз групата. Тој е форма на интеракција која ги поврзува општествените страни во меѓусебна врска. Во конфликтот секоја страна е свесна за другата, но не како во ситуација на натпревар, каде странките имаат заедничка цел без да бидат свесни за меѓусебното содејство. Тој се појавува во услови на ограничување на нешто. Странките најчесто имаат несогласување околу тоа што би требало да биде општествен ред, и во него не постои согласност околу правилата на интеракцијата.

Конфликтот меѓу групите често ја зголемува внатрешната кохезија во секоја од нив. За време на војна, граѓаните ги зближува чувството на патриотизам и заедничката цел да се победи непријателот.

**Натпревар.** Странките во натпреварот имаат една иста цел и се раководени од заеднички правила кои ги почитуваат. Бидејќи постигнувањето на целите е поврзано со награда (пари, престиж, моќ, внимание) добивката за едни е загуба за други. Но, сите натпреварувачи не го започнуваат натпреварот врз еднаква основа. Во тој случај натпреварувањето може да предизвика ограниченост кај оние кои чувствуваат дека не можат да се натпреваруваат врз еднакви основи со оние кои имаат предност. Поразените често се чувствуваат обесхрабрени, и го губат чувството на самопочитување, што може да доведе до отворен конфкликт.

## СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА

За да опстане една култура, нејзините модели на размислување и дејствување мора да се пренесат од една на друга генерација. Малото дете со пример и со награда и казна се тренира да се приспособи на очекувањата на другите. Социјализацијата започнува од најмалата возраст и продолжува низ животниот циклус. Кога индивидуата ќе влезе во нова група или кога прифаќа нова улога, на пример, ученик кога почнува со работа или стапува во брак таа се подготвува во новите улоги. Примарната социјализација има посебно далекосежни ефекти бидејќи се изведува на физички и ментално беспомошно дете.

Тргнувајќи од значењето на социјализацијата се поставува прашањето: кој го изведува социјализирањето? Во модерните индустриски општества раната социјализација се одвива во нуклеарното семејство кое го сочинуваат таткото, мајката и нивните деца, кои делат исто место на живеење. Порано децата се одгледувале во големи домаќинства кои вклучувале баби и дедовци, родители и деца, да не ги споменуваме чичковците, тетките и нивните деца. Ваквото домаќинство

е познато како семејна задруга. За обликување на детското однесување се употребуваат најразлични методи. Децата учат од примери, имитација или директно се подучуваат. Учат дека за следењето на групните норми следува наградување а кога отстапуваат од предвидените стандарди се изложени на потсмев кој предизвикува срамење.

Во модерните сложени индустриски општества социјализацијата не се остварува преку единствени модели затоа што општеството е составено од разновидни супкултури кои се темелат на различните економски, етнички и религиозни карактеристики. Некои истражувачи на социјализацијата во семејствата од средната класа нагласуваат дека родителите не употребувале телесна казна. Нивните изјави, можеби не се поклопуваат со стварноста.

Во сложените општества институциите играат главна улога во подготвувањето на децата да станат самостојни членови на општеството. Оттука не само родителите туку и родителите сурогати, како беби-ситерките и персоналот од центрите за дневна грижа се главни меѓу чинителите на социјализацијата. Центрите за дневна грижа преовладуваат во последно време бидејќи расте бројот на семејства со еден родител а, исто така, се зголемува и учеството на жените во работната сила. Во центрите за дневна грижа грижењето за детето е платена работа која се извршува со поголема рамнодушност отколку што е вообичаено за односот мајка-дете. Детето не е центар на внимание туку е член на група. И во поранешните големи семејства децата се навикнувале да бидат член на група.

Дали дневната грижа се гледа како делотворна или како штетна зависи од перспективата на гледањето. Според некои моралистички убедувања за малите деца треба да се грижат нивните мајки. Се работи за идеологија според која мајките со мали деца треба да останат дома, не водејќи сметка за реалноста дека многу мајки мораат да работат а други, пак, сами избрале да работат. Оние мајки коишто останале дома можат да организираат групи за играње или, едноставно, да најдат некој да се грижи за нивните деца за да се одморат. Во градинка или забавиште децата се охрабруваат да делат со другите и да се ориентираат кон она што го прават останатите деца.

Социјализацијата потоа продолжува во училиштата. Историски гледано бесплатното јавно образование во западните општества се појавило во периодот на индустријализацијата. Намерата била не само да им се пренесе основната писменост, математичките и општествените способности, туку, исто така, и да им се дадат карактеристики соодветни за индустриската работна сила, како што се: послушност,

чувство за време, уредност и трпеливост за изведување повторливи, рутински задачи. Оттогаш, формалното образование се проширило во времетраење и во содржините на програмата.

Социјализацијата ќе се изведува глатко, кога нема забележливи разлики помеѓу вредностите и обичаите присутни дома и оние кои се кажуваат во училиште. Припадноста на општествената класа може да биде мост но и пречка помеѓу домот и училиштето. Многу аналитичари ги гледаат училиштата како институции на средната класа. Ако навистина е така, следува дека, училиштата ќе се обидуваат да ги наметнат вредностите и моделите на однесување на средната класа кои можат да им бидат непознати на учениците од другите класи. Од ваквите спротивности се поштедени учениците од високата класа кои посетуваат елитни приватни училишта.

Групата на врсници, исто така, е чинител на социјализацијата. Групата на врсници е составена од поединци кои имаат приближно сличен статус и кои имаат склоност да се идентификуваат еден со друг. Оттука, изреката „Ако сакаш да знаеш кој си, прашај кои ти се пријателите“. Во групите на врсници децата поминуваат поголем дел од времето надвор од домот и затоа другите од групата и постарите претставуваат важни модели за преземање на улоги. На пример, ако пријателите на Стефан од осмо одделение се заинтересирани за одбојка Стефан може да го напушти сопствениот интерес за гимнастика и да ја прифати играта на другарите иако претходно многу не ја сакал.

Чарлс Хортон Кули ги нагласува процесите на интеракцијата во основните групи во формирањето на себе. Тој формирањето на себе го гледал како општествен производ. Основните семејни групи дополнети со групите на врсници се првостепени по важност бидејќи детето неговите основни концепции за себе ги формира во нив. Кули ја потенцирал појавата на себенабљудување кое се однесува на себегледањето, кое може да се дефинира како запазување на сопствената личност, врз основа на тоа како таа замислува дека им изгледа на другите. Поединецот се гледа себеси како компетентен или дека работи добро, како вредна личност или неуспешна врз основа на одговорите дадени од други. Се наведува дека многу луѓе кои во детството формирале негативна слика за себе, никогаш целосно не се ослободуваат од неа, дури и кога имаат силни спротивни докази. Масовните медиуми како фактори на социјализацијата продаваат не само продукти туку и начин на живот. Масовната реклама ја олеснува масовната употреба која произведува површна истородност. Целта на масовното рекламирање е да се изедначат вкусовите и да се префабрикуваат стандардите за она што е пожелно.

## ОПШТЕСТВЕНА ДЕВИЈАЦИЈА

Девијантно однесување е секое човечко однесување кое отстапува, односно ги прекршува општествените норми на една заедни-ца и предизвикува општествена реакција на неодобрување. Девијантните луѓе се обележани како „лоши“ нив ги следи стигма. Грчкиот збор stigma (белег на срам) оригинално се однесувал на физички знак кој го означувал „загадениот“ поединец, и ги предупредувал добрите граѓани да избегнуваат близок контакт со личноста. Со исекотини или други знаци биле обележувани избеганите робови, криминалци или предавници како безвредни луѓе. Подоцна, за истата цел се употребувала облеката. На пример, во нацистичка Германија, Евреите означени од носителите на моќта како зли и девијантни, морале да носат големи, жолти Давидови ѕвезди кои ги предупредувале послушните граѓани да не се дружат со нив, или, пак, да не им даваат работа.

Денеска белегот обично се доживува како казна. Се изразува како социјално растојание, недостиг на блискост во општествената интеракција. Социјалното оддалечување предизвикува дискриминација и намалени животни шанси. Обележаните луѓе се оневозможени во натпреварот за моќ, престиж и богатство. Тие наидуваат на потешкотии во извршувањето на важни работи, вработувањето и можат да бидат исклучени од добивањето на почит иако нивните постигнувања во друг случај би ја заслужиле. Некои луѓе им судат за девијантност, додека другите ги почитуваат поради нивните постигнувања; тие никогаш не можат да бидат сигурни каков третман да очекуваат. Обележаните луѓе можат да бидат прифатени во девијантните супкултури. Тука нивното девијантно досие, изглед, однесување или навики се еден вид членска карта. Тука тие можат да најдат алтернативен општествен систем кој ги наградува со почит и поддршка. Професионалните криминалци себеси сакаат да се претставаат како луѓе кои ги искористиле можностите за кои другите луѓе се премногу глупави или премногу се плашат да се обидат. Оние кои се одлучиле за девијантни активности стануваат професионални крадци, потпалувачи, терористи или платени убијци. Професионалните убијци убиствата ги извршуваат како реализација на работата.

Кои се девијантни луѓе? Дали луѓето се раѓаат девијантни или девијантноста ја научиле? Теоријата за криминалниот ум тврди дека процесите за размислување на криминалците се фундаментално различни од оние на другите луѓе. Кога обичните луѓе ќе влезат во аптека,

на пример, тие проценуваат дека веднаш ќе го најдат лекот и колку ќе ги чини. Кога во аптека ќе влезат криминалци тие проценуваат како е заштитена касата и каде се излезите. Тие го прават тоа автоматски иако не планираат во моментот да ја ограбат продавницата. Оваа теорија која личи на теоријата за болест од алкохолизам (алкохоличарот секогаш е алкохоличар) дури и ако тој или таа престане да пие. Била популарна меѓу луѓето кои би сакале да веруваат дека криминалците се родени, а не формирани. Тие мислат дека нема причина да се унапредува општеството или да се губи време да се разберат девијантните луѓе.

Едвин Сатерленд тврдел дека луѓето не се раѓаат девијантни. Тие реагираат како што реагираат бидејќи тие научиле од својата средина дека тоа е нормалниот начин за извршување на работата. Личноста станува девијантна кога околината на која тој или таа е изложен предност му дава на мислењето кое го претпочита нарушувањето на правилата.

Се чини дека идејата дека има два типа на луѓе: „девијантни“ и „недевијантни“ едноставно не може да се прифати при едно објективно гледање на работите. Социологот Хауард Бекер се прашува дали оние кои се дефинирани како девијантни се единствени луѓе кои ја почувствувале желбата да направат девијантен чин. По Бекер, одговорот е не. Сите понекогаш почувствувале потреба да ги прекршат општествените норми. Сигурно е дека еден „чесен попис“ би покажал дека огромно мнозинство од луѓето не само што ги почувствувале импулсите на девијацијата, туку честопати и реагираат според нив. Ако малкумина од нас не украле, тогаш сигурно е дека учествувале во некое забрането и илегално однесување.

Секое општество има сложено уредување од морални правила, религиозни и световни идеологии, законски прописи и непишани правила за пристојно однесување и изглед. Бидејќи девијантното постапување претставува отстапување од нормите што ги воспоставила општествената заедница, треба да се одговори на прашањето дали правилата на групата или на опшптеството ги изразуваат интересите на сите членови еднакво? Потоа, дали сите подеднакво се казнуваат. Не е изненадување дека во најголем број општества членовите кои се најмалку политички моќни, луѓето кои најмалку учествуваат во донесувањето на правилата, се оние кои се казнувани и контролирани. Во училиштата на работните места или во судниците, главно, овие аутсајдери се набркани, парично казнети или затворени.

Многу социолози истакнувааат дека девијантноста е релативна, дека не постои апсолутен начин некој чин да се означи како девијантен. Во Северна Америка личноста која купува стока во еден град, а истата ја продава со повисока цена во друг град се смета за снаодлив претприемач. Ваквите активности ги исполнуваат нормите на капитализмот и ја помагаат работата на капиталистичкиот економски систем. Истото однесување во комунистичка Албанија би било оценето за девијантно затоа што го нарушува планот за распределба на стоките кој ја прави владата. Така во едно општество оние што бараат добивка за себе можат да добијат награди, додека во друго општество можат да бидат изложени на строги казни.

Што ќе биде означено како девијантно се менува одвреме-навреме, од место до место. Во некое одредено општество чинот кој во одредено време се сметал за девијантен во иднина може да биде дефиниран како нормален. На пример, во САД во 1919 година бил донесен Актот Волстуд кој забранил продажба на пијалаци кои содржат повеќе од 0,5% алкохол. По неколку години бил укинат затоа што се покажало дека е неприменлив. Прекршувањето на законот станало забава за обичните граѓани а за гангстерите извор на големи приходи. Тоа бил период кога организираниот криминал најмногу добил. Криминалците обезбедувале пијалаци за богатите и моќните кои за возврат ги заштитувале нивните заработувачки. Девијантноста е одредена со културата, а културите се менуваат со текот на времето и се разликуваат од општество до општество. Во некои периоди во западното општество за девијантно се сметало жените да пушат, да се шминкаат јавно да консумираат алкохолни пијалаци. Денес, состојбата е поинаква. Исто така, и состојбата со дефиницијата за злосторството се менува. Некогаш во Велика Британија хомосексуалноста се сметала за кривично дело. Од 1969 година доброволниот хомосексуален чин на двајца возрасни поединци повеќе не е илегален.

Уште од раните времиња девијантноста ги вознемирувала родителите, свештениците и политичарите. Власта се обидела да ја разбере и да ја контролира. За нејзините причини постојат многу објаснувања но ниту една теорија не може да тврди дека ја открила вистината. Истражувањата покажале дека многу патишта водат кон истото место. Како и сите видови на однесување, така и девијантноста вклучува биолошки, психолошки и социолошки елементи кои се комбинираат на различни начини.

## ВИДОВИ ДЕВИЈАЦИИ

Тоа се групи на девијации кои се најфренквентни и најпотполно обработени во социолошката литература. Тоа се групите девијации: пороци, токсикомании и агресии.

Агресиите и насилствата опфаќаат различни форми на манифестирање. Во овој вид на девијации особено се значајни самоубиствата и обидите за самоубиство и криминалитетот и малолетничкото престапништво.

Самоубиството претставува дејство со кое човекот се усмртува самиот себеси, притоа, пред себе ја има намерата да си го одземе животот, а таа намера за средината е очигледна. Самоубиството е поведение на човек што се вреднува општествено негативно, а што е условено од општествено-економските услови на животот во простор и време, како и облик на реагирање на тие услови на личноста која своите карактеристики и својства ги формира под непосредно влијание на тие услови. Кај самоубиството се познати три поделби: психијатриски, психодинамички и социолошки. Психијатрискиот концепт се базира врз клинички испитувања на лицата кои доаѓаат или се доведуваат на клиниките. Имено, се покажува дека психозите условуваат депресија за самоубиство. Психодинамичкиот концепт, главно, се базира врз теоријата на Фројд за инстинктите. Покрај инстинктот за самоодржување и сексуалност постои уште и „thanatos“ инстинкт за деструкција и смрт што може да биде насочен и спрема себе.

Во објаснувањето на самоубиството, социолошкиот концепт поаѓа од  врската меѓу самоубиството и социјалните фактори, дека тоа е во константна реализација со одредени состојби во социјалната средина. Според Диркем постојат три типови самоубиства, и тоа: егоистичко, алтруистичко и аномично. Егоистичкото самоубиство се извршува тогаш кога личноста не е доволно интегрирана во општеството, и е свртена повеќе кон самата себеси.

Криминалитетот набљудуван во вредносен аспект претставува антисоцијално и негативно однесување, при што се напаѓаат најзначајните добра и вредности во општеството. Друг вид на девијантни однесувања се токсикоманиите кои опфаќаат алкохолизам, наркоманија и др.

Поимот наркоманија е кованица од грчките зборови *„нарко“* – опивање и *„манија“* – што значи беснеење, налудничавост, занесеност. Наркоманијата може да се дефинира како психичка, понекогаш и физичка состојба што настанува со заемно дејство на живиот организам и некој лек што се манифестира во промена на однесувањето и други

реакции што секогаш содржат нагон, тој лек да се зема без прекин или повремено за да се постигне таа психичка состојба или дејство, а понекогаш да се избегнат тегобите како резултат на недостиг на лекови.

Заеднички карактеристики на сите супстанци познати и под името дрога е тоа што кај лицето кое ги употребува создава зависност која се изразува на психички и физички план, односно се јавува потреба повторно да се зема. Земањето дрога создава задоволство кое дејствува врз различни психолошки функции. Наркоманот е лице кое има потреба од дрога, не може да се спротивстави на таа потреба и да се воздржи од земање дрога. При состојба на зависност од дрогата и доколку не се зема редовно, доаѓа до тешка апстиненцијална криза, која е многу непријатна. Наркоманот е несигурна, отуѓена личност, полна со страв, не може да го согледа своето место во општеството и не верува во себе. Промените што настануваат кај личноста на наркоманот врз основа на неговата зависност од дрогата по правило водат кон асоцијално и антисоцијално однесување.

Она што е значајно да се потенцира за наркоманијата како социопатолошка појава е следното: прво, дека кај човекот – наркоман постои несовладлива желба и потреба да продолжи да зема наркотични средства; второ, тенденција кон постојано зголемување на дозата, што доведува до психолошка и, главно, физичка зависност како резултат на фармаколошкото дејство на дрогата; трето, наркоманот предизвикува штетни последици за поединецот и општеството.

Наркоманијата претставува социопатолошка појава чии корени лежат во општествено-економските односи на даденото општество и во карактерот на личноста што се формира, развива и воспитува во одредени социјални услови и она што го носи со себе, при што решавачко значење имаат општествено-економските услови.

Алкохоличар според дефиницијата на Светската здравствена организација е лице кое претерано зема алкохолни пијалаци и чија зависност од алкохол е толку голема што покажува отворени душевни растројства или манифестации кои ги зафаќаат неговото тело и здравје, ги расипуваат неговите односи со другите лица и ја доведуваат во прашање неговата економска благосостојба.

Алкохолизмот претставува општествена појава со социопатолошки карактеристики која се манифестира како зависност од алкохолот како претерано уживање проследено со последици на физички, психолошки и социјален план. Алкохолот предизвикува интелектуално пропаѓање на личноста, душевните процеси се снижуваат, интелегенцијата ја губи јасноста, слабее волјата, се јавува склоност кон криминално однесување и доаѓа до морално пропаѓање.

# ОПШТЕСТВЕНИ ПРОМЕНИ

## ВИДОВИ НА ОПШТЕСТВЕНИ ПРОМЕНИ



Историските записи откриваат голема постојаност во начинот на којшто човечките суштества го организирале својот живот. Но, од друга страна, забележани се и големи и драстични промени во општествениот развој. Оттука, при проучувањето на општествениот живот се земаат предвид двете појави: постојаноста и променливоста.

Кога се зборува за постојаноста како димензија на општеството, не се тврди дека општествата се „скаменети“. Во него се случуваат промени, но, на пониско ниво. На пример, во институциите, во помалите групи, но со тоа не е променет видот на општеството.

Промената на видот на општеството значи преминување од еден во друг вид општество (на пример, од феудално во индустриско). Се менува економската основа на моќта

Економската моќ преминува од земјишната аристократија на индустријалците.

Во зависност од тоа што е променето, се разликуваат следните промени:

– промени на макрониво;
– промени на ниво на институции;
– промени на ниво на малите групи;
– промени на индивидуално ниво (промена на сфаќањата).

За да ги илустрираме промените на индивидуално ниво, ќе ги наведеме промените на институционализираната религија (црквата) и семејството, како институции кои наметнувале одредени правила во начинот на живот.

Во минатото редовното посетување на црквата беше дел од системот на верувања и обичаи, чија намера е, пред сè да се оствари општественоинтегративната функција на религијата. Свештениците им го проповедаа на своите верници правилното морално однесување. Многумина од нив не се воздржувале да ги именуваат претстапниците (грешниците) и да ги осудат нивните постапки, со што вршеле голем притисок врз верниците да се однесуваат во склад со религиозните норми.

Денес, луѓето имаат сè помалку време за посетување на црквата, а моралното однесување е лична одлука.

Сè додека не се појавила потреба од женска работна сила, жените се третирани како „присоединети и споени со нивните мажи“. Позицијата на жената во општеството се градела врз претпоставката дека просперитетот на семејството зависи од напорите на мажот, кој обезбедувал храна за семејството. Учеството на жените во платената работа ја менува нејзината позиција во семејството и во општеството. Во минатото економската дискриминација на жените била законски утврдена. На пример, во Канада до Втората светска војна жените-наставнички биле обврзани да дадат оставка кога ќе се омажат. Исто правило било применувано во компанијата „ИМБ“ сè до средината на 50-тите години. Таква отворена дискриминација во денешно време е исфрлена од законот, но, постои дискриминација во заработувачката.

Просечната заработувачка на жените кои работеле полно работно време во 1982 година, изнесувала приближно 16 000 долари, додека кај мажите изнесувала приближно 25 000 долари. Сепак, учеството на жените во работната сила влијаело и врз други промени во сферата на трудот, како, на пример, зголемен број детски градинки и отворање услуги како што се сервисите за брза храна.

Едно од прашањата со коишто се занимава социологијата е дали може или дали би требало да се промени општествената структура, односно општествената нееднаквост. Социјалниот дарвинизам им дава отпор на промените кои би довеле до намалување на нееднаквостите. Тој разликите меѓу богатите и сиромашните, успешните и неуспешните, моќните и слабите ги оправдува со мислењето дека во борбите за опстанок сиромашните, неуспешните и слабите се помалку приспособени од другите.

# РАЗВИТОКОТ НА ОПШТЕСТВОТО И ОПШТЕСТВЕНИОТ ПРОГРЕС

Старите Грци и Римјаните општеството го набљудувале како жив организам кој расте и се развива, односно континуирано се менува. Тие го поставиле прашањето за потеклото на промените, за фазите низ кои поминува општествениот развиток, за причините на промените и за нивните последици. Според христијанското учење, универзумот е создаден од Бога и се развива во согласност со неговата цел (желба). Истото се случува и со човечкото општество како како дел од светот.

Огист Конт и Херберт Спенсер (1820-1903) имаат оптимистичко објаснување за развитокот на општеството. Конт го набљудувал општеството како се развива со линеарен растеж (еволутивен развој) од теолошка, преку метафизичка до позитивна научна фаза. Сметал дека ако се разберат начините на коишто една фаза произлегува од другата, луѓето ќе можат да влијаат врз општествените промени. За Спенсер општеството е жив организам кој расте, станува сè посложен и самосвесно ги разбира и контролира механизмите на сопствениот живот. Најзначаен механизам на општествениот живот е натпреварот за ресурси, односно опстанокот на најспособните. Спенсер, длабоко верувал и ги убедувал другите, дека ако овој принцип на натпревар се применува неограничено ќе доведе до најдоброто можно општество.

Социолозите мислители на деветнаесетиот век, како што се Карл Маркс и Емил Диркем, му давале историска смисла на развитокот на општеството, дека развитокот води кон прогрес. Диркем верувал дека општеството се одржува преку вредностите кои им се заеднички на сите луѓе и преку обичаите до кои се придржуваат сите. Додека заедништвото во примитивните општества го одржувала религијата, во модерните општества таква улога имала поделбата на работата. Со ширењето на поделбата на работите луѓето сè повеќе стануваат зависни едни од други, бидејќи секому му се потребни предмети и услуги кои ги обезбедуваат другите занимања. Преку поделбата на работата се остварува општествената солидарност, а солидарноста е морална појава. Значи, со поделбата на работата се зголемува хуманоста во општеството.

Маркс го објаснува развитокот на општеството преку материјалистичкото сфаќање. Според неговото мислење, причина за општествените промени не се идеите или вредностите, туку економскиот егоизам на класите.

Прогонуван од економскиот егоизам, човекот ја измислил техниката за да може што повеќе да ја искористува природата.

Стопанската техника, откако ја победила материјалната природа, ќе го победи нашиот животински сегоизам. Разумот е немоќен сè додека зборува со јазикот на морални совети, станува семоќен кога ќе се опредмети во машината. Во стопанската техника, Маркс го наоѓа она правило на општествениот живот кое не успева да го пронајде во човечката душа. Кај луѓето го забележува само нивниот егоизам, човечкото општество го гледал, како Хобс, како војна на сите против сите. Таа општа војна општеството го води во пропаст. Но, за среќа на човекот, ако душата му била себична, умот создал наука и техника кои ќе не извлечат од пропаст. Но, дали стопанската техника сама од себе ги поставува правилата на разумен општествен живот? Искористувањето на машината може да биде разумно, но и неразумно. Затоа таа мора да биде регулирана, мора да биде и подредена на некоја цел.

## ФАКТОРИ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ

Општествените промени се еден од централните промени за кои што се интересира социологијата. Во средината на деветнаесетиот век, два големи брана на промени ја заплиснаа цела Европа. Тие промени се индустријализацијата и ширењето на демократијата и човековите права поттикнати од Американската и Француската револуција. Огист Конт, Херберт Спенсер и Карл Маркс понудиле свои објаснувања за општествените промени.

Во модерниот свет постојано настануваат социјални, политички и културни промени. Затоа Социологијата настојува да ги открие факторите кои влијаат на општествените промени.

- Промените можат да бидат поттикнати од владите по пат на законодавна или извршна акција. На пример: Владата може да предложи закон за утврдување на најниската плата или да објави војна.
- Граѓаните организирани во општествени движења како што се синдикализмот и феминизмот, можат да предизвикаат промени.

Во Данска постои договор меѓу владата, работодавачите и синдикатите за меѓусебните обврски, кога едно претпријатие ќе мора да отпушти дел од вработените, затоа што не може да ја издржи конкуренцијата од други претпријатија кои произведуваат ист производ. Фе-

министичките движења се залагаат за поголема застапеност на жените во владата и парламентот.

● Промени можат да донесат воените освојувања, колонијалните освојувања и миграциите.

Кога Германија, Франција, Велика Британија и другите земји од Западна Европа, бележеа голем економски подем, имаа потреба од дополнителна работна сила која доаѓаше од Турција, арапскиот свет и други земји. Економските мигранти од муслиманскиот свет со себе ја донел и традиционалната култура. За да го задржат својот начин на живот, во европските држави на доселување се прави идејата на мултикултурализам.

● Развитокот на технологијата може да предизвика намерни но и ненамерни последици. Наједноставна дефиниција за технологијата е дека тоа е применета наука. Како што плугот направил драстични промени во средновековното земјоделие, така минијатурните компјутери или „микрочиповите се најважната пеичИна за промените во современото општество. Овој технолошки изум ги опфаќа сите подрачја на животот, од програмирање на машината за перење алишта, банкарски услуги, управување со роботот кој ја презел рутинската работа во фабриката.

Примената на компјутерската техника во роботиката донесе неколку промени. Роботите можат да работат во средини опасни за човекот како што се океанското дно, вселената, нуклеарните и хемиските постројки. Тие ги ослободија луѓето од досадни и еднолични работи кои се изведуваат на фабричките подвижни ленти. Но примената на роботите во автомобилската индустрија донесе и несакани промени. Многу работници ги загубија работните места.

● Некои од најдраматичните општествени промени во модерните времиња беа поттикнати од такви откритија како што се, на пример, моторните возила, антибиотиците, телевизијата и компјутерите.

● Промените можат да бидат предизвикани од влијанијата на надворешните фактори како што се сушата, гладот, земјотресите.

● Самите општествени појави како што се големата невработеност и расниот конфликт можат да ги променат социјалните односи. Невработеноста е фактор кој влијае врз појавувањето на социјалната држава.

Расните конфликти се оневозможени со законодавни промени кои ја забрануваат расната дискриминација. Во некои области на оп-

штественото живеење, како на пример, образованието, добивање на работа, слободата на избор на местото на живеење и други.

● Економскиот конфликт како фактор на општествените промени произлегува од неправедната распределба на општественото богатство. Според Карл Маркс, боорбата меѓу доминантната група и експлоатираната група за поделба на општественото богатство, води кон промени. Бил убеден дека во капитализмот борбата меѓу сопствениците и работниците ќе доведе до подобро бескласно општество.

### ❐ *Прашања и задачи*

1. Која била причината за промена на позицијата на жената во семејството и во општеството?
2. Како поделбата на работата, според Диркем, ќе го хуманизира општеството?
3. Кои се оптимистичките очекувања од примената на компјутерската техника во работата а кои се песимистичките?

# ОПШТЕСТВЕНИ ПРОМЕНИ

| **Докази за Новата индустриска револуција** | |
|---|---|
| Случка | Карактеристики |
| **Првата индустриска револуција(1750-1870)** | Замена на човечкиот труд со механички капитал.<br>Намалена побарувачка за обучени работници.<br>Зголемена побарувачка за необучени работници<br>Клучно откритие: парната машина.<br>Клучен извор: енергија (јаглен)<br>Замена на човечката и животинската енергија со механичка. |
| **Втората индустриска револуција(1870-1970)** | Замена на човечкиот труд со механички капитал(времето на железото итн.)<br>Клучни откритија: откривање на електриката и моторот со внатрешно согорување.<br>Клучни извори: јаглен, хидроелектрани, нафта.<br>Замена на човечката и животинската енергија со механичката. |
| **Третата индустриска револуција(1970-?)** | Замена на човечкиот труд со информатичко предимство.<br>Намалување на побарувачката за обучени работници.<br>Намалување на побарувачката за необучени работници.<br>Намалување на побарувачката за физичко предимство.<br>Намалување на побарувачката за енергетско предимство.<br>Клучно откритие: компјутер што работи на чип.<br>Клучен извор: информатиката. |

## ОСНОВНИ ПОИМИ

**Асимилација** – Процес кога една општествена појава, група или поединец во подолг контакт со друга појава ги губи своите карактеристики, својата посебност и се претопува во неа.

**Автократија** – Политички систем во кој постои самовладеење на една личност (монарх, диктатор, деспот и сл.).

**Авторитаризам** – Општествен однос (состојба)во кој доминира некој општествен или духовен авторитет заснован врз нееднаквост на луѓето и присутен во многу форми на општествениот живот.

**Апсолутизам** – Политички систем во кој целата власт е во рацете на еден човек или орган.

**Анкета** – Методолошка постапка што по пат на писмен прашалник собира определени податоци и информации за кои се интересира испитувачот.

**Адаптација** – Приспособување на поединецот и општествените групи кон општествените норми и вредности како резултат на процесот на социјализација.

**Акултурација** – Еден вид културна промена кој претставува процес на дијалектичка интеракција меѓу културите на две или повеќе општествени групи што од кои било причини доаѓаат во допир.

**Антропологија** – Наука за човекот која во зависност од фундаменталните карактеристики на човекот се дели на физичка (соматска) и социјална антропологија.

**Агресивност** – Тенденција или својство на некоја личност во општеството поведение да напаѓа или повредува друга личност.

**Алкохолизам** – Социјална болест која се јавува како последица од прекумерно консумирање алкохолни пијалаци.

**Аномија** – Состојба на дезорганизација на општеството, отсуство на регулативни функции, кога исчезнува соработката на членовите на општеството, заемната интеракција – како основа на општествениот поредок.

**Анимизам** – Вид религиозна свест која претставува верување дека сите предмети и појави што го опкружуваат човекот имаат свој дух или душа (анима) со свои индивидуални белези.

**Аскетизам** – Начин на живеење или поглед на свет според кој основните вредности на животот, највисокиот дострел на човечкото достоинство е одрекувањето од материјалните добра, животните погодности и телесните уживања.

**Атеизам** – Сфаќање кое го одрекува постоењето на бог затоа што рационално не може да се докаже (безбожност).

**Биологизам** – Еден од поважните и основните правци во социологијата којшто општеството го објаснува со истите законитости кои важат во живата природа.

**Бог** – Во религиите, натприродно, семоќно суштество, кое владее и управува со целиот универзум, творец на светот и животот.

**Божество** – Суштество со својство на бог, со натприродни својства.

**Будизам** – Една од светските религии настаната во шестиот век на новата ера во Северна Индија чијшто основач е Сидарта Гаутама, наречен Буда - „просветен“. Будизмот стана духовна основа на културниот развој на Индија и голем дел од Азија.

**Брак** – Заедница на лица од различен пол заснована врз трајни и општествено регулирани сексуални и други општествени односи и врски.

**Врач** – Главен актер во религиозните обреди, верско лице со харизматски својства и со висока положба и углед во архаичните примитивни општества (во рамките на анимистичките и политеистичките религии). Се занимавал и со практични дејности (лекување и др.)

**Воздржан (одржлив) развој** – Процес на производство на потреби и средства и нивно задоволување чија последица не е уништување или намалување на квалитетот на природните ресурси до граница под која почнува загрозувањето на здравјето, процесот на обновување и опстанок на живиот свет. Тоа е развој кој е во функција на задоволување на потребите на сегашните генерации, без да ги загрозат потребите на идните генерации.

**Власт** – Појава во политичката сфера која означува право на управување, поседување на клучна политичка, правна или економска моќ.

**Гласање** – Изразување на волјата или мислењето на изборите, со давање глас за одреден кандидат или за определување на членови на општествени групи, организации, итн.

**Град** – Тип на населба со развиена поделба на трудот, концентрација на население и низа други општествени и културни одлики.

**Граѓанство** – Збир од припадници на една држава или лица што населуваат определена територија и се носители на определени слободи, права и должности кон општествено-политичката заедница.

**Граѓански права** – Збир на права кои ги афирмирало граѓанското општество. Поимот граѓански права опфаќа лични, политички и економско-социјални права.

**Граѓанско општество** – Општество засновано врз приватната сопственост над средствата за производство и врз правна еднаквост.

**Гентилно уредување** – Облик на општествена организација што се заснова врз крвно-роднички односи а кој е карактеристичен за варварскиот период во историјата на човештвото.

**Граѓански права** – Збир на права кои ги афирмирало граѓанското општество. Поимот граѓански права опфаќа лични, политички и економско-социјални права.

**Групна свест** – Колективен ум или дух, којшто постои независно од индивидуите кои се членови на групата, кој доминира во нивното однесување.

**Господ** – Врховен и единствен бог во христијанската религија, битие кое поседува натприроден и натчовечки карактер.

**Догматика** – Црковна теорија на верските учења како вистини во кои човекот не смее да се сомнева, без оглед на тоа што тие му противречат на искуството и логичкото мислење.

**Душа** – Според верските и другите верувања дел од човекот кој не е од материјален, туку од чисто духовен карактер.

**Демагогија** – Метод на манипулирање и заведување на народни, маси, членства на политички организации или потесни групи од страна на водачи, лидери, раководители на партии и сл.

**Демократија** – Власт на народот. Еднаквост и право на секој граѓанин да учествува во одлучувањето за јавните и државните работи.

**Демографија** – Наука што се занимава со проучување на населението, со проблемите на движењето на населението и промените на неговата структура, природниот прираст (наталитетот, морталитетот) во врска со животните услови и економско-општественото уредување.

**Демографска транзиција** – 1. Теорија на демографските промени на населението според која врз овие промени во голема мера влијаат општествените и економските фактори. 2. Појава на пораст на населението кога под влијание на процесот на индустријализација и подобрувањето на здравствените услови доаѓа до опаѓање на стапката на смртност и наталитетот останува висок.

**Девијантно поведение** – Постапување коешто дејствува разорно врз општествената кохезија. Како девијантно се смета секое поведение кое претставува отстапување од нормите установени од општествената заедница и кое повлекува општествена реакција.

**Деликвенција** – Свесно и сакано поведение коешто е спротивно на општествените правила. Се разликуваат различни видови деликвенција според добрата што се штитат: имотот, физичкиот интегритет на личноста, државното уредување, моралот и сл.

**Држава** – Основен и најважен облик на политичко организирање на општеството.

**Дефиниција** – Определување на поим со што се искажува неговата суштина, обем и содржина.

**Еволуција** – Постепени, долготрајни, квантитативни промени во човечкото општество кои ги менуваат материјалните и други услови на животот на луѓето.

**Етничка група** – Група чиишто членови ги поврзуваат чувства на заедничка припадност, територија, верување во заедничко потекло, единствен јазик, економски врски, религија, традиција, обичаи, култура.

**Етничка идентификација** – Свест за себе како припадник на одредена етничка група, изразена преку поседување одредени симболи, знаци.

**Етнос** – Група, израсната во услови на релативна изолација и сегрегација, кај која поврзувањето и идентификацијата се остваруваат врз база на врските и особините на расата и на националноста.

**Етноцентризам** – Став, проникнат со емоционалност и предрасуди, дека сопствената група, раса, општество е супериорно по своите расни и културни особини во однос на другите.

**Егзогамија** – Правило за регулирање на брачните односи кое налага брачниот другар да се избира надвор од сопствената потесна или поширока заедница.

**Егалитаризам** – Доктрина која се залага за еднаков правен статус и политички и економски права на сите граѓани. Во различни варијанти се јавува во целиот тек на општествената историја.

**Емпириска социологија** – Сфаќање на социологијата како општествена наука која ги добива релевантните научни сознанија за врските помеѓу појавите и нивните карактеристики по пат на сетилно човеково искуство и опишување на добиените резултати.

**Емпириски метод** – Систематски начин на прибирање податоци за појавите, нивните карактеристики, заемни односи, базиран врз човечкото сетилно искуство.

**Елита** – Во социологијата: припадниците на повисоките општествени слоеви кои имаат водечка позиција во политичката, економската, воената и др. организација на општеството, без оглед на тоа какви се нивните индивидуални способности.

**Етничка сегрегација** – Процес на групирање на припадниците на една етничка група во одделни делови од градот.

**Интегритет** – Пред сè, се однесува на човекчката личност како единство на различни компоненти (и моралната) поради што интегритетот на личноста претставува највисока вредност на многу општествени идеологии.

**Интеракција** – Меѓусебно дејствување и однесување меѓу поединци или групи во општеството.

**Индустријализација** – Процес на воведување на машинско производство, наместо рачното производство, како резултат од развојот на производните сили, а подоцна добива доминантна улога во целокупното

производство, а како последици на низа промени во сите области на општествениот живот.

**Индустриско општество** – Општество во кое индустрискиот начин на производство и на најзначајни економски и општествени карактеристики, производството на материјални добра и услуги е организирано на „индустриски начин“, се практикува масовна потрошувачка и присутна е развиена поделба на трудот.

**Изборен систем** – Збир на начела, гаранции и технички дејства врз основа на кои се утврдува учеството на граѓаните или на избирачите во изборот на нивните претставници во претставнички тела.

**Јавно мислење (мнение**) – Мислење (став) на една општествена група или глобална општествена заедница, мислење кое се формира по повод појави и прашања од интерес на општествените групи или општеството во целина.

**Јавност** – Група граѓани кои релативно трајно учествуваат во општествениот и политичкиот живот на едно општество, а својот активен однос го изразуваат преку своите политички ставови.

**Контакултура** – Современо (неформално и неинституционализирано) културно движење во широки размери, или нов културен модел, чиишто најжестоки и најверни приврзаници се младите.

**Култ** – 1. Неформална, неинституционализирана верска група (заедница). 2. Религиозен обред или облик на религија поврзан со обожавање на некој предмет. 3. Обожавање, фетишизирање на некоја личност или предмет во секуларизираните општества (феномен врзан за поново време, особено култот на личноста).

**Конфликт** – Општествена појава во која доаѓа до судир на некои интереси, идеи или сфаќања.

**Контрола на раѓање** – Примена на средства и методи кои се насочени кон намалување, односно ограничување на фертилитетот.

**Контрацепција** – Форма на контрола на раѓање која опфаќа повеќе мерки кои дејствуваат за спречување на зачнувањето.

**Криминал** – Појави или постапки кои претставуваат кршење на правните норми (пред сè, од Кривичниот закон) со кои се заштитени основните општествени вредности и интереси.

**Криминологија** – Наука која го изучува криминалот како општествена и индивидуална појава, која ги истражува социјалните причини за неговото настанување и ги утврдува законитостите на неговото движење.

**Легитимитет** – Терминот најчесто се употребува за означување на позитивниот одобрувачки однос (став) на јавното мислење кон носителите на власта.

**Либерализам** – По своето општо и почетно значење - идеологија на младата буржоазија која во борбата со конзервативниот феудализам

се бореше за слобода (без мешање на државата) на стекнување на капиталот, неговата експанзија и циркулација, слободен пазар итн.

**Лични слободи и права** – Сферата за заштита на физичкиот и личниот интегритет на единката како човечко суштество (право на живот, слобода на личноста, право на приватен живот, слобода на движење и на стекнување, неповредливост на станот, тајност на писмо итн.)

**Макијавелизам** – Доктрина што произлегува од теоријата на Николо Макијавели (1469-1527 год.), ренесансен мислител. Основната идеја е дека политиката е одвоена од моралот и дека политичките цели се постигнуваат без разлика на моралноста на средствата (целта ги оправдува средствата). Основен фактор во политиката е силата.

**Маргинална група** – Општествена група која се наоѓа на периферијата на општествената заедница и општествениот живот и нема, речиси, никакво влијание врз општествените процеси.

**Моќ** – Способност на поединец или група да влијае врз некои аспекти на општествениот живот.

**Масовно општество** – Според некои социолошки теории современото индустриско, урбанизирано и релативно интегрирано општество е масовно затоа што масата учествува во сите сфери.

**Масовна култура** – Посебен вид структура (некои теоретичари ја нарекуваат култура на масовното општество) карактеристичен за современото општество.

**Мегалополис** – Големи и сложени урбани целини, наречени уште и регионални градови, настанати во процесот на експанзија на градските населби (особено во почетокот на дваесетиот век) и присоединување на помалите населби кон овие центри, меѓу себе поврзани со современи комуникациски средства и инфраструктурни објекти.

**Миграција** – Процес, движење на населението (поединци и групи)во географскиот простор на една или повеќе земји (меѓународна миграција) поради разни социјални (економски, политички, културни и др.) причини. Миграцијата ја сочинуваат две поврзани појави: емиграција-иселување од изворната средина и имиграција-вселување во нова средина.

**Меритократија** – Современ општествен слој поставен на највисоките скалила од општествената хиерархија; поседува моќ да владее, пред сѐ, како резултат на знаењата, залагањата и вистинските заслуги на неговите припадници.

**Мотивација** – Општ термин со кој се означува динамиката на процесот на внатрешната условеност на поведението на човекот.

**Матријархат** – Општествени и семејни односи во првобитното општество во кое припадноста на единката кон родот се смета по мајката затоа што преовладува групниот брак.

**Морталитет** – Стапка на смртност на населението што се пресметува како однос на бројот на умрените лица во еден временски период и бројноста на определена популација.

**Народ** – Општествена група што настанува врз база на обединување на етнички сродни племиња и племенски групации на определена територија, а се карактеризира уште со заедништво на јазикот, традициите и културата.

**Нација** – Специфична историски настаната општествено-економска, културна и политичка заедница која се јавува како резултат на општествената поделба на трудот во епохата на капитализмот на компактна територија, а врз заедничка етничка основа, со заеднички јазик, минато, традиции и обичаи.

**Национализам** – Политичка идеологија првенствено заснована врз тесни интереси на една нација, а која има за цел да ги зацврстува и да ги развива тие интереси.

**Наталитет** – Стапка на пораст на населението во рамките на одредена популација или на човештвото воопшто, во определен временски период (годишен, дневен, децениски).

**Норма** – Определен принцип што служи како општоприфатено или пропишано правило, модел или стандард за дејствувањето и однесувањето на луѓето во општеството.

**Населба** – Секој траен или сезонски облик на човечка населеност на изграден и поврзан простор, без оглед на бројот на жителите.

**Насилство** – Употреба на физичка или друг вид сила за да се изнуди определено однесување на луѓето спротивно на нивната волја.

**Неформални групи** – Примарни општествени групи, често од привремен карактер, без формална организација, кои настануваат и функционираат без, однапред, строго пропишани правила.

**Обичај** – Општествена норма настаната со долго и стихиско повторување на некое поведение.

**Олигархија** – Недемократски политички систем во кој владеат и управуваат релативно мал број луѓе (мала група луѓе). Со овој термин се означува и групата луѓе што управува недемократски во политичкиот систем.

**Општествена нееднаквост** – Состојба на постоење на општествени односи во која едни на директен и релативно стабилен начин се фаворизирани и привилегирани а други, исто така, на заштитен и релативно стабилен начин депривилегирани.

**Општествена структура** – Основните елементи од кои е составено општеството. Таа ги покажува суштинските карактеристики и законитости на постоењето и развојот на општеството.

**Општествена положба** – Збир на сите односи, врски и општествени улоги на еден општествен субјект што се мери вертикално на општествената скала. Општествениот статус-положба се определува со многу фактори (материјални, професионални, итн.).

**Општествена моќ** – Способност и можност да се влијае врз општествениот живот, врз неговите сегменти, поединци или групи, заснована врз имот, богатство, политичка моќ, професија итн.

**Општествена подвижност** – Вертикално и хоризонтално движење на поединци и општествени групи по скалата на општествената структура, како резултат од нејзината отвореност.

**Општествена слоевитост** – Поим кој во рамките на теоријата на социјалната стратификација се употребува за да означи постоење на различни општествени слоеви во рамките на т.н. општествен простор.

**Околина на човекот** – Целина на надворешни фактори кои условуваат или влијаат врз човековиот живот. Околината е вкупност на системи со кои човекот е поврзан низ *оутпут* или *инпут*, низ постојана промена на „материјалот" меѓу човекот и природата.

**Отворено општество** – Општество кое е мобилно, со чести комуникации, со чести промени, во него постои слобода на движење и во политичкиот систем владеат демократски институции.

**Парламент** – Највисоко претставничко тело во државата и израз на народниот суверенитет кое ги врши најважните државни функции (законодавните и извршните).

**Партија** – Општествена група составена од луѓе кои имаат исто мислење, посебно во политичка смисла, кои се здружуваат заради освојување на власта или влијание врз неа.

**Постојано население** – Сите луѓе на едно подрачје кои имаат постојано место на живеење без разлика на тоа дали во моментот на пописот се присутни или не.

**Политика** – Свесна и организирана дејност насочена кон водење на заедничките општествени работи на државата, или на некој посебен дел, област или сл.

**Политички права** – Права кои на граѓаните од една држава им овозможуваат да учествуваат во политичкиот живот на земјата како што се избирачкото право, слободата на здружување, слободата на зборот и сл.

**Популизам** – Политички движења кои се засноваат врз наводната волја на народот и кои обично се спротивставуваат на институционалниот облик на политичкиот живот.

**Тоталитаризам** – Терминот најчесто се врзува со значење на „тоталитарна држава“, или „тоталитарно општество“. Притоа се мисли на општество во кое државата ги регулира сите области на општествениот живот.

**Патријархално семејство** – Семејство во кое мажот се наоѓа на негово чело и во кое семејната лоза се смета според мажот.

**Патријархат** – Период во кој водечката улога во човечката заедница им припаѓа на мажите.

**Полигамија** – Појава во која поединецот се наоѓа истовремено во брачна, односно полова заедница со повеќе партнери од спротивен пол, без оглед дали се повеќе мажи или жени.

**Патологија** – Општествена наука која се занимава со проучување на сите видови општествени растројства (социјални болести, девијантно однесување и општествени дезорганизации).

**Потрошувачко општество** – Ориентација на населението за зголемена потрошувачка на потрошни и инструментални вредности, следено со интензивирање на задоволството и уживањето.

**Проституција** – Социопатолошка појава, каде што, најчесто жената го продава своето тело за вршење полови односи во вид на занает, при што отсуствува емотивниот фактор.

**Племе** – Глобална општествена група во облик на општествено организирање на првобитното општество, посебно во епохата на варварството.

**Раса** – Заедница од луѓе со заеднички морфолошки особини, а настанати со текот на еволуцијата на човекот како приспособување кон животните услови во одредени географски средини.

**Расизам** – Псевдонаучна општествено-политичка теорија која расите вредносно ги дефинира на инфериорни и супериорни.

**Развод на брак** – Постапка со која бракот се прогласува за неважечки. Бракот се разведува ако двајцата партнери уште се живи.

**Родоскврнавење** – Полов однос со крвен сродник. Како забрана е познато уште во првобитното општество.

**Род** – Глобална општествена група во првобитното општество, составена од роднини кои потекнуваат од некој заеднички предок.

**Ритуал** – 1. Збир на обреди што институционализираните религии ги пропишуваат за вршење на одделни верски церемонии. 2. Во поширока смисла-синоним за церемонијал.

**Социологија на образованието** – Посебна социолошка дисциплина која се занимава со изучувањето на пошироката општествено-историска и културна условеност на процесите на социјализација, воспитание и образование.

**Соседство** – Просторно-социјална единица на домување, односно примарен социјален однос во кој луѓето стапуваат како поради просторната близина на нивните куќи, така и поради потребата од социјални контакти условени од постоењето на заеднички интереси, потреби и проблеми.

**Социјална сегрегација** – Процес на одвојување на населението во однос на социјалните белези.

**Слободно време** – Време кое е ослободено од секоја обврска во кое личноста се ослободува да се изрази по сопствен избор а ако поседува способности и средства за да се развива.

**Социјална хетерогеност** – Постоење на мегусебно различни и противречни цели и интереси на социјалните групи и институции во рамките на социјалниот систем

**Социјална хармонија** – Состојба на социјалниот систем кога сите негови делови се наоѓаат на доволно висок степен на внатрешна конзистенција и неконфликтност.

**Слам** – Густо населен дел од градот во кој куќите се во многу лоша состојба што резултира со физичко, социјално и психичко негативно влијание врз здравјето, однесувањето и чувството на своите жители.

**Средни слоеви** – Општествени групи што се јавуваат во сите општества со развиена поделба на трудот, а не им припаѓаат на основните класи на дадениот начин на производство.

**Стратификација** – Слоевитост на општествените појави(стратум значи слој), што значи дека постојат нехомогени, диференцирани општествени структури.

**Сродство** – Назив за крвна врска меѓу луѓето или за врска што настанува врз основа на правни акти - сродство врз основа на адопција (меѓу усвоителот и усвоеникот и неговите потомци) и тезбинско сродство (меѓу едниот брачен другар и роднините на другиот брачен другар).

**Сталеж** – Затворени општествени групи, правно определени, карактеристични за феудалното општество. Се одликуваат со правна привилегираност, наследност на сталешките права, хиерархиска надреденост и подреденост, сталешка затвореност и сталешки титули.

**Социолошка теорија** – Систем на научни за општеството или негови поединечни делови чијашто вистинитост, односно совпаѓање со општествената реалност може емпириски да се потврди.

**Социјална болест** – Органски или ментални заболувања за чие постоење одлучувачко влијание имаат социоекономските услови за живот на поединците и општествените групи (туберкулоза, заразни болести, алкохолизам, наркоманија и сл.).

**Социјална контрола** – Систематско следење на однесувањето на поединците и функционирањето на општествените институции со цел пре-

земање превентивни, корективни и казнени мерки против прекршителите на општествените норми.

**Социјална патологија** – Наука која се занимава со изучување на сите растројства и болести, како на поединците така и на цели општествени групи.

**Стигма** – Погрден атрибут наметнат на некој поединец или група, најчесто како последица од стереотипите што постојат за одредено однесување карактеристично за тој поединец или група.

**Табу** – Однос спрема одредени предмети, лица, места или односи, изграден врз ирационално засновано верување дека допирањето, повредувањето или едноставното свесно и рационално актуализирање на истите донесува несреќа и зло за поединецот и заедницата.

**Труд** – Целесообразна и универзална човечка дејност, посредник помеѓу човекот и природата.

**Урбанизација** – Процес на претворање на селските населби во градови.

**Харизма** – Особина на некоја личност, врз основа на која таа важи за вонредно надарена, со натприродни или натчовечки сили или својства.

**Хиерархија** – Во организираните општествени групи скала за членови според важноста во вршењето на општествените функции; вкупност на положбите (чинови, именувања) во една организација, распоредени вертикално по принципот на подреденост на пониските кон повисоките.

**Човечки ресурси** – Се подразбира силата, стручноста, талентот и знаењето на луѓето.

**Шовинизам** – Краен облик на национализам кој се одликува со национална исклучителност, со став за супериорност на својата нација над другите нации.



# СОДРЖИНА


***Предговор*** .......... 3

**ПОИМ И РАЗВОЈ НА СОЦИОЛОГИЈАТА** .......... 5

ПРЕТХОДНИЦИ НА СОЦИОЛОГИЈАТА .......... 5
ПОЈАВА НА СОЦИОЛОГИЈАТА КАКО НАУКА .......... 10
ПРЕДМЕТ НА СОЦИОЛОГИЈАТА, МЕТОДИ И ТЕХНИКИ .......... 16
ОДНОСОТ НА СОЦИОЛОГИЈАТА И ДРУГИТЕ НАУКИ .......... 18
*СОЦИОЛОГИЈАТА И ИСТОРИЈАТА .......... 18*
*СОЦИОЛОГИЈА И ПСИХОЛОГИЈА .......... 19*
*СОЦИОЛОГИЈАТА И ЕКОНОМИЈАТА .......... 19*

**НАСТАНОКОТ НА ЧОВЕКОТ, ОПШТЕСТВОТО И КУЛТУРАТА** .......... 21

ЧОВЕКОТ И ОПШТЕСТВОТО .......... 21
КОНСТИТУТИВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА ОПШТЕСТВОТО .......... 23
КУЛТУРА .......... 26
ЈАЗИКОТ КАКО СОСТАВЕН ДЕЛ НА КУЛТУРАТА .......... 30
КУЛТУРНИ СЛИЧНОСТИ И КУЛТУРНИ РАЗЛИКИ .......... 32
ПОТКУЛТУРАТА И КОНТРАКУЛТУРАТА .......... 34
МАСОВНА КУЛТУРА .......... 36
ВРЕДНОСТИ, НОРМИ И ОБИЧАИ .......... 39
*ВРЕДНОСТИ* .......... 39
*НОРМИ* .......... 41
ОБИЧАИ И МОРАЛ .......... 41
*МОРАЛ* .......... 43
ЗАКОНИ .......... 44
РЕЛИГИЈА .......... 47
*ПОЈМОВНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РЕЛИГИЈАТА* .......... 47
ФУНКЦИИ НА РЕЛИГИЈАТА .......... 49
*ЕТИЧКА ФУНКЦИЈА НА РЕЛИГИЈАТА* .......... 50
*ПСИХОЛОШКО-ЕМОЦИОНАЛНАТА ФУНКЦИЈА НА РЕЛИГИЈАТА* .......... 51
РЕЛИГИСКАТА ТОЛЕРАНЦИЈА ВО Р. МАКЕДОНИЈА .......... 53

**ОПШТЕСТВЕНА СТРУКТУРА** .......... 57

ПОИМ И ЕЛЕМЕНТИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА СТРУКТУРА .......... 57
ФАКТОРИ КОИ ЈА ОПРЕДЕЛУВААТ ОПШТЕСТВЕНАТА СТРУКТУРА .......... 58
ОПШТА СТРУКТУРА НА ОПШТЕСТВОТО .......... 59
ОПШТЕСТВЕНА УЛОГА И ОПШТЕСТВЕНА ПОЛОЖБА (СТАТУС) .......... 61
ОПШТЕСТВЕНА МОЌ .......... 63

**ОСНОВНИ ГРУПИ ВО ОПШТЕСТВОТО** .......... 65

ПОИМ И ПОДЕЛБА НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ГРУПИ .......... 65
НАРОД, НАЦИЈА, НАЦИОНАЛИЗАМ .......... 68
ЕТНИЧКИ ПРЕДРАСУДИ И СУДИРИ .......... 69

МАКЕДОНСКАТА НАЦИЈА И ЕТНИЧКИТЕ ГРУПИ
ВО МАКЕДОНИЈА ........ 72
НАЦИОНАЛИЗМОТ И РЕЛИГИСКИОТ ИДЕНТИТЕТ
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 75
*СЕМЕЈСТВО ........ 76*
*СОЦИЈАЛНА ДИФЕРЕНЦИЈА ........ 78*
КАСТИ И СТАЛЕЖИ ........ 80
КЛАСНИ ОПШТЕСТВА ........ 82
ОПШТЕСТВЕНА СТРАТИФИКАЦИЈА ........ 85
ОПШТЕСТВЕНА ПОДВИЖНОСТ ........ 87
ПРОФЕСИИ ........ 89
**ОПШТЕСТВЕНИ ИНСТИТУЦИИ** ........ 92
ПОИМ И ВИДОВИ ИНСТИТУЦИИ ........ 92
ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУЦИИ ........ 93
СОПСТВЕНОСТА КАКО ЕКОНОМСКА ИНСТИТУЦИЈА ........ 95
ПОЛИТИЧКИ ИНСТИТУЦИИ ........ 96
ДРЖАВЕН ПОРЕДОК ........ 98
ПОЛИТИЧКИТЕ СИСТЕМИ И МОДЕРНИТЕ НАЦИИ – ДРЖАВИ ........ 100
ДРЖАВНИОТ ПОРЕДОК И ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ
НА МАКЕДОНИЈА ........ 101
ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ ........ 103
ИНТЕРСНИ ГРУПИ И ГРУПИ ЗА ПРИТИСОК ........ 105
ПОЛИТИЧКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ ВО ЕВРОПА ........ 107
ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ........ 110
*СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА* ........ 110
*ЕВРОПСКИ СОВЕТ* ........ 110
*ЕВРОПСКИ ПАРЛАМЕНТ* ........ 111
*ЕВРОПСКА КОМИСИЈА* ........ 111
*СУДОТ НА ПРАВДА* ........ 111
*СУДОТ НА РЕВИЗОРИ* ........ 111
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА УНИЈА ........ 112
ГРАЃАНИНОТ И НЕГОВИТЕ ПРАВА ........ 114
**ОПШТЕСТВЕНА ИНТЕРАКЦИЈА** ........ 117
ПОИМ И ТИПОВИ НА ИНТЕРАКЦИЈА ........ 117
СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА ........ 119
ОПШТЕСТВЕНА ДЕВИЈАЦИЈА ........ 122
ВИДОВИ ДЕВИЈАЦИИ ........ 125
**ОПШТЕСТВЕНИ ПРОМЕНИ** ........ 127
ВИДОВИ НА ОПШТЕСТВЕНИ ПРОМЕНИ ........ 127
РАЗВИТОКОТ НА ОПШТЕСТВОТО
И ОПШТЕСТВЕНИОТ ПРОГРЕС ........ 129
ФАКТОРИ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ........ 130
*ОПШТЕСТВЕНИ ПРОМЕНИ ........ 133*
*ОСНОВНИ ПОИМИ* ........ 134